| 1.1.1. Согледување на состојбата во училниците и училишните простории со нагледни средства, техничка опрема и изработка на листа за приоритетни набавки на дидиактички помагала | Изработка на приоритетна листа и план за набавка на наставни средства и техничка опрема | Стручна служба, Наставници Директор, Домаќин | Извештаи, компјутер, Хартија принтер | Во текот на учебната 2025/2026 година |

**Развојна цел 1.2.** Правење на споредбени анализи на успехот на учениците на крајот од учебната година со полугодишната и анализа за изминатите три години во која насока се движи напредокот на учениците по паралелки, како и следење на успехот на учениците при премин од едно во друго образовно ниво.

**Конкретна цел 1.2.1.** Правење на споредбени анализи на успехот на учениците од крајот на учебната година со полугодишниот извештај.

**Конкретна цел 1.2.2.** Следење на успехот на учениците при премин од едно во друго образовно ниво.

| **Конкретни цели** | **Активности** | **Носители** | **Ресурси** | **Временска рамка** |
|---|---|---|---|---|
| 1.2.1. Правење на споредбени анализи на успехот на учениците од крајот на учебната година со полугодишниот извештај | Анализа на успехот на учениците од крајот на учебната година со успехот на полугодие; | Стручна служба, наставници | Полугодишни и годишни извештаи, хартија, принтер | Учебна 2025/26 година |
| 1.2.2.Следење на успехот на учениците при премин од едно во друго образовно ниво | Воспоставување контакт со средните училишта; средување на добиени податоци | Стручна служба | Наставни планови, хартија, | Учебна 2025/26 година |

**Развојна цел 1.3.** Воспоставување на повисока соработка на Инклузивниот тим за инклузивно образование кој ќе помогне во работата со учениците со посебни образовни потреби.
**Конкретна цел 1.3.1.** Континуирана соработка со инклузивниот тим.
**Конкретна цел 1.3.2.** Соработка со дефектолог и консултации со стручни лица.

| Конкретни цели | Активности (дејствија) | Носители | Ресурси | Временска рамка |
|---|---|---|---|---|
| 1.3.1. Континуирана соработка со инклузивниот тим | Формирање на Тим за инклузивно образование кој ќе помогне во работата со наставниицте, асистентите и родителите. | Стручна служба, Инклузивен тим | | Во текот на учебната 2025/2026 година |
| 1.3.2. Соработка со дефектолог и консултации со стручни лица | Континуирана помош на наставниците во работата со учениците со атипичен развој | Дефектолог Стручна служба, Инклузивен тим наставници, родители | | |

**Развојна цел 1.4.** Вклучување на учениците и училишниот парламент при креирање на наставни, воннаставни и слободни активности

**Конкретна цел 1.4.1.** Активно учество на учениците во креирање на образовните активности во училиштето

| Конкретни цели | Активности (дејствија) | Носители | Ресурси | Временска рамка |
|---|---|---|---|---|
| 1.4.1. Активно учество на учениците во креирање на образовните активности во училиштето | Изработка на програма во која ќе бидат ставени значајни датуми и активности кои можат да ги реалзираат и директно да учествуваат во нивна реализација | Училишен парламент, Училишна заедница, Стручна служба, наставници | Полугодишни извештаи, годишни извештаи, хартија, принтер | Во текот на учебната 2025/2026 година |

**Развојна цел 1.5.** Формирање на тимови за работа со надарени и талентирани ученици и ученици со слаби постигања кои ќе помогнат во работата со овие категории на ученици

**Конкретна цел 1.5.1** Формирање на тим за препознавање на надарени и талентирани ученици

**Конкретна цел 1.5.2.** Изработка на мерни инструменти или некој друг модел со наведени индикатори за утврдување на видот на надареноста односно талентираноста на учениците

**Конкретна цел 1.5.3.** Развивање на систем за наградување на надарени и талентирани ученици

**Конкретна цел 1.5.4.** Изработка на програма за работа со надарени и талентирани ученици

**Конкретна цел 1.5.5.** Развивање на систем за идентификација и следење на учениците со потешкотии во учењето

**Конкретна цел 1.5.6.** Обука за работа со ученици со потешкотии во совладување на наставните стандарди и содржини

| Конкретни цели | Активности (дејствија) | Носители | Ресурси | Временска рамка |
|---|---|---|---|---|
| 1.5.1. Формирање на тим за препознавање на надарени и талентирани ученици; | Формирање на Тим за работа со надарени и талентирани ученици, кој ќе помогне во работата со надарени и талентирани ученици. | Стручна служба, наставници | Стручна литература. хартија, принтер | Во текот на учебната 2025/2026 година |
| 1.5.2.Изработка на мерни инструменти или некој друг модел со наведени индикатори за утврдување на видот на надареноста односно талентираноста на учениците | Користење на стручна литература; Изработка на инструменти/ индикатори; Употреба на инструментите/ индикаторите во пракса | Стручна служба, наставници Тим за работа со надарени и талентиран и ученици | Стручна литература. хартија, принтер | |

| Приоритетно подрачје на промени | 2. Професионален развој на наставниците, стручните соработници и на раководниот кадар |
|---|---|

**Развојна цел: 2.1.** Изработка на План и Програма за професионален развој на наставниците, со која би се идентификувале потребите за професионален развој на наставниците

**Конкретна цел 2.1.1.** Формирање на Тим за професионален развој

**Конкретна цел 2.1.2.** Изработка на План и Програма за професионален развој

**Конкретна цел 2.1.3.** Изработка на интерни критериуми

| Конкретни цели | Активности (дејствија) | Носители | Ресурси | Временска рамка |
|---|---|---|---|---|
| 2.1.1. Формирање на Тим за професионален развој | Формирање на Тим за професионален развој; Спроведување на анкетен прашалник за идентификација на потребите на наставниот кадар за професионален развој | Тим за професионален развој, стручна служба, наставници | Онлајн анкетен прашалник | |
| 2.1.2. Изработка на План и Програма за професионален развој | Изработка на План и Програма за професионален развој врз база на спроведените анкети; | Тим за професионален развој, стручна служба, наставници | Резултати од анкетен прашалник хартија, принтер | Во текот на учебната 2025/2026 година |
| 2.1.3. Изработка на интерни критериуми | Изготвување на интерни критериуми за следењето на напредување на наставниците и нивното вреднување | Тим за професионален развој, стручна служба, наставници | Хартија, принтер | |

**Развојна цел: 2.2.** Организирање на обуки, семинари и учество во проекти на наставниицте по сите наставни предмети и подрачја.

**Конкретна цел 2.2.1.** Организирање на интерни обуки

**Конкретна цел 2.2.2.** Надворешни обуки, семинари и работилници

**Конкретна цел 2.2.3.** Дисеминација на проектите

**Конкретна цел 2.2.4.** Отворени часови и работилници

| Конкретни цели | Активности | Носители | Ресурси | Временска рамка |
|---|---|---|---|---|
| 2.2.1 Организирање на интерни обуки | Спроведување на интерни обуки и работилницииспо ред потребите | Тим за професионален развој, стручна служба, наставници | Презентаци и ЛЦД проектор, хартија, принтер | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 2.2.2. Надворешни обуки, семинари, работилници | Реализација на надворешни обуки, семинари, работилници; | МОН, БРО и други институции, стручна служба, наставници | | Во текот на учебната година |
| 2.2.3. Дисеминација од проектите | Организирање на дисеминација од проекти(според потребите) | Тим за професионален развој, стручна служба, наставници | Презентации, ЛЦД проектор, хартија, принтер | |
| 2.2.4. Отворени часови, работилници | Организирање на отворени часови, работилници | Тим за професионален развој, стручна служба, наставници | Презентац ии, ЛЦД проектор, хартија, принтер | |
| **Развојна цел 2.3.** Развивање на систем за мотивирање и наградување на воспитно-образовниот кадар<br><br>**Конкретна цел 2.3.1.** Формирање на комисија за изработка на критериуми за наградување на воспитно — образовниот кадар<br><br>**Конкретна цел 2.3.2.** Изработка на план за напредување на наставниците<br>**Конкретна цел 2.3.3.** Анализа на ефектите врз мотивацијата на наставниците | | | | |
| **Конкретни цели** | **Активности (дејствија)** | **Носители** | **Ресурси** | **Временска рамка** |
| 2.3.1. Формирање на комисија за изработка на критериуми за наградување на воспитно-образовниот кадар | Формирање на Комисија за изработка на критериуми за наградување на воспитно-образовниот кадар | Тим за професион ален развој, стручна служба, наставници | Стручна литература хартија, принтер | Во текот на учебната 2025/2026 година |
| 2.3.2. Изработка на план за напредување на наставниците | Изготвување на план за напредување на наставниците и нивното вреднување | Комисија за напредување на наставниците, стручна служба, наставници | Стручна литература хартија, принтер | |
| 2.3.3 Анализа на ефектите врз мотивацијата на наставниците | Изготвување на анализа на ефектите врз мотивацијата на наставниците | Комисија за напредување на наставниците, стручна служба, наставници | хартија, принтер | |

| **Приоритетно подрачје на промени** | **3. Подобрување на инфраструктурата на училиштето** | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Развојна цел: 3.1.** Изготвување на приоритетна листа за инфраструктурни интервенции за подобрување на условите за работа на училиштето<br><br>**Конкретна цел: 3.1.1.** Замена на дограма и уредување на гардеробите во спортската сала<br><br>**Конкретна цел: 3.1.2.** Реновирање на спортскиот терен (игралиште) во централното училиште<br><br>**Конкретна цел 3.1.3.** Реновирање на училишната сала во ПОУ Илинден с.Мождивњак<br><br>**Конкретна цел 3.1.4.** Хортикултурно и со едукативни содржини уредување на дворот во централното училиште | | | | |
| **Конкретни цели** | **Активности (дејствија)** | **Носители** | **Ресурси** | **Временска рамка** |
| 3.1.1. Замена на дограма и уредување на гардеробите во спортската сала | Изработна на план за реновирање<br><br>Доставување на апликација до МОН | Директор, Комисија за Развојна програма на училиштето | Подготвена техничка документација | Во текот на учебната 2025/2026 година |
| 3.1.2.Реновирањ е на спортскиот терен (игралиште) во централното училиште | Изработна на план за реновирање<br><br>Доставување на апликација до МОН, ЛС и Агенција за млади и спорт | Директор, Комисија за Развојна програма на училиштето | Подготвена техничка документација | |
| 3.1.3.Реновирањ е на училишната сала во ПОУ Илинден с.Мождивњак | Изработка на техничка документација | Директор, Комисија за Развојна програма на училиштето | Предлог проект | |
| 3.1.4. Хортикултурно и со едукативни содржини уредување на дворот во централното училиште | Изработка на техничка документација | Директор, Комисија за Развојна програма на училиштето | Предлог проект | |

## 7.1 План за евалуација на акциските планови

| Задача | Критериум за успех | Индикатор за успешност | Одговорен за евалуација | Повратна информација |
|---|---|---|---|---|
| Подобрување на квалитетот на наставата преку набавка на нагледни средства и помагала. | Согледување на состојбата во училниците и училишните простории<br>Изработка на приоритет на листа и план за набавка на наставни средства и техничка опрема | Зголемена е опременоста на училиштето со наставни средства и помагала за реализирање на поквалитетна настава | Директор | Одговорното лица ќе даде информација за степенот на реализираност на конкретна та задача но и насоки за подобрување. |
| Правење на анализи на успехот на учениците на крајот од учебната година и споредбена анализа за изминатите три години | Увид во успехот на учениците и откривање на евентуални потешкотии | Подобрување на успехот на учениците | стручни соработни ци | |
| Воспоставување на повисока соработка на Инклузивниот тим | Континуирана помош на наставниците во работата со учениците со атипичен развој | Успешна инклузија на учениците со атипичен развој | Инклузивен тим | |
| Вклучување на учениците и училишниот парламент при креирање на наставни, воннаставни и слободни активности. | Изработка на програма во која ќе бидат ставени значајни датуми и активности кои можат да ги реалзираат и директно да учествуваат во нивна реализација | Вклученост на учениците и училишниот парламент при креирање на наставни, воннаставни и слободни активности. | стручни соработни ци | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Формирање на тимови за работа со надарени и талентирани ученици и ученици со слаби постигања кој ќе помогне во работата со овие категории на ученици. | Откривање на надарени и талентирани ученици и ученици со слаби постигања | Успешно вклопување на надарените и талентирани ученици но и на учениците со потешкотии во учењето во наставата | стручни соработници<br>Инклузивен тим<br>наставници | |
| Изработка на План и Програма за професионален развој на наставниците, со која би се идентификувале потребите за професионален развој на наставниците | Унапреден е процесот на следење на развојните потреби на наставниот кадар | Успешен професионален развој на наставниците | Тим за професионален развој | |
| Организирање на обуки, семинари и учество во проекти на наставниицте по сите наставни предмети и подрачја. | Спроведување на интерни обуки<br>надворешни обуки,<br>дисеминација од проекти<br>отворени часови, работилници | Поголема вклученост на наставниците на обуки, семинари и проекти | директор<br>Тим за професионален развој | |
| Развивање на систем за мотивирање и наградување на воспитно-образовниот кадар | Поголема мотивираност на воспитно-образовниот кадар | Мотивиран воспитно-образовниот кадар | Директор<br>стручни соработници<br>координатори на активи | |
| Изготвување на приоритетна листа за инфраструктурни интервенции за подобрување на условите за работа на училиштето | подобрени просторни и технички услови за работа | Поголема мотивација и подобрен психофизичкиот развој на учениците | директор | |

# 8. Програми и организација на работата во основното училиште

## *8.1. Календар за организацијата и работата во основното училиште*

Календарот за работа на училиштето е основа за планирање на активностите за одбележување на значајни датуми, уредување на училишниот хол, пано, уредување на содржини за ѕиден весник, организирање на прослави, приредби, хепенинзи, настани од хуманитарен карактер, собирни акции и еколошки активности.

Календарот за работа на училиштето се подготвува врз основа на Календарот за организација и работа на основните училишта за учебната 2025/2026 година донесен од Министерот за образование и наука кој се објавува во Службен весник на РСМ (бр. 161/19, 229/20, 3/25 74/25)(www.slvesnik.com.mk).

Со овој календар се утврдува организирањето на учебната година во основните училишта согласно програмските целини во наставната година: полугодие, други форми на воспитно образовна дејност и ученички одмор за учебната 2025/2026 година.

Учебната година во основните училишта почнува на 1 септември 2025 година, а завршува на 31 август 2026 година.

Наставната година започнува на 1 септември 2025 година и завршува на 10 јуни 2026 година. Наставната година ја сочинуваат две полугодија - I и II полугодие. Првото полугодие започнува на 1 септември 2025 година и завршува на 30 декември, а второто полугодие започнува на 20 јануари 2026 и завршува на 10 јуни 2026 година.

Во текот на учебната година учениците користат зимски и летен одмор.

Основните училишта во месец јуни во период од 11 до 19 јуни 2026 година организираат дополнителна настава, поправни испити и одделенски испити, а во месец август во период од 17 до 21 август 2026 година се организираат подготвителна настава, консултации и други форми на помош за учениците кои треба да полагаат поправни испити и одделенски испити и ги спроведуваат истите. Воспитно-образовната работа за учениците се организира во текот на цела работна недела.

Во учебната 2025/2026 година наставата се остварува во 180 наставни денови.

## Календар за учебната 2025/2026 година

| Седмица | 1 | 2 | 3 | 4 | | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 | 12 | 13 | 14 | 15 | 16 | 17 | 18 | Вк. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **I ПОЛУГОДИЕ 2025/2026** | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| **Работни денови** | **Септември** | | | | | **Октомври** | | | | | **Ноември** | | | | **Декември** | | | | | |
| **Понеделник** | 1 | 8 | 15 | 22 | 29 | | 6 | 13 | 20 | 27 | 3 | 10 | 17 | 24 | 1 | 8 | 15 | 22 | 29 | 16 |
| **Вторник** | 2 | 9 | 16 | 23 | 30 | | 7 | 14 | 21 | 28 | 4 | 11 | 18 | 25 | 2 | 9 | 16 | 23 | 30 | 18 |
| **Среда** | 3 | 10 | 17 | 24 | | 1 | 8 | 15 | 22 | 29 | 5 | 12 | 19 | 26 | 3 | 10 | 17 | 24 | | 17 |
| **Четврток** | 4 | 11 | 18 | 25 | | 2 | 9 | 16 | 23 | 30 | 6 | 13 | 20 | 27 | 4 | 11 | 18 | 25 | | 16 |
| **Петок** | 5 | 12 | 19 | 26 | | 3 | 10 | 17 | 24 | 31 | 7 | 14 | 21 | 28 | 5 | 12 | 19 | 26 | | 17 |
| **Вкупно денови** | 21 | | | | | *22* | | | | | *20* | | | | *21* | | | | | **84** |

| Седмица | 19 | 20 | 21 | 22 | 23 | 24 | 25 | 26 | 27 | 28 | | 29 | 30 | 31 | 32 | 33 | | 34 | 35 | 36 | 37 | 38 | 39 | Вк. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **II ПОЛУГОДИЕ 2025/2026** | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| **Работни денови** | **Јануари** | | **Февруари** | | | | **Март** | | | | | **Април** | | | | | **Мај** | | | | | **Јуни** | | |
| **Понеделник** | 19 | 26 | 2 | 9 | 16 | 23 | 2 | 9 | 16 | 23 | 30 | | 6 | 13 | 20 | 27 | | 4 | 11 | 18 | 25 | 1 | 8 | 18 |
| **Вторник** | 20 | 27 | 3 | 10 | 17 | 24 | 3 | 10 | 17 | 24 | 31 | | 7 | 14 | 21 | 28 | | 5 | 12 | 19 | 26 | 2 | 9 | 21 |
| **Среда** | 21 | 28 | 4 | 11 | 18 | 25 | 4 | 11 | 18 | 25 | | 1 | 8 | 15 | 22 | 29 | | 6 | 13 | 20 | 27 | 3 | 10 | 21 |
| **Четврток** | 22 | 29 | 5 | 12 | 19 | 26 | 5 | 12 | 19 | 26 | | 2 | 9 | 16 | 23 | 30 | | 7 | 14 | 21 | 28 | 4 | | 20 |
| **Петок** | 23 | 30 | 6 | 13 | 20 | 27 | 6 | 13 | 20 | 27 | | 3 | 10 | 17 | 24 | | 1 | 8 | 15 | 22 | 29 | 5 | | 16 |
| **Вкупно денови** | 9 | | 20 | | | | 21 | | | | | 20 | | | | | 18 | | | | | 8 | | 96 |

### Неработни денови за сите граѓани на РСМ

- 8 Септември (понеделник) Ден на независноста на РСМ,
- 23 Октомври (четврток) Ден на Македонската револуционерна борба;
- 8 Декември ((понеделник) „Св. Климент Охридски“,
- 20 Март (петок) Рамазан Бајрам, прв ден на Рамазан;
- 13 Април (понеделник) Втор ден Велигден;
- 1 Мај (петок) Меѓународен ден на трудот;
- 24 Мај(недела) „Св. Кирил и Методиј“, неработен ден 25 Мај (понеделник)

### Неработни денови за граѓаните од православна вероисповест

- 10 Април (петок) Прв ден Велигден;
- 29 Мај (петок) Духовден

| | |
|---|---|
| **Понеделник** | **34** |
| **Вторник** | **39** |
| **Среда** | **38** |
| **Четврток** | **36** |
| **Петок** | **33** |
| **Вкупно** | **180** |

***Еколошки календар***

| | | |
|---|---|---|
| 16 септември | Светски ден за заштита на озонската обвивка | ликовен хепенинг |
| 22 септември | Меѓународен ден без автомобили | паноа, еколошки активности, возење на велосипеди |
| 8 октомври | Меѓународен ден за намалување на уништувањето на природата | собирна акција и еколошки активности |
| 15 октомври | Меѓународен ден на пешаците | Паноа |
| 16 октомври | Меѓународен ден на храната | собирна акција (парични средства и храна) |
| 5 март | Светски ден за заштеда на енергија | изработка на паноа и ѕиден весник |
| 22 март | Светски ден за заштеда на водите | изработка на паноа |
| 7 април | Светски ден на здравјето | уредување на училишен хол |
| 22 април | Светски ден на планетата | уредување на училишен хол |
| 15 мај | Светски ден за заштита на климата | изработка на паноа и ѕиден весник |
| 31 мај | Светски ден против пушењето | изработка на паноа и уредување на училишен хол |
| 5 јуни | Светски ден за заштита на животната средина | собирна акција (хартија, пластични шишиња) |
| мај | Генералка викенд | собирна акција и еколошки активности за одговорно управување со отпадот и одржливи практики во земјава |

## *8.2. Поделба на класно раководство, поделба на часовите на наставниот кадар, распоред на часовите*

За изведување на наставата во училиштето ангажирани се **60** наставници. Од нив во предметна настава се **37**, а во одделенска настава се **23** наставници.

Наставници во предметна настава:

| Ред. Бр. | Наставник | Предмет по кој изведува настава | Одд. раководител | Стручна подготов Ка |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Дијана Илиевска | Македонски јазик | VIII — 3 | ВСС |
| 2. | Даниела Груевска | Македонски јазик | VII - Мож. | ВСС |
| 3. | Анета Трајковска | Македонски јазик | VII-1 | ВСС |
| 4. | Моника Дејановска | Природни науки<br><br> | | ВСС |
| 5. | Зоран Милковски | Историја | VII-3 | ВСС |
| 6. | Сашко Спасовски | Германски јазик | | ВСС |
| 7. | Влатко Спасовски | Германски јазик | VIII-Кон | ВСС |
| 8. | Адријана Додевска | Англиски јазик | IX-3 | ВСС |
| 9. | Биљана Ј.Николовска | Англиски јазик | VI-3 | ВСС |
| 10. | Сања Јанковска | Англиски јазик | | ВСС |
| 11. | Дагана Тројановска | Англиски јазик | | ВСС |
| 12. | Мартин Бошковски | Музичко образование<br>Хор и оркестар | | ВСС |
| 13. | Пепица Ј. Стојчевска | Ликовно образование | VII — 2 | ВСС |
| 14. | Билјана Јовановска | Физичко и здравствено образование | VIII — 1 | ВСС |
| 15. | Оливер Златковски | Физичко и здравствено образование | VI -2 | ВСС |
| 16. | Роберт Стојчевски | Физичко и здравствено образование | | ВСС |
| 17. | Снежана Златковска | Математика | IX — 1 | ВСС |
| 18. | Ивица Петровски | Биологија | VI -1 | ВСС |
| 19. | Миле Ангеловски | Математика | VII - Кон. | ВСС |
| 20. | Марија Ристовска | Математика | | ССС |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 21. | Рајна Јакимовска | Математика | VIII -2 | ВСС |
| | | Физика | | |
| 22. | Бранка Митовска | Хемија | VI - Кон. | ВСС |
| 23. | Славица Јакимовска | Природни науки | | ВСС |
| | | Биологија | | |
| 24. | Даниел Стојилковски | Географија | | ВСС |
| 25. | Оливер Георгиевски | Географија | | ВСС |
| | | Иновации | | |
| 26. | Марија Смиљков | Техничко образование и информатика | IX-2 | ВСС |
| 27. | Татјана Славова | Техничко образование и информатика | | ВСС |
| | | Програмирање | | |
| 28. | Никола Георгиевски | Граѓанско образование | | ВСС |
| 29. | Даниел Спасовски | Англиски јазик | IX - Мож. | ВСС |
| 30. | Љупка Стојановска | Англиски јазик | | ВСС |
| 31. | Тања Јовановска | Математика | VI - Мож. | ВСС |
| | | Физика | | |
| 32. | Тања Ѓорѓиевска | Македонски јазик | IX- Кон. | ВСС |
| 33. | Синиша Стаменковски | Историја | VIII - Мож. | ВСС |
| | | Иновации | | |
| 34. | Кристијан Станојковски | Физичко и здравствено образование | | ВСС |
| 35. | Марина Ѓошевска | Физичко и здравствено образование | | ВСС |
| 36. | Габриела Стојановска | Физичко и здравствено образование | | ВСС |

**Наставници во одделенска настава:**

| Ред.бр. | Наставник | Одделение | Стручна подготовка |
|---|---|---|---|
| 1. | Славица Ристовска | I- 1 | ВШС |
| 2. | Оливер Дејановски | I- 2 | ВСС |
| 3. | Наташа Младеновска | I- 3 | ВСС |
| 4. | Соња Ангеловска | II-1 | ВСС |
| 5. | Јасминка Станковска | II- 2 | ВСС |
| 6. | Живка Стоилковска | II- 3 | ВСС |
| 7. | Емилија Рангелова | III-1 | ВСС |
| 8. | Славица Ангеловска | III-2 | ВСС |
| 9. | Наташа Ц.Стојановска | III-3 | ВСС |
| 10. | Аце Трајчевски | IV- 1 | ВСС |
| 11. | Леванта Маџовска | IV- 2 | ВСС |
| 12. | Добри Јовевски | V-1 | ВСС |
| 13. | Сузе Спасовска | V-2 | ВСС |
| 14. | Маре Ангеловска | V-3 | ВШС |
| 15. | Елена Китановска | I - Конопница | ВСС |
| 16. | Елена Стојановска | II - Конопница | ВСС |
| 17. | Јована Герасимовска | III-Конопница | ВСС |
| 18. | Марија Тренчовска | IV-Конопница | ВСС |
| 19. | Маријана Саклов | V - Конопница | ВСС |
| 20. | Соња Стојановска | II - Мож.1 | ВСС |
| 21. | Лида Тричковска | Комбин. III и V Мож.1 | ВСС |
| 22. | Наташа С. Стојанова | Комбин. I и IV Мож.1 | ВСС |
| 23. | Марина Стојчева | I и II Мож.2 | ВСС |

На почетокот на учебната годината извршена е организациско-оперативна и кадровска подготвеност-распределба на одделенија, паралелки, поделба на часови и одделенски раководители. Конкретизирани се и други задолженија на наставнците во рамките на четириесет часовна работна седмица.

Наставата се изведува од страна на соодветен стручен кадар по сите предмети според Нормативот за наставен кадар.

Педагошката интеграција помеѓу училиштата што функционираат во овој регион останува и понатаму.

Распоредот на часовите и распоредот за одржување на дополнителна и додатна настава ќе бидат изготвени и истакнати на огласна табла во училиштето.

### *8.3. Работа во смени*

Воспитно-образовниот процес во ООУ „Илинден“ во учебната 2025/2026 година се реализира согласно Календарот за организација и работа на училиштата.

Во училиштето се реализира задолжителна настава, изборна настава, дополнителна и додатна настава, проширена програма и воннаставни активности.

Наставата во училиштето се реализира на македонски јазик по изготвени програми од БРО и МОН.

Наставата во ООУ „Илинден“ оваа учебна година ќе се изведува во една смена и тоа во матичното училиште за учениците од I-IX одделение и во подрачните училишта исто така наставата ќе се изведува во една смена за учениците од I-IX одделение. Наставата започнува во 8 часот, седмиот час завршува во 13:30 часот, а времетраењето на часот е 40 минути. По завршувањето на секој час има мал одмор во траење од 5 минути, а по вториот час има голем одмор во траење од 25 минути. Наставата ќе се изведува во училници и кабинети, интегрирана настава со примена на ИКТ технологија и современи наставни средства.

**Распоред на ѕвонење за часовите**

| Наставен час | Време |
|---|---|
| 1 | 08:00 – 08:40 |
| 2 | 08:45 – 09:25 |
| 3 | 09:50 – 10:30 |
| 4 | 10:35 – 11:15 |
| 5 | 11:20 – 12:00 |
| 6 | 12:05 – 12:45 |
| 7 | 12:50 – 13:30 |

### *8.4. Јазик /јазици на кој/и се изведува наставата*

| | **Македонски јазик** | **Албански јазик** | **Турски јазик** | **Српски Јазик** | **Босански јазик** |
|---|---|---|---|---|---|
| **Број на паралелки** | **43** | | | | |
| **Број на ученици** | **483** | | | | |
| **Број на наставници** | **60** | | | | |

### *8.5. Проширена програма*

Согласно Законот за основно образование, училиштето организира проширена програма. Проширената програма на основното училиште според член 40. став 2 од Законот за основно образование опфаќа: организирано прифаќање и заштита на учениците еден час пред започнување на часовите во редовната настава и еден час по завршувањето на редовната настава, продолжен престој, дополнителна и додатна настава, како и воннаставни активности и вонучилишни активности, односно организирање на секции, клубови, екскурзии, натпревари, други активности кои училиштето ги реализира надвор од наставната програма, како и активности на ученичката организација.

За потребата од организирано прифаќање и заштита на учениците еден час пред започнување на часовите во редовната настава и еден час по завршувањето на редовната настава, како дел од проширената програма се спроведува анкета за родителите. Врз основа на спроведената анкета родителите се изјаснија дека немаат потреба од згрижување на учениците еден час пред и еден час по завршување на редованата настава.Во текот на учебната година доколку има такви ученици кај одредени наставници, тогаш овие активности ќе се реализараат.

### *8.6. Комбинирани паралелки*

Во ООУ „Илинден“ работат две комбинирани паралелки:

- Во ПОУ„Илинден“ во с. Мождивњак 1 работат две комбинирани паралелки :
  - I и IV одделение со 9 ученици - одделенски наставник Наташа С. Стојанова
  - III и V одделение со 8 ученици - одделенски наставник Лида Тричковска
- Во ПОУ„Илинден“ во с. Мождивњак 2 работи една комбинирана паралелка:
  - I и II одделение со 3 ученици - одделенски наставник Марина Стојчева

### *8.7. Странски јазици што се изучуваат во основното училиште*

Како прв странски јазик во училиштето се изучува англискиот јазик од I одделение, а како втор странски јазик од VI одделение се изучува германскиот јазик.

| Јазик | Број на паралелки | Број на ученици |
|---|---|---|
| Англиски јазик | 43 | 483 |
| Германски јазик | 20 | 248 |

### *8.8. Реализација на физичко и здравствено образование со учениците од прво до петто одделение*

Со цел да се подобри квалитетот на наставата по Физичко и здравствено образование, согласно промените на Законот за основно образование наставата во училиштето по предметот Физичко и здравствено образование со учениците од прво до петто одделение се реализира со „тандем наставници“, односно на часот покрај одделенскиот наставник е вклучен и предметен наставник по Физичко и здравствено образование.

Марина Ѓошевска, Кристијан Станојковски и Габриела Стојановска се тандем наставници по Физичко и здравствено образование кои оваа учебна година ќе работат со учениците од прво, второ, трето, четврто и петто одделение.

### *8.9. Изборна настава*

Слободните изборни предмети имаат за цел да обезбедат развој на потенцијалите на секој ученик и да придонесат за мотивирање на учениците за учење и за самостојно насочување во натамошното образование. Преку изборната настава на учениците им се дава можност да ги прошируват и продлабочуваат знаењата и да ги развиваат своите индивидуални способности по одделни наставни предмети. Оваа настава е задолжителна.

Изборот на изборни предмети за учениците од IX одделение се реализира според одредена постапка:

| **Постапка за определување изборни предмети** | |
|---|---|
| **Спроведена активност** | **Време на реализација** |
| Прибирање на податоци за понудени изборни предмети од наставните планови и програми за деветгодишно основно образование | април |
| Подготвување на анкетни листови за ученици и родители | април |
| Одржани родителски средби на кои се презентирани програми за понудените изборни предмети | мај |
| Спроведување на анкета кај родителите за определба на изборен предмет | мај |
| Обработка на податоците од спроведената анкета | мај |
| Презентирање на обработените податоци пред наставничкиот совет | јуни |
| Информирање на учениците и родителите за избраните изборни предмети | јуни |

## ИЗБОРНИ ПРЕДМЕТИ

### за учениците од IX одделение за

### учебна 2025/2026 година

| Одд. | Изборен предмет | Наставник | Број на паралелки |
|---|---|---|---|
| IX | Програмирање | Татјана Славова | 5 |

### Изборни предмети за учениците кои работат според новата Концепција за основно образование

Нашето училиште нуди изборни предмети кои произлегуваат од пројавените интереси на учениците, а истовремено ги зема предвид можностите на наставниот кадар што работи во училиштето и на ресурсите со кои располага училиштето.

Училиштето задолжително нуди две листи на изборни предмети, едната се однесува на изучување на *Втор странски јазик*, а другата опфаќа таканаречени *Слободни изборни предмети* кои ги нуди училиштето, зависно од интересите на учениците и можностите на училиштето

За наставниот предмет Втор странски јазик, нашето училиште задолжително нуди листа што ги опфаќа: германски јазик, француски јазик, италијански јазик и руски јазик. Оваа листа се однесува само на учениците од VI одделение, при што се има предвид дека училиштето е должно да обезбеди услови еднаш избраниот втор странски јазик (во VI одделение) континуирано да се изучува до крајот на основното образование. Учениците од нашето училиште за Втор странски јазик кој ќе го изучуваат до крајот на основното образование го избраа германскиот јазик.

Во посебна листа на изборни предмети спаѓаат таканаречените Слободни изборни предмети.

Во првиот образовен период (I-III одд.) слободните изборни предмети се реализираат во форма на слободни активности што ги води одделенскиот наставник задолжен за паралелката во договор со учениците во траење од 2 наставни часа неделно.

Во вториот и третиот образовен период слободните изборни предмети се определуваат според Водичот за слободни изборни предмети.

Со цел развивање на потенцијалите на секој ученик, како и мотивирање на учениците за учење и за самостојно насочување во понатамошното образование, кон крајот на месец април и почеток на месец мај се спроведе анкета за заинтересираноста на учениците за подрачјата/темите од секоја категорија на слободните изборни предмети.

Истата беше спроведена во вид на прашалник за сите ученици од двата образовни циклуси и беше пополнета анонимно. На прашалникот беа понудени поголем број на области од кои може да се изведат слободни изборни предмети во рамките на секоја од четирите категории.

Списокот беше изработен од страна на стручната служба на училиштето и наставниците врз основа на компетенциите и понудите на наставниците, интересите на учениците како и можностите на училиштето.

**Од првата категорија на изборни предмети за проширување /продлабочување на знаењата од задолжителните изборни предмети најголем број на ученици се определиле за:**

**IV одделение :** математика, техничко образование и информатика и музичко образование.
**V одделение :** македонски јазик, математика и ликовно образование.
**VI одделение :** природни науки, ликовно образование и историја и општество.
**VII одделение :** природни науки, музичко и македонски јазик.
**VIII одделение :** техничко образование и информатика, ликовно образование и историја и општество.

**Од втората категорија на изборни предмети за поддршка на интереси на учениците кои не се дел од наставните предмети, најголем број на учениците се определиле за:**

**IV одделение** фигури од хартија ( оригами), готвење и фотографија.
**V одделение :** англиски јазик - популарна култура, фигури од хартија и готвење.
**VI одделение :** фотографија, пчелите и нивната улога и театарски работилници.
**VII одделение :** фигури од хартија ( оригами, хартиени украси), готвење и фотографија.
**VIII одделение :** театарски работилници, готвење и фотографија.

**Што се однесува до третата категорија на изборни предмети за поддршка на личниот и социјалниот развој на учениците, најголем број на учениците се определиле за:**

**IV одделение** учам за моето здравје, мултикултурни работилници и имам право.
**V одделение :** англиски јазик преку уметноста и креативноста и емоционална писменост, образование за животни вештини и имам права.
**VI одделение :** религии во светот, имам права и разрешување конфликти.
**VII одделение :** образование за животни вештини, имам права и разрешување конфликти.
**VIII одделение :** мултикултурни работилници, финансиска писменост и емоционална писменост.

**Од категоријата на изборните предмети од спортско-рекреативен карактер најголем број на ученици се определиле за:**

**IV одделение** танцување, шах и велосипедизам.
**V одделение :** шах, ракомет и одбојка.
**VI одделение :** шах, фудбал 12 и одбојка.
**VII одделение :** велосипедизам, ракомет и одбојка.
**VIII одделение :** велосипедизам, фудбал и кошарка.

**Постапка за определување изборни предмети за учениците од вториот и третиот образовен период кои реализираат настава според новата Концепција за основно образование (IV-VIII)**

| Спроведена активност | Време на реализација |
|---|---|
| Училиштето спроведува анкетата во вид на анонимен прашалник кој нуди список на поголем број области од кои може да се изведат слободни изборни предмети | мај |
| Обработка на податоците од спроведената анкета | мај |
| Објавување на резултатите од спроведената анкета на огласната табла научилиштето за да бидат видливи за учениците и за родителите/старателите. | мај |
| Формирање на листите на слободни изборни предмети врз основа на добиените резултати | мај |
| Во првата недела од септември, секој ученик (со поддршка на родителот/старателот), од листата на слободни изборни предмети, избира предмети што ќе ги изучува/следи во тековната учебна година. | септември |

### *8.10. Дополнителна настава*

Дополнителна настава се организира за ученици кои имаат потреба од дополнителна поддршка за определени наставни предмети за да ги постигнат очекуваните резултати, а особено ако : имаат најмалку две слаби оценки, имаат слаби резултати од одреден наставен предмет, покажуваат континуирано слаби резултати во учењето, отсуствуваат од настава по одреден наставен предмет. Се организира на барање на ученикот, родителот,односно старателот или по проценка на наставникоти на барање на ученикот или неговиот родител односно старател.

Наставникот ја планира дополнителната настава согласно со потребите на учениците, го известува родителот, односно старателот на детето од констатирањето на потребата и води евиденција во дневникот и во посебен Образец за Педагошка евиденција за дополнителна настава.

Според Наставниот план дополнителна настава се организира со сите учениците во образовни групи, кои ќе се формираат во различни периоди, во зависност од времето кога се појавуваат одредени слабости кај одредени ученици. Оваа настава се организира во текот на целата наставна година, паралелно со редовната настава, пред или по редовната настава, во слободното време и во вид на продолжена настава на крајот на наставната година. Се одржува еден час во текот на неделата или 36 часа во текот на една учебна година. Доколку ученикот не ги посетува часовите по дополнителна настава добива неоправдан изостанок.

Реализацијата на дополнителна настава се евидентира во одделенскиот дневник и е дел од годишниот глобален план на секој наставник поединечно.

Стручната служба активно учествува во реализација на дополнителната настава со цел да се детектираат причините за послабиот успех кај секој ученик. Со учениците кои послабо напредуваат во учењето и покажуваат асоцијативно однесување стручната служба ќе организира средби со родителите согласно Програма за советување на родители.

Дополнителната настава за учениците во прво, второ, трето, четврто, петто и шесто одделение, односно оние кои ќе работат според новата Концепција за основно образование се реализира во рамки на петте задолжителни саати (во случај на поголем број ученици со иста потреба) или по петте задолжителни саати (доколку се работи за мал број ученици – индивидуализиран пристап во планирањето. Наставникот ја планира во рамките на неделното планирање на паралелката во делот на други активности, а ги евидентира во електронскиот дневник само активностите што ги презема и со која цел.

**Напомена**: Распоредот за дополнителна настава ќе биде истакнат на огласна табла во училиштето.

## *8.11. Додатна настава*

Додатна настава се организира за ученици кои постигнуваат значителни резултати по одделни наставни предмети (талентирани ученици). Учениците кои покажуваат поголем интерес, знаења, талент, вештини за одредена област се упатуваат на додатна настава, со цел да ги продлабочат и прошират своите знаења. Исто така на додатна настава се упатуваат ученици на кои им е потребна подготовка за претстојните натпревари во текот на учебната година. Наставникот е должен да им ја понуди на учениците, а учениците сами одлучуваат дали ќе ја посетуваат додатната настава. Оваа настава, по правило, се организира во текот на целата наставна година, паралелно со редовната настава (по редовната настава). Се одржува еден час во текот на неделата или 36 часа во текот на една учебна година.

Додатна настава за учениците во прво, второ, трето, четврто, петто и шесто одделение , односно оние кои ќе работат според новата Концепција за основно образование може да се реализира преку проектни и истражувачки активности, преку слободните изборни предмети, а додатни часови за подготовка за натпревар по петте задолжителни саати на престој. Наставникот ја планира во рамките на неделното планирање на паралелката во делот на други активности, а ги евидентира во електронскиот дневник само активностите што ги презема и со која цел.

Наставникот ја планира дополнителната настава согласно со потребите на учениците, го известува родителот, односно старателот на детето од констатирањето на потребата и води евиденција во дневникот и во посебен Образец за Педагошка евиденција за дополнителна настава.

**Напомена:** Распоред за додатна настава ќе биде истакнат на огласна табла во училиштето.

### *8.12. Работа со надарени и талентирани ученици*

Посебно внимание училиштето ќе посвети на работа со надарени и талентирани ученици. Формиран е тим за поддршка на овие ученици кој подготви програма за работа со надарени и талентирани ученици, која е дадена во прилог на Годишната програма.

Идентификувањето на надарените ученици се врши со систематско следење, испитување и вреднување на развојните особености, постигањата и потребите насекој ученик. Препознавањето на надарените деца го вршат родителите, наставниците и училишниот психолог. Идентификацијата ја врши психологот преку задавање на тестови за утврдување на специфичните способности на учениците преку батеријата ДАТ и тестови за испитување на IQ. При идентификацијата психологот заедно со соодветните наставницитекористи прашалници за логичко-математичка надареност, музичка, ликовна и надареност за јазик.

Наставниците ќе добијат препорака за овие ученици да подготвуваат и реализираат индивидуализирани програми со цел максималнода ги развиваат нивните предиспозиции, индивидуалните и физичките способности и надареноста.

### *8.13. Работа со ученици со посебни образовни потреби*

Концепцијата за инклузивно образование ги дава насоките за вклучување, развој и образование на следните групи ученици со посебни образовни потреби (ПОП):

- ученици со попреченост - кои имаат долготрајни физички, ментални, интелектуални или сетилни оштетувања и кои во интеракција со различните општествени бариери може да го попречат нивното целосно и ефективно учество во општеството, на еднаква основа со другите,
- ученици со нарушување во однесувањето или емоционални проблеми или со специфични тешкотии во учењето,
- ученици кои потекнуваат од неповолни социо-економски, културни, и/или јазични депривирани средини,
- ученици со комплексни потреби — кои имаат повеќестепени тешкотии, повеќестепени нарушувања, комплексни здравствени потреби и потреба од голема и интензивна помош и поддршка, деца/ученици со странско
- државјанство, деца без државјанство, деца бегалци, баратели на азил, деца со статус на признаен бегалец, деца под супсидијарна заштита, деца под привремена заштита кои престојуваат во нашатадржава,
- деца/ученици кои не биле вклучени во настава, а се со надмината возрасти
- деца/ученици и од други ранливи категории кои од различни причини бараат посебна поддршка и грижа во текот на воспитно-образовниот процес.

Во училиштето се изедува настава со деца со посебни потреби кои се вклучени во редовна настава. При запишување во училиште овие ученици приложуваат и медицинска потврда (наод и мислење за видот и степенот на попреченост) од релевантни институции. Наставници со овие ученици работаат со Индивидуализирани образовни програми, според нивните способностите и можности.

За работа со учениците со посебни образовни потреби формиран е **Училишен инклузивен тим** кој ги осмислува и спроведува активностите на ниво на училиште и води грижа тие да бидат усогласени и применувани во воспитно-образовната работа соовие ученици и **Инклузивен тим за ученик** кој работи по ИОП. Програмата за работа на Инлузивниот тим на училиштето е дадена во прилозите на оваа Годишна програма. Програмата се реализира во текот на целата учебна година. Училишниот инклузивен тим е со мандат од 3 учебни години и е составен од психолог, специјален едукатор и рехабилитатор, двајца наставници, двајца родители и директорот.

| | |
|---|---|
| **Членови на училишен инклузивен тим** | 1. Лорета Димитровска– директор<br>2. Снежана Јакимовска – психолог;<br>3. Ангела Крстевски-специјален едукатор и рехабилитатор<br>4. Адријана Додевска – наставник;<br>5. Јасминка Станковска – наставник;<br>6. Мирјана Станојковска – родител;<br>7. Ален Цветановски– родител; |

Нашето училиште во делот на образовната инклузија соработува со Основното училиште со ресурен центар „ИДНИНА“ од Скопје, во делот на обезбедување на услугата образовна асистенција за учениците со посебни потреби. Целта на поддршката што ја даваат образовните асистенти е преку соработка со наставниците и со примена на методите на кооперативно учење и поучување да им помогнат на учениците со попреченост да учествуваат во воспитно-образовниот процес, максимално да ги реализираат своите потенцијали, да стекнат самостојност и социјална вклученост во училишната средина.

Идентификацијата на децата со посебни образовни потреби ја врши стручната служба во училиштето и Комисијата за запишување во прво одделение преку набљудување и разговор со детето, како и информативно-консултативен разговор со неговите родители. Заедно со наставниците го следат неговиот развој и доколку се оцени дека има одредени отстапувања, детето се упатува на процена кај стручното тело за проценка на дополнителна образовна, здравствена и социјална поддршка, базирана на Меѓународната класификација на функционирањето (МКФ).

Во нашето училиште во учебната 2025/2026 година, сите учениците со посебни образовни потреби кои ќе добијат мислање од Комисијата за функционална проценка за користење на услугата образовна асистенција, истата ќе ја користат оваа учебна година. За секој од овие ученици ќе биде формиран Инклузивен тим за ученикот кој изготвува и работи според индивидуален образовен план а истиот вклучува адаптации на наставните програми, според кои треба ученикот да напредува. Во тој тим влегуваат сите наставници кои му предаваат на ученикот и специјален едукатор и рехабилитатор.
Тие треба да изготват ИОП најдоцна до 30 септември.

### 8.14. Туторска поддршка на учениците

Според член 36 од Законот за основното образование е предвидено и ангажирање на надворешни лица во својство на тутори кои би им помагале на учениците полесно да ги усвојуваат содржините, да пишуваат домашни итн.

Во досегашното работење немало потреба од туторска поддршка на учениците, но доколу се јави потреба, тековно ќе бидат назначени тутори и ќе биде изготвена програма за туторство по соодветниот предмет.

Во училиштето ќе се обезбеди туторска (дополнителна) поддршка на учениците за оние предмети кои се дел од наставниот план за тековната учебна година која ќе ја реализира тутор, преку почитување на сите критериуми доколку има потреба од истиот.

### 8.15. План на образовниот медијатор

Поради големата застапеност на ученици Роми кои потекнуваат од социјално загрозени семејства и/или се подолго време надвор од образовниот систем, се јави потреба да се назначи образовен медијатор.

Улогата на образовниот медијатор е информирање за можностите и пристапот до училиштата, спроведување редовни средби за сензибилизација на населението и вработените во основното училиште со спецификите и потребите на ранливите групи во делот на образованието, редовна соработка со стручните соработници и наставниците за подобрување на постигањата на учениците, преземање активности за спречување на прерано напуштање на воспитно - образовниот процес на учениците. за За назначување на образовен медијатор училиштето поднесува барање до Министерството најдоцна до 15 септември, а истиот се избира најдоцна до 1 октомври во тековната година.

## 9. Воннаставни активности

Програмата на училиштето опфаќа различни воннаставни активности на учениците кои имаат за цел:

- задоволување на индивидуалните интереси
- развививање на способностите на учениците
- зајакнување на меѓусебната доверба и толеранција низ дружењето во слободното време.

Во основните училишта воннаставните активности најчесто се организираат во областа на науката, техниката, уметноста, спортот, самозаштитата, унапредувањето на здравјето или со учество на учениците во културно-уметнички и општествено-хуманитарни активности (учество во училишен хор, оркестар, драмска, рецитаторска секција, дебатен клуб и сл.). На тој начин во училиштето се создаваат можности учениците кои имаат интерес за одредени области и предмети, без оглед на успехот во редовната настава, да се вклучат и да се потврдуваат со своите постигања.

Личниот интерес на ученикот има примарно значење во изборот на воннаставните активности. Училиштето има надлежност и води постојана грижа за просториците, кадровските и материјално-техничките услови за збогатување и осмислување на целите и содржините на воннаставните активности.

Со планирањето и реализацијата на воннаставните активности се збогатува воспитно образовната работа на училиштето со што станува попривлечно за учениците, се воспоставува современ пристап што овозможува активно учество на учениците на повеќе нивоа: од изборот и селекција на темите, преку изведување на активностите, па сè до презентација на резултите и нивна примена во училиштето, средината и секојдневниот живот.

Секој ученик учествува во воннаставните активности по свој избор, а училиштето ги сумира интересите преку спроведување на анкетен прашалник на почетокот на учебната година. Учениците кои учествуваат во училишниот хор или оркестар можат да се ангажираат најмногу до три часа неделно. Одделни секции или групи што се организираат можат да се обединуваат според содржината или карактерот на активностите во поголеми ученички асоцијации, како на пример, во училиштето може да се формираат училишни клубови, друштва и сл. Постојат можности за поврзување на воннаставните активности на учениците и на ниво на општина, со соодветни организации и заедници (Црвен крст, Детска организација, еколошки друштва, и сл.).

За учеството во воннаставните активности се води евиденција во дневникот на паралелката и на крајот на учебната година на ученикот му се издава додаток на свидетелство, во кое се наведува учеството во воннаставните активности.

Воннаставните активности на учениците подетално се планираат со Годишната програма на училиштето.

## *9.1 Училиштни спортски клубови*

Во нашето училиште е формиран училишен спортски клуб „Илинден“ кој продолжува со работа и оваа учебна година. Во него покрај учениците од нашето училиште членуваат и ученици од целата општина. Во рамки на спортскиот клуб се реализираат повеќе спортови со претходно испланирани цели.

*План на активности за реализација на училишните спортови*

**Цели** на училишниот спорт: правилен психофизичкиот развој на учениците, зајакнување на нивното здравје, формирање навики за здрав живот, спортска активност и култура на добро држење на телото.

**Конкретни цели** се: стекнување и развивање на моторните способности како: аеробна и анаеробна способност, брзина, рамнотежа, координација на движењата, ориентација во простор, експлозивност, сила, развој на општата моторика и превенција на деформитети на локомоторниот систем преку правилно изведување на вежби за правилен анатомско-физиолошки, функционален и моторен развој, развој на фер-плеј однос идр.

**План** на активностите, времето на реализација, опфатеноста на ученици, предвидените настапи, турнири итн. се дадени во програмите за воннаставни активности на наставниците по физичко и здравствено образование. Процедурата

понудена за оваа вонннаставна активност на учениците на почетокот од учебната година преку анкети како и согледување на способностите на учениците, начинот на финансирање е од страна на училиштето и општината. Тимот за следење на реализацијата се наставниците по ФЗО, директорот како и надворешни членови (по потреба).

**Евалуација** на постигањата: критериуми за вреднување на постигањата се: бројот на учества на натпревари по нивоа (општински, регионални, државни) како и бројот на освоени награди.

Во текот на учебната година се формираат неколку тимови:

| Училиштен спорт | Време на реализација | Опфатеност на ученици |
|---|---|---|
| Кошарка | во тек на учебната година | I-IX одд. |
| Ракомет | во тек на учебната година | I-IX одд. |
| Футсал | во тек на учебната година | I-IX одд. |
| Шах | во тек на учебната година | I-IX одд. |
| Одбојка | во тек на учебната година | I-IX одд. |
| Корективна гимнастика | во тек на учебната година | I-IX одд. |
| Забавен училишен спорт | во тек на учебната година | I-IX одд. |
| Пинг понг | во тек на учебната година | I-IX одд. |

Изборот е според афинитетот на учениците и нивните интереси. Одговорни наставници за овие спортски тимови се наставниците по физичко и здравствено образование Билјана Јовановска, Оливер Златковски и Кристијан Станојковски.

### *9.2. Секции/клубови*

Учениците се организирани во секции со цел да ги покажат своите квалитети и вештини по одделни предмети. Секциите се одржуваат еднаш неделно, според распоредот што е утврден на ниво на училиштето. За учество во работата на секциите учениците се определуваат со пополнување на анкетни листи кои се задаваат во почеток на учебната година.

Според карактерот и содржината на работа, слободните ученички активности се застапени како:

- Слободни активности за проширување и продлабочување на знаењата и способностите на учениците
- Културно-уметнички активности
- Слободни технички активности
- Спортски активности

Преку слободните ученички активности се остваруваат значајни воспитно-образовни резултати.

Задачите на слободните ученички активности се:

- Да се поттикнува и негува детската љубопитност, сознајните способности и креативноста на учениците

- Учениците да се воведуваат во задачи кои бараат поголема самостојност во нивното извршување
- Да се негува доследност и истрајност во извршување на ученичките обврски
- Да се создаваат навики кај учениците за правилно и рационално користење на слободното време

-Слободни ученички активности се реализираат на наставни часови предвидени со распоредот на часови.

За учениците од I до V одделение, секциите ќе се организираат во рамките на паралелките. Работата на секциите ќе се одвива по однапред изготвена програма од одделенските наставници, каде се одредени содржините за работа и времето за реализација, а знаењата добиени од работата во секциите ќе бидат презентирани на приредбите и прославите, на натпреварите и квизовите што училиштето ќе ги организира во рамките на одделението, училиштето и пошироко.

Преку секциите се создаваат можности за индивидуализација на образовниот и воспитниот процес, за задоволување и негување на индивидуалните интереси и способности на учениците. Училиштето ги нуди следните секции и слободните ученички активности:

| Ред. бр. | Секции | Реализатор | бр. на часови годишно |
|---|---|---|---|
| 1. | Млади математичари | Наставници | 36 |
| 2. | Млади програмери- „Кодери“ | Наставници | 32 |
| 3. | Млади географичари | Наставници | 36 |
| 4. | Млади историчари | Наставници | 36 |
| 5. | Странски јазици<br>Германски јазик | Наставници | 36 |
| 6. | Странски јазици<br>Англиски јазик | Наставници | 36 |
| 7. | Драмско-рецитаторска секција | Наставници | 36 |
| 8. | Литературна секција | Наставници | 36 |
| 9. | Новинарска секција | Наставници | 20 |
| 10. | Библиотекарска секција | Библиотекар | 15 |
| 11. | Млади музичари | Наставници | 20 |
| 12. | Еколошка секција | Наставници | 15 |

Во училиштето постојат просторни, кадровски и материјално – технички услови за организација и реализација на слободните ученички активности.

Во првата недела од септември овие секции ќе им се понудат на учениците преку анкетни прашалници. Врз основа на покажаниот интерес на учениците ќе се формираат секциите.

Секоја секција ќе има одговорен наставник, според стручната квалификација и афинитети за одредени видови активности, кои ќе подготват програми за работа. Секоја секција ќе избере свој претседател од редот на учениците.

### *9.3. Акции*

Во училиштето се организираат хепенинзи, хуманитарни настани, одбележување на Денот на училиштето, одбележување на празниците според календарот со јасно дефинирани содржини, време на реализација. Задолжително во реализацијата се вклучени и претставници од Советот на родители.За реализација на сите предвидени активности се изготвува посебна програма.

- ***Општествено хуманитарна работа - план***

| Содржини | Време на реализација | Реализатори | Одговорни лица |
|---|---|---|---|
| Новогодишен панаѓур | декември | наставници<br>родители | Билјана Јовановска<br>Наташа Ц. Стојановска |
| Априлијада | април | наставници<br>родители<br>ученици | Маре Ангеловска |
| Велигденски панаѓур | април | наставници<br>родители | Сузе Спасовска<br>Пепица Ј.Стојчевска<br>Татјана Славова |
| Прослава на Патрон празникот на училиштето | мај | наставници<br>ученици | Директор, претседатели на стручни активи |
| Одржување и уредување на културно – историски споменици во непосредната околина | октомври, март, мај - пред празници | наставници<br>ученици | Зоран Милковски<br>Синиша Стаменковски |
| Акција за собирање стари алишта и други материјали за загрозени лица | по потреба | наставници<br>ученици | Славица Ристовска<br>Живка Стоилковска |
| Учество во ублажување на последиците од елементарни и др. несреќи | по потреба | наставници<br>ученици | Зоран Милковски<br>Славица Ангеловска |
| Пошумување и учество во еколошки акции | по потреба | наставници<br>ученици | Влатко Спасовски<br>Соња Стојановска |

# 10. Ученичко организирање и учество

Ученичкото организирање служи за да се овозможи активно учество на учениците во застапување и промовирање на нивните права и интереси, преку демократско учество во донесување одлуки во училиштето во однос на прашањата што се во нивен непосреден интерес (настава, воннаставни активности, односи меѓу учениците, односи со возрасните и физичките услови во училиштето).

Ученичкото организирање се остварува преку формирање на ученички тела на ниво на паралелка и на ниво на училиште, преку: заедница на паралелка, ученички парламент и ученички правобранител.

**Заедница на паралелка** ја сочинуваат ученици од една паралелка, со демократски избран претседател. За таа цел изработена е Годишна програма за работа распределена по месеци за цела учебна година.

**Ученичкиот парламент** го сочинуваат претседателите на заедниците на паралелките. Тој активно учествува во застапување и промовирање на правата и интересите на учениците; го промовира ученичкиот активизам, учествува во подготовката на Годишната програма за работа, дава предлог-активности за годишните програми за екскурзии, дава предлози за воннаставни активности на училиштето, како и предлози за подобрување на воспитно-образовниот процес. Освен тоа, учениците учествуваат во оценувањето на работата на училиштето, а преку свои претставници учествуваат и во Советот на родители, Наставничкиот совет и Училишниот совет. Организираат и учествуваат во хуманитарни активности, еколошки активности и општествено корисна работа.

Преку оваа организација учениците имаат можност да учествуваат во креирањето на позитивна клима за работа и учење, градење и негување на другарски односи и соработка, како и можност да придонесуваат за нивниот правилен развој и целокупното работење на училиштето и пошироката заедница. Организационата поставеност почнува од учениците во паралелката, па до училишниот парламент.

Членовите на парламентот ќе одлучуваат за прашања поврзани со учењето, престојот во училиштето, меѓусебните односи, како и односите со возрасните во училиштето.

За поуспешна работа на Ученичкиот парламент изработена е Годишна програма за работа распределена по месеци за цела учебна година. Како кординатор на работата на учениците од Ученичкиот парламент во смисла на давање насоки и помош е одредена Билјана Јовановска, наставник по Физичко и здравствено образование. Координаторот ќе биде повикуван на состаноците на Ученичкиот парламент тогаш кога ќе има потреба од негова дополнителна советодавна помош.

**Ученички правобранител** во нашето училиште ќе биде избран на првата седница на ученичкиот парламент на почетокот на учебната година по пат на тајно гласање. Ученички правобранител се грижи за заштита и почитување на правата на децата во училиштето, ги промовира правата на детето, препознава повреда на детските права во рамките на училиштето и ги пријавува сите случаи на повреда на детските права до надлежните органи во/вонучилиштето.

Задачата на ученикот правобранител за промовирањето на детските права примарно ќе биде реализирана преку различни активности (едукативни работилници, дебати, инфо денови итн.). Реализацијата на ваквите активности ќе биде потпомогната од страна на стручната служба во училиштето. Исто така, ученичикот правобранител и замениците ќе можат да организираат информативни настани преку кои ќе се промовираат детските права. Втората задача на ученикот правобранител и неговите заменици е поддршка за заштита на детските права и информирање на учениците во училиштето. Ученикот правобранител препознава прекршување на детските права и прибира поплаки од учениците. Понатаму ученикот правобранител ги доставува поплаките до стручната служба на натамошно решавање и редовно го консултира заменик народниот правобранител задолжен за детски права. Во рамки на оваа задача е прибирање на податоци од сите органи и тела на училишната заедница и стручната служба во училиштето, добивајќи улога на постојан набљудувач. Ученикот правобранител има редовни месечни состаноци со стручната служба на училиштето. Ученикот правобранител учествува во работата на ученичкиот парламент.

# 11. Вонучилишни активности

## *11.1. Екскурзии, излети и настава во природа*

Екскурзија е форма на воспитно- образовна работа со која на организиран начин се проширувaат општите и стручните знаења и ученичките сознанија за одредени подрачја од животот и работата на луѓето и се запознаваат со природните убавини и културно историските знаменитости на Р. Северна Македонија, традицијата и обичаите.

Со Годишната програма за работа на училиштето во учебната 2025/26 година е регулирана активноста: организирање на екскурзии со воспитно-образовен карактер, чија цел е кај учениците да се развива другарство, почитување, интерес за природните богатства и културно-историското наследство, како и љубов кон природата.

Согласно Правилникот за начинот на изведување на екскурзиите, излетите и другите вонучилишни активности на учениците од основните училишта, во нашето училиште е формиран стручен тим за подготовка на програми за екскурзии, излети и другите вонучилишни активности и се назначени одговорни наставници. Во текот на учебната година за сите ученици ќе бидат организирани два еднодневни излети (есенски и пролетен) и посета на детскиот музички фестивал „Златно Славејче“, посета на саем на книга, еднодневна екскурзија за учениците од трето одделение, ‚дводневна наставно-научна екскурзија со учениците од шесто одделение, тридневна за учениците од деветто одделение и 3 дена настава во природа за учениците од петто одделение.

Одговорни наставници: **Емилија Рангелова, Добри Јовевски, Ивица Петровски, Снежана Златковска и Анита Илиевска.**

| Програмска содржина | Време | Место | Очекувани резултати |
|---|---|---|---|
| Еднодневен есенски излет | септември октомври I-IX одд | Св. Јоаким Осоговски, | Да овозможи одмор и рекреација на учениците |
| Еднодневна екскурзија | октомври мај III одд. | Битола | Развивање на другарство и социјализација на учениците; Учениците непосредно да се запознаат со видовите населби; Учениците непосредно да се запознаат со природните одлики на РС Македонија; |
| Дводневна екскурзија | октомври мај VI одд. | Источен дел на Република Северна Македонија | Продлабочување и проширување на знаењата, како и запознавање со природните убавини, стопански објекти и културно-историски споменици. Да овозможи одмор и рекреација, поттикнување на другарство, колективност |
| Тридневна екскурзија | септември/ октомври мај IX одд. | Западен дел на Република Северна Македонија | Продлабочување и проширување на знаењата, како и запознавање со природните убавини, стопански објекти и културно-историски споменици. Да овозможи одмор и рекреација, правилен развиток на ученикот, другарство, колективност |
| Еднодневен пролетен излет | мај I-IXодд. | По избор | Одмор и рекреација, правилен развиток и напредок на ученикот, еколошка свест |
| Настава во природа 3 дена | мај V одд. | Западен дел на Република Северна Македонија | Продлабочување и проширување на знаењата, одмор и рекреација, правилен развиток на ученикот, другаство и еколошка свест |

Во зависност од интересите на учениците, како и од временските услови, а во договор со родителите, учениците и наставниците можни се и промени во планот за изведување на екскурзиите.

Програмата за екскурзии, излети и други вонучилишни активности е дадена како Прилог на Годишната програма.

# 12. Натпревари за учениците

***Натпревари за учениците***

Учениците кои се истакнуваат со своите интереси, активности и вештини во одредна област имаат можност истите да ги презентираат и докажат на ученичките натпревари, организирани од училиштето или акредитирени здруженија од одредена област како и меѓународно признати натпревари. Натпреварите играат значајна улога во развојот на личноста на ученикот. Тие кај него покрај образовната компонента го развиваат натпреварувачкиот дух, мотивираноста, издржливоста, чувството на припадност и тимскиот дух. На овој начин учениците се стекнуваат со нови искуства и другарства.

Нашето училиште учествува на :

- училишни натпревари;
- општински натпревари;
- регионални натпревари;
- државни натпревари;
- меѓународни натпревари

Во оваа учебна година ќе се организираат интерни училишни натпревари на знаења. Ќе се организираат и технички и спортски натпревари. Најуспешните ученици од овие натпревари ќе земат учество на општински, како и на регионалните натпревари, а во зависност од постигнатите резултати ќе учествуваат и на државните и меѓународните натпревари. Учениците од училиштето преку ликовната, литературната, рецитаторската секција, хорот и оркестар ќе учествуваат на општински и државни културно уметнички натпревари организирани по разни поводи во општината и регионот.

Училиштето во текот на учебната година определува кои училишни натпревари ќе ги организира и во кој период од учебната година. Планот за реализирање на училишните натпревари се истакнува на огласните табли во училиштето,

**Училиштето ќе организира училишни натпревари по предметите**:

| **Ред. бр.** | **Предмет** | **Наставник** | **Време на реализација** |
|---|---|---|---|
| 1. | Македонски јазик | Анета Трајковска<br>Тања Ѓоргиевска<br>Дијана Илиевска<br>Даниела Груевска | февруари-март |
| 2. | Историја | Синиша Стаменковски<br>Зоран Милковски | февруари-март |
| 3. | Географија | Даниел Стојилковски<br>Оливер Георгиевски | февруари-март |
| 4. | Англиски јазик | Адријана Додевска<br>Даниел Спасовски<br>Драгана Тројановска<br>Билјана Ј.Николовска<br>Сања Јанковска | февруари-март |
| 5. | Математика | Снежана Златковска<br>Марија Ристовска<br>Миле Ангеловски<br>Рајна Јакимовска<br>Тања Јовановска | февруари-март |
| 6. | Биологија | Ивица Петровски<br>Славица Јакимовска | февруари-март |
| 7. | Хемија | Бранка Митовска | февруари-март |
| 8. | Физика | Рајна Јакимовска<br>Тања Јовановска | Февруари-март |
| 9. | Музичко образование | Мартин Бошковски | февруари-март |
| 10. | Ликовно образование | Пепица J. Стојчевска | февруари-март |
| 11. | Природни науки | Моника Дејановска | Февруари-март |

# *13.* Унапредување на мултикултурализмот /интеркуртуларизмот и меѓуетничката интеграција

Училиштето води политика на заемно почитување и рамноправен третман на сите структури што учествуваат во училишниот живот. Во училиштето постои професионална соработка меѓу вработените. Раководниот, наставниот кадар и стручната служба имаат важна улога во одржувањето на добра атмосфера во училиштето што се гледа од нивното однесување со другите вработени, учениците и други посетители на училиштето.

Сите ученици, без оглед на својата национална припадност, подеднакво учествуваат во наставата и во воннаставните активности во зависност од своите интереси. Вработените во училиштето подеднакво се однесуваат спрема сите ученици, независно од полот, етничка припадност, вера, социјално потекло и еднаквост спрема децата со посебни потреби кои активно се вклучени во наставатаУченици во училиштето без оглед на способнастите, родот, етничката припадност, верата и потеклото, се чувствуваат прифатени од возрасните и од своите соученици. Со спроведување на интегрирани часови по одредени наставни предмети како и преку содржините што се изучуваат од изборните предмети, учениците ќе ги запознаваме со разните култури кај нас.

Училиштето е вклучено во проектот на МЦГО, БРО и МОН- „Меѓуетничка интеграција на младите во образованието“. Преку програмата **,,Меѓуетничка интеграција на младите во образованието“** учениците ќе се запознаваат со разни култури преку спроведување на мултикултурни активности во училиштето и надвор од училиштето. Продолжува соработката со партнер училиштето **ОУ „Симче Настовски“ с. Вратница, ПУ Јажинце** со кое имаме потпишано меморандум за соработка. Одговорен наставник на Тимот за меѓуетничка интеграција на младите во образованието (МИМО) е Марија Смиљков. Овој тим изготвува програма и план со конкретни активности кои ќе се реализираат во текот на учебната година и е дадена во прилог на Годишната програма.

Примарна цел на партнерството е оспособување на учениците за соживот во мултикултурното општество, која се остварува преку активности низ кои учениците се ангажираат во размена на култури, традиции, заедничко промовирање на културното наследство меѓу двете училишта преку посети на културни и образовни мнифестации, празници, изложби, разни еколошки акции и др.

## 14.Проекти што се реализираат во основното училиште

Проекти кои се реализираат во училиштето:

- **Интеграција на еколошката едукација во образовниот систем на училиштето**

Во текот на учебната година 2025/2026 година сите наставници од одделенска и предметна настава од училиштето ќе реализираат часови со интеграција на еколошката едукација во образовниот систем на училиштето применувајќи ги сите еко стандарди од еко програмата. Целта на оваа програма е подигање на свеста кај учениците, вработените и пошироката заедница за заштитата на животната средина.

**Цели**:

- Воведување на еколошкото образование во воспитно образовниот процес Подобрување на условите за престој и работа во училиштето
- Поттикнување на учениците и вработените да размислуваат и да дејствуваат еколошки

**Задачи:**

- Интеграција на еколошката едукација во сите предмети во одделенска и предметна настава;
- Изработка на еко-проекти;
- Одбележување на значајни еколошки датуми од приложениот еколошки календар;

- Проектот **„Безбедно училиште“** - Изготвен е Кодекс на однесување на сите структури во училиштето. Во текот на учебната година се вршат презентации и работилници со актуелни теми од денешницата: конфликти, штетност од дрога, алкохол, а исто така се работеше на превенција на насилството и беа реализирани активности во прилог на намалување на насилството.

- Преку програмата **,,Меѓуетничка интеграција на младите во образованието“** учениците ќе се запознаваат со разни култури преку спроведување на мултикултурни активности во училиштето и надвор од училиштето. Продолжува соработката со партнер училиштето **ОУ „Симче Настовски“ – с. Вратница, ПУ Јажинце** со кое имаме потпишано меморандум за соработка. Одговорен наставник на Тимот за меѓуетничка интеграција на младите во образованието (МИМО) е Марија Смиљков. Овој тим изготвува програма и план со конкретни активности кои ќе се реализираат во текот на учебната година и е дадена во прилог на Годишната програма.

- Проектот **„Училишта кои го промовираат здравјето“** — е училиште кое постојано го зајакнува својот капацитет како безбеден и здрав амбиент за живеење, учење и работа. Концептот на Училишта кои го Унапредуваат Здравјето е пристап на ″целото училиште″ за унапредување на здравјето и образовните достигнувања, преку искористување на организацискиот потенцијал на училиштата за унапредување на севкупното здравје на учениците и за постигнување на позитивни образовни резултати. Нашето училиште е едно од пилот училиштата вклучени во проектот.

Проектот е поддржан од МОН, Министерство за здравство и World Health Organization (WHO). Преку проектот се формира ученички клуб кој работи на активности и обуки за унапредување на здравјето.

- **„Медиумскиот клуб“ при ООУ „Илинден“** од Крива Паланка продолжува со работа и оваа година со цел развивање на медиумската писменост кај учениците и јакнење на нивните дигитални, комуникациски и критички вештини. Преку редовни активности, учениците имаат можност да се вклучат во создавање медиумски содржини, анализирање на информации, препознавање дезинформации и активно учество во јавниот.

- **ГЛОБЕ** (Global Learning and Observations to Benefit the Environment) е меѓународна програма која ги поврзува учениците, наставниците и научниците од над 120 земји. Целта на програмата е да ги инспирира младите генерации да учат за животната средина преку практични истражувања и научни набљудувања. На тој начин нашите ученици преку искуствено учење ќе можат да вршат прецизни мерења и директно да ги внесуваат податоците на ГЛОБЕ мрежата, придонесувајќи за глобалниот мониторинг на животната средина. Проектот се реализира во соработка со Министерството за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија.

-

# 15. Поддршка на учениците

## *15.1. Постигнување на учениците*

Училиштето континуирано ги следи постигнувањата на учениците од различен пол, етничка припадност и наставни предмети. Стручните соработници изготвуваат анализи и извештаи за успехот и поведението на учениците по завршување на класификационите периоди, исто така изготвуваат и споредбени анализи за успехот на учениците по предмети, паралелки и по пол за 3 години station наназад. Наставниот кадар и стручните соработници водат целосна и уредна евиденција за напредокот, постигнувањата, редовноста и поведението на учениците, како и за нивниот социјален, емоционален и интелектуален развој. Континуирано, стручните соработници и наставниците прават анализи за потребите на учениците, но и на наставниците, кои имаат за цел подобрување и унапредување на наставата. Посебно внимание се посветува на идентификацијата и утврдувањто на потребите на надарените ученици, како и на учениците со посебни потреби, за што треба да се изработат посебни програми, коишто вклучуваат активности и систем за следење на напредокот на овие ученици. Стручните активи во своите програми планираат нагледни часови со користење на методи на активна настава и изготвување на ефективни инструменти за оценување на знаењата на учениците.

Училиштето располага со податоци за постигањата на учениците **во годишните извештаи и спроведени анализи по учебни години.** Направена е споредбена анализа **на средниот успех за 3 години на полугодие и на крајот на учебната година**.

Постигнувањата на учениците се следат при преминот на учениците од

- **одделенска во предметна настава**;
- **при преминот на учениците од деветто одделение и прва година во СОУ„ Ѓорче Петров“** преку споредба и анализа на успехот од првото полугодие.

**ПРЕГЛЕД**

**на средниот успех за две учебни години**

| | 2023/24 | 2024/25 | разлика |
|---|---|---|---|
| ПОУ с. Конопница | 4,48 | 4,60 | +0,12 |
| ПОУ с. Мождивњак | 4,58 | 4,56 | - 0,02 |
| Матично училиште | 4,48 | 4,45 | -0,03 |
| ООУ „Илинден“ | 4,51 | 4,48 | -0,03 |

Активности за подобрување на постигањата на учениците во ООУ„Илинден“ Крива Паланка во текот на учебната 2025/2026 година се:

- **Унапредување на наставата и учењето преку** :
  -фаворизирање на современи стратегии на настава и учење: учење со разбирање, учење по пат на решавање на проблеми, активност на учениците, интеракција, примена на современи наставни средства, употреба на ИКТ технологија, учење по пат на решавање на проблеми, самостојно истражување, визуелни презентации.
- **Унапредување на кадровски ресурси**
  - Преофесионален развој на наставниците преку интерни обуки и акредитирани програми.
- **Обезбедување пристап кон ранливи групи**
  - Евидентирање, следење и поддршка во учењето
- **Инклузија и образовна партиципација на учениците со посебни образовни потреби**
  -Следење на напредувањето, адаптирањето, учењето и комуникацијата
  - Поддршка на наставниците, учениците и родителите
  - Индивидуализирана работа со ученици со посебни образовни потреби
- **Пристап кон талентирани ученици**
  Рано откривање и работа со талентирани и надарени ученици
  Програма за работа со талентирани ученици
- **Оценување за учење-формативно оценување**
  - информирање на учениците за критериумите за оценување и истакнување на видно место во училниците и објаснување што се очекува од нив да научат
  - вклучување на учениците во процесот на оценување преку самооценување и взаемно оценување
  - Постојано следење на напредокот и постојана проценка и информирање за постигањатата
  - водење на досиеја за учениците
- **Вклучување и соработка со семејството**
  -информирање на родителите за постигањата на учениците

## *15.2. Професионална ориентација на учениците*

Основното образование, како комплексна, перманентна и општествено организирана дејност, му помага на поединецот во избирањето на професијата и занимањето, а потребите налагаат професионалната ориентација да биде присутна од почетокот на школувањето на учениците.

Според Законот за основно образование, училиштето планира и презема конкретни активности за професионална ориентацијана учениците. Целта на сите активности е навремено и правилно професионално информирање и ориентирање на учениците, со кои учениците ќе се запознаат со можностите кои ги нудат средните училишта, со структурите и занимањата, да се информираат за условите и критериумите за упис во средно училиште, откривање на интереси и желби на учениците за продолжување на образованието, давање помош за правилен избор на струка и занимање.

На полето на професионалната ориентација на учениците се работи континуирано во текот на нивното основно образование, аакцент се става во осмо и девето одделение согласно правилникот за професионална ориентација дадаен од БРО. Во соработка со компаниите од локалната заедница, како и во соработка со родителите, учениците од најрана возраст на основното образование се запознаваат со професии, струки и занимања, со цел да се поттикнуваат за избор на идната професија.

За **професионална ориентација** на учениците стручниот соработник задава прашалници за самопроцена на интересите и способностите на учениците, со цел на учениците да им се помогне за правилен избор на струки и занимања. Стручниот соработник спроведува анкета со учениците за продолжување на нивното образование преку која се запознаваат со интересите и намерите на учениците за продолжување на образованието. Се вршат и индивидуални разговори со учениците. За одредени ученици се вршат и индивидуални разговори со родители, како помош за професионална ориентација на нивните деца (особено за ученици со посебни потреби). Се организираат и презентации од средните училишта од нашата општина, но и од други општини преку кои учениците се запознаваат со условите и критеирумите за упис во средно образование.

Во прилог на годишната програма е конкретна програма за професионална ориентација на учениците со конкретни активности и одговорни лица.

## *15.3. Промоција на добросостојба на учениците, заштита од насилство, од злоупореба и запуштање, спречување дискриминација*

- Училиштето става акцент врз постигањата на учениците преку ***промовирање на личните постигања на учениците.*** Средината за учење е успешно организирана, благодарение на големите залагања на наставницте, а воедно се поставуваат јасни и високи очекувања во однос на образовните постигања.

Сите трудови на учениците за нивните постигања во однос на наставата се наоѓаат кај наставниците, изложени се во кабинетите, во училишниот хол и јавно се објавуваат на фејсбук профилот како и во училишниот весник Илинденче. На тој начин се постигнува поголема мотивација кај учениците за натамошно надоградување, како и

за учество на натпревари, по сите наставни предмети. Учениците своите трудови ги изложуваат и на организираните продажни изложби, продажни изложби од хуманитарен карактер, преку Саеми на знаење и активности кои се спроведуваа по повод патрониот празник на училиштето.

Учениците ги промовираат сопствените успеси, во име на училиштето, со земање учество во разни ТВ емисии. Добиените награди (дипломи, признанија, пофалници, пехари, медали) се изложени во училниците и во училишниот хол.

- Изготвен е ***Протоколот за постапка за пријавување и заштита на ученик-жртва на која било од формите на насилство, злоупотреба и занемарување.***

Во училиштето има изготвено програма за превенција на насилното однесување чија цел е намалување на асоцијалното и насилното однесување во која учествуваат учениците преку индивидуални и групни активности.

Во текот на учебната година се планирани презентации и работилници со актуелни теми од денешницата: конфликти, штетност од дрога, алкохол, превенција и намалување на насилството. За таа цел училиштето остварува соработка со релевантни институции како што се: МВР, Центарот за социјална работа, Здравствени установи преку одржување едукативни работилници за учениците. Стручните соработници и наставниците остваруваат советодавна работа со учениците жртви на насилно однесување и учениците кои манифестираат насилно однесување како и со нивните родители, со цел надминување на ваквите појави. Секој акт на насилство во училиштето мора да се евидентира. Евиденцијата за случаите на насилство ја води одделенскиот раководител и одговотното лице за спроведување на протоколот.

- Училиштето има изготвено ***Процедура за навремено откривање и грижа на ученици со емоционални проблеми*** кои се манифестираат преку намалување на успехот, нередовност во наставата, проблеми во социјализацијата и сл., без оглед на изворот (семејно насилство, семејна негрижа, развод на родителите, болест во семејството). Стручните соработници преку разговори, советувања, работилници им помагаат на учениците или родителите во вакви ситуации или ги упатуваат до релевантни институции.

Училиштето за грижа и следење на учениците со емоционални потешкотии, по потреба соработува со релевантни институции, како што се: Здравствени институции, Центар за социјална работа, МВР и др.

- Во училиштето се води грижа за учениците од ранливите групи. Стручните соработници во своите годишни програми имаат испланирано индивидуална и групна работа со ранливите групи ученици :

**- ученици со проблеми во однесувањето;**
**- со ниска самодоверба;**
**- со емоционални проблеми;**
**- ученици кои насилно се однесуваат и**
**- ученици кои се жртви на насилство.**

- Во оваа учебна година предвидени се активности за ***Антикорупциска едукација*** со цел учениците да се запознаат со поимите корупција, антикорупција, интегритет и етичност кои ќе се реализираат во делот на воннаставни активности.

За планираните активности ќе биде изготвена оперативна програма која ќе биде дадена во прилог.

# *16.* Оценување

## *16.1. Видови оценување и календар на оценувањето*

Предмет на оценување е напредувањето на ученикот во постигнувањето на воспитно – образовните цели под влијание на наставниот процес и другите воспитно – образовни активности, утврдени со планот и оваа програма, односно определување на вредноста на неговите постигања.

При определување на оценка ќе се земат предвид обемот и квалитетот на усвоените знаења, работните навики, оспособеноста за примена на знаењата и развојот на способностите на ученикот. Ќе се следи, проверува и ќе се оценува оспособеноста за практична примена на знаењето во нови ситуации. Ќе се посвети внимание на вистинското следење на целокупниот развој на личноста на ученикот. Оценувањето, пред се ќе има за цел да ги подобри учењето и постигнувањето на учениците. Учениците однапред ќе бидат запознаени со стандардите кои треба да ги постигнат и како добиените резултати ќе се користат. Во наставата централно место ќе има формативното оценување на постигањата на учениците како важен предуслов за подобрување на успехот на учениците и стекнување на квалитетни и применливи знаења. Се врши по пат на соодветни инструменти и техники (усно и писмено проверување, тестови, писмени вежби, контролни задачи, есеи, проекти, ученичко портфолио и др) со што се прибираат податоци, а потоа истите се евидентираат и обработуваат. Процесот на проценка и бодирање на постигањата на учениците ќе биде соодветен на методот на оценување и ќе се спроведува според воспоставени процедури и упатства. Учениците, исто така, ќе бидат соодветно информирани за начинот на кој ќе се бодираат нивните одговори при оценувањето на постигањата. Информирањата за сознанијата од оценувањето ќе бидат навремени, јасни, точни и употребливи за заинтересираните субјекти и институции. Оценувањето е континуиран процес во текот на целата учебна година со анализи на состојбите во четири класификациони периоди.

Анализите се однесуваат на следните педагошки појави: општ успех по предмети, по одделенија, пол, етничка припадност, социјален статус, редовност на учениците и поведението на учениците. Се прави анализа за последните три години, се следи успехот и постигањата на учениците при премин од одделенска во предметна настава и успехот на учениците од деветто одделение и прва година во СОУ „Ѓорче Петров“ со анализа од првото полугодие.

Учениците од првиот период (I до III одделение) во текот на наставната година добиваат описни оценки за задолжителните и изборни предмети. Учениците од вториот период (IV до VI одделение) во текот на наставната година по задолжителните и изборни предмети се оценуваат со бројчани оценки и општ успех. Учениците од третиот период (VII до IX одделение) за задолжителните и изборни предмети се оценуваат со бројчани оценки и општ успех.

Оценувањето на учениците се врши според критериуми и стандарди утврдени од Министерот за образование и наука и Бирото за развој на образованието.

Одделенскиот раководител, односно раководителот на паралелката е должен за постигнатиот успех на учениците да ги известува родителите најмалку четири пати во текот на учебната година.

Комисијата за одделенски испит, поправен испит и испити за побрзо напредување ја формира директорот на училиштето и е составена од претседател и два члена-наставници, од кои еден член е наставник од соодветниот предмет.

### *16.2. Тим за следење, анализа и поддршка*

Во училиштето е формиран тим за следење и проверка на усогласеноста на оценувањето со националните стандарди за основно образование, кој ќе ја утврди процедурата за поплаки и жалби по добиени оцени, ќе утврди начин на информирање на родителите и учениците за овие прашања.

**Тимот за следење, анализа и поддршка** е составен од: директор, психолог, педагог, 2 одделенски наставници и 2 предметни наставници.

| | |
|---|---|
| **Членови на тимот за следење** | 1. Лорета Димитровска– директор;<br>2. Снежана Јакимовска – психолог;<br>3. Анита Илиевска-педагог;<br>4. Живка Столиковска – одделенски наставник;<br>5. Јасминка Станковска –одделенски наставник наставник;<br>6. Адријана Додевска– предметен наставник<br>7. Снежана Златковска- предметен наставник |

Тимот подготвува операционализиран план за следење со конкретни задолженија: период, наставен предмет, анализа на состојбите со оценувањето (квартално - по тримесечја споредбено со извештаи station наназад за 3 години), анализа на состојбата на постигнатите резултати на наставниците, план за поддршка на наставниците кои покажуваат слаби резултати од работењето, поддршка за наставниците кои се иноватори и креатори на развојот на квалитетното оценување, планирање на споделување на добра пракса во рамки на училиштето, формирање на тим за оценување на работата на секој наставник како самооценување со цел да се планира поддршката.

Следењето и вреднувањето на постигнувањата на учениците ќе се остварува според Правилникот за начинот на следење, проверување и оценување. Според тој правилник, предмет на оценувањето се постигнатите резултати во совладувањето на воспитно-образовните содржини, работните навики, заинтересираноста и ангажираноста на ученикот во училиштето. За вреднување на трудот на учениците ќе бидат применети сите типови на проверка на знаењата: писмена проверка (преку изработка на писмени работи, тестови, работни листови и сл.), усмено проверување на знаењата и комбинирано. Следењето на постигнувањата во реализацијата на програмите, анализа на резултатите по одделни предмети во одделните паралелки,

постигнувањата на секој ученик поединечно како и осознавање на состојби значајни за квалитетна реализација на наставните курикулуми.

Следењето на напредувањето на учениците се следи како од наставниците така и од страна на стручните соработници на училиштето и директорот. Учебната година е поделена на четири класификациони периоди, кога се врши разгледување и анализирање на успехот, редовноста и поведение на учениците, која се согледува од дневникот на паралелката и извештаите на наставниците. Така се собираат податоци кои ја карактеризираат континуираноста на оценувањето, дидактичката разновидност на формите, методите и средствата за оценување, разработеноста на критериумите за оценување и се предлагаат мерки за развој и унапредување на наставниот процес во функција на подобрување на успехот.

### *16.3. Следење и вреднување на квалитетот на работата на воспитно-образовниот кадар*

Воспитно - образовниот процес во училиштето се следи од страна на директорот и стручните соработници – педагог, психолог и специјален едукатор и рахабилитатор.

Тие во своите оперативни програми имаат планирано посета на часови со временска динамика.

- Следење и вреднување на планирањата од наставниците по предмети

*План за Следење и вреднување на планирањата од наставниците по предмети:*

| **Планирање кое се следи** | **Динамика на следењето** | **Начин на следење** | **Документ за евиденција** | **Носители на Следењето** |
|---|---|---|---|---|
| Глобалното и тематско планирање за задолжителна , дополнителна и додатна настава | Во текот на месец септември | Увид во планирањата, застапеноста на сите потребни елементи во истите. | Листа за следење на планирањата | директор педагог |
| Подготовка за час (Сценарио за час) | Периодично | Увид во дневните планирања за застапеноста на сите потребни елементи во истите | Листа за следење на дневното планирање | директор педагог |
| Годишната програма за работа на училиштето | По класификациони периоди | Разгледување и анализа на реализацијата | Записници Извештаи | директор, педагог, психолог |

- Следење и вреднување на задолжителната, дополнителната и додатната настава

**Неструктуираното следење** и вреднување на наставата ќе се спроведува инцидентно, доколку се јави некаков проблем во паралелката, доколку се добиени информации за неквалитетно изведување на наставата и слично.

Кога се следи и вреднува на ваков начин:

- мора да се најави еден час порано кај наставникот;
- не треба да се има предвидени очекувања од следењето;
- следењето се бележи во слободна форма;
- се бележат некои впечатливи детали од наставниот процес;
- се обидуваме да го идентификуваме проблемот (доколку постои);
- по следењето белешките се систематизираат и чуваат како извештај од неструктуирано следење на настава;
- по следењето се врши разговор со наставникот, а заклучоците од разговорот се внесуваат во извештајот.
-

**Структуираното следење** на наставата е она кое е планирано во годишните програми на директорот и педагогот. Ова следење се реализира на следниов начин:

- се договара најмалку ден порано со наставникот;
- однапред се знае што ќе се следи;
- следењето се бележи во однапред изработени обрасци кои се исти за сите следења;
- по следењето се разговара со наставникот

- Следење на педагошката евиденција и документација

| **Документ кој се следи** | **Динамика на Следењето** | **Начин на следење** | **Документ за евиденција** | **Носители на следењето** |
|---|---|---|---|---|
| Главната книга на учениците | На почетокот од учебната година - крајот на септември<br><br>На крајот од учебната година | Проверка на внесените податоци за новите ученици<br><br>Проверка на внесените податоци од успехот на учениците | Хронолошки листи за следење и регистрирање на недостатоци | Комисија за прегледување на педагошка документација |
| е-дневник | По завршување на секој класификационен период: ноември, јануари, април и јуни | Проверка на внесените податоци за учениците, нивниот успех и друго. | Хронолошки листи за следење и регистрирање на недостатоци | Комисија за прегледување на педагошка документација |
| Свидетелства | На крајот од учебната година | Проверка на внесените податоци за учениците, нивниот успех. | Список на прегледани свидетелства | Комисија за прегледување на педагошка документација |
| Преведница (запишани и испишани ученици) | Во текот на целата учебна година (по потреба) | Проверка на внесените податоци за учениците | Евидентен лист за запишани и испишани ученици | директор<br>педагог<br>психолог<br><br>секретар |

**Тим за следење:**
Директор — Лорета Димитровска
Помошник директор-Маја Митровска
Педагог-Анита Илиевска
Одделенски наставник – Соња Стојановска
Одделенски наставник – Марија Тренчовска

### 16.4. Самоевалуација на училиштето

На секои две години училиштето врши самоевалуација за сопствената работа и постигањата. Во нашето училиште е извршена Самоевалуација на училиштето со архивски број 01-228/1 од 10.07.2024 година, која ги опфаќа учебните 2022/2023 и 2023/2024 година.

Самоевалуацијата ја спроведе училишна комисија составена од пет члена Маја Митровска - помошник директор; Снежана Јакимовска — психолог; Анита Илиевска — педагог; Живка Стоилковска - наставник и Виолета Илиевска - родител.

### 16.5. Развоен план на училиштето

Секое училиште изготвува Развоен план за својата работа за следните 4 учебни години. Во нашето училиште од страна на тимот изготвен е Развоен план за работата на училиштето за 4 години и е усвоен од Училишен одбор, со архивски број 01-75/1 од 31.1.2023 година. Тимот кој го изработи Развојниот план е: Добри Јовевски, Анета Трајковска, Јасминка Станковска, Моника Дејановска, Маја Митровска и Анита Илиевска.

### 16.6. Самоевалвација за меѓуетничка интеграција

Изготвена е самоевалуација и активностите ќе се реализираат од страна на тимот за меѓуетничка интеграција , а во соработка со наставниците, родителите и учениците.

## 17. Безбедност во училиштето

Еден од приоритетите во нашето училиште е да обезбедиме што е можно поголема заштита и безбедност на учениците и на вработените. Училиштето има разработена стратегија за безбедност на учениците и вработените која опфаќа превентивни активности и мерки (пред опасност од природни катастрофи), оперативни активности и мерки (за време на траење на опасноста) и активности за отстранување на последиците. Постојат пропишани мерки за безбедност на учениците кои се однесуваат на безбедноста во самата училишна зграда, како и безбедноста во училишниот двор, за време на одморите. Редовно се одвиваат дежурства на учениците и наставниците, според однапред направен распоред,

Училишниот простор е безбеден за изведување настава. Инфраструктурата во училиштето (мебелот, скалите, подовите, кровот, прозорците, струјните места, дворот, итн.) се безбедни и не претставуваат потенцијална опасност од повреди на учениците (доколку во текот на годината инцидентно се појават проблеми тогаш тие се решаваат тековно).

Во однос на безбедноста, во училиштето има изготвено:

- **Правилник за заштита од пожари поплави и слични закани и ризици** како една од мерките за заштита од елементарни незгоди во кој се пропишани правилата за постапување во случај на елементарни незгоди. Училиштето располага со противпожарни апарати кои се поставени на видно место во

училиштето и на секој од нив е ставено упатство за употреба. Училиштето има спроведено симулација за евакуација при пожар и изработено план за движење при евакуација кој е истакнат на видни места.

- **План и програма за едукација и заштита на учениците во случај на елементарни незгоди.** Учениците редовно се информирани и обучувани како да се однесуваат во случај на опасност.
- Во нашето училиште има **вработени кои поседуваат вештини за давање прва помош на ученици** во случај на незгода во училиштето, но има потреба од дополнителни обуки за наставниците и вработените во училиштето.
- **План за добросостојбата на учениците, заштита од насилство, од злоупотреба и запуштање, спречување на дискриминација.**
- **План и Програма за менталното здравје и добросостојбата кај учениците.**
- **Куќен ред**, со одредби во него: за учениците, наставниците, стручните соработници, администартивниот, раководниот кадари техничкиот кадар.
- Изготвен **Кодекс на однесување на сите структури во училиштето**
- Истакнат е **распоредот на дежурства на наставниците** на видно место. Со обезбедување на дежурство од страна на наставниците за време на големиот одмор и одморите меѓу часовите

# *18.* Грижа за здравјето

### *18.1. Хигиена во училиштето*

И оваа учебна година приоритет на нашето училиште ќе биде обезбедување на чиста и здрава средина и околина за сите. Преку советодавна работа, училишни акции, предавања, работилници и слично ќе се поттикнува свеста кај учениците за одржување на личната и општата хигиената.

Заштитата и унапредувањето на здравјето на учениците е обврска на сите ученици и вработените во училиштето,

За одржување на хигиената во училиштето се грижи хигиенско-техничкиот персонал: и тоа 12 хигиеничари, 1 парногреач и 1 хаусмајстор, помогнати од учениците, а особено задолжени се членовите на детската организација

Дежурните наставници за време на одморите, хигиено-техничкиот персонал за време на часовите ќе се грижат и интервенираат во однос на хигиената во училиштето и училишниот двор.

| Содржини | Време на реализација | Реализатори |
|---|---|---|
| Одржување и уредување на училницата | септември - јуни | Одделенски раководители, учениците |
| Одржување и уредување на училишниот двор | септември - јуни | Наставници, ученици |
| Одржување и уредување на училишниот ходник | септември - јуни | наставници, ученици |

Пред почетокот на учебната година се обезбедени потребните хигиенско-технички услови за работа, односно сите училишни згради се генерално исчистени, променет е дел од дотрајаниот училишен инвентар, извршено е варосување и санација на сите оштетувања на водовод и електрика во училиштето. Редовно на почетокот на учебната година се врши дератизација и дезинфекција во училиштето како и во текот на учебната година.

Што се однесува до основниот инвентар, тој се обновува секоја година, но поради оштетување на истиот се јавува потреба од негово повторно обновување и надополнување како и набавка на нагледни средства. Континуираното модернизирање на просторните капацитети и дидактички средства се прави со цел да се задоволат потребите на учениците и вработените и да се создаде пријатни услови за учење и реализирање на воспитно-образовната работа.

### *18.2. Систематски прегледи*

Училиштето континуирано се грижи за здравјето на учениците од повеќе аспекти: систематски и стоматолошки прегледи, вакцинации, едукативни предавања и сл.

Со задолжителните систематски прегледи ќе бидат опфатени учениците од I, III, V, VII и IX одделение, кои опфаќаат: мерење на висина и тежина, проверка на вид, проверка на ’рбетниот столб и локомоторниот систем, лабараториски преглед на крв и урина. По извршените прегледи се евидентира состојбата и се даваат препораки за понатамошно специјалистичко проследување (доколку има потреба).

Со задолжителните стоматолошки преглади се опфатени сите ученици од одделенската настава, а тие опфаќаат: залевање на забите, откривање на деформитети и неправилности во растот на забите и вилиците, евиденција на состојбата на забалото, запис во картон. За сите прегледи навремено се информирани родителите. Истите се реализираат во соработка со Здравен дом- Крива Паланка.

При запишувањето на децата во прво одделение задолжително се бара и потврда за редовни стоматолошки прегледи, применетите задолжителни вакцини и потврда од реализиран офталмолошки преглед за детето како услов за запишување.

Сите вработени еднаш годишно одат на санитарен преглед, а на секои две години на систематски преглед.

| ***План за Систематски преглед и Залевање заби*** | | | |
|---|---|---|---|
| ***Активност*** | ***Одд.*** | ***Време*** | ***Одговорни наставници*** |
| ***Систематски преглед*** | I | ноември/ декември | Наставници од прво одд. |
| | III | ноември/ декември | Наставници од трето одд. |
| | V | ноември/ декември | Наставници од петто одд. |
| | VII и IX | ноември/ декември | Одделенски раководители од седмо и деветто одд. |
| ***Залевање заби*** | I | јуни | Наставници од прво одд. |
| | II | март | Наставници од второ одд. |
| | III | јануари | Наставници од трето одд. |
| | IV | септември | Наставници од четврто одд. |
| | V | ноември | Наставници од петто одд. |

## *18.3. Вакцинирање*

Имунизација (вакцинација) се врши за ученици од одделенска и предметна настава. Опфатени ученици за вакцинација и имунизација се учениците од I, II, VI, VIII и IX одделение. Имунизацијата се врши според Програмата за имунизација на учениците од основните училишта, а се реализира во соработка со Здравен дом- Крива Паланка.

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| ***Вакцинација*** | MRP | I | септември | Наставници од прво одд. |
| | Mantoux-test<br>BCG<br>Ди-Те+OPV | II | октомври<br>октомври<br>март | Наставници од второ одд. |
| | Ди-Те-Пер<br>ХПВ | VIII | март,<br>октомври | Одделенски раководители од осмо одд. |

### *18.4. Едукација за здрава исхрана – оброк во училиштата*

| ***Едукација за здрава исхрана*** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| ***Реден бр.*** | ***Тема*** | ***Одд.*** | ***Предавачи*** | ***Термин*** |
|  | *Сезонско овошје и зеленчук* | I-V | Ивица Петровски | октомври-ноември |
|  | *Со здрава храна против вируси* | VI-IX | Претставник од Здравен дом-Крива Паланка. | јануари-февруари |
|  | *Исхрана-здрави заби* | I-IX | Др. Лилјана Стојановска | мај-јуни |
|  | *Значењето на водата во здравјето на човекот* | V-IX | Моника Дејановска | март-април |

Се реализираат активности од кампањата „Здрава храна за детство без мана“ со цел едукација на учениците за здравата исхрана, подигање на свеста, подигање на училишниот активизам, промоција и вклучување на родителите. Стручната служба, одделенските раководители и наставниците во своите програми за работа реализирааа едукативни работилници за здрава исхрана и работилници за унапредување на здравјето.

## 19. Училишна клима

### *19.1. Дисциплина*

За одржување на дисциплината во училиштето се грижат сите вработени и учениците, согласно Кодексот на однесување. Училиштето има изготвено Куќен ред и Кодекс на однесување на сите структури во училиштето, кои се истакнати на видно место во училиштето.

На почетокот од учебната година во распоредот на часови се внесуваат и дежурните наставници за секој ден од неделата по спратови. Тие имаат задача да се грижат за дисциплината за време на одморите. Секој дежурен наставник води писмена евиденција за тековните збиднувања (дневник за дежурни наставници).

Покрај наставниците за редот и дисциплината во училницата се грижат и дежурните ученици кои ги одредува одделенскиот раководител на часот на одделенската заедница.

**Распоред на дежурни наставници**

| | Понеделник | Вторник | Среда | Четврток | Петок |
|---|---|---|---|---|---|
| Дежурни наставници | Марија Смиљков<br><br>Мартин Бошковски<br><br>Пепица Стојчевска<br><br>Оливер Ѓеоргиевски | Влатко Спасовски<br><br>Марија Ристовска<br><br>Анета Трајковска<br><br>Адријана Додевска | Билјана Николовска<br><br>Зоран Милковски<br><br>Ивица Петровски<br><br>Никола Георгиевски | Снежана Златковска<br><br>Рајна Јакимовска<br><br>Синиша Стаменковски<br><br>Сања Јанковска | Билјана Јовановска<br><br>Сашко Спасовски<br><br>Дијана Илиевска<br><br>Даниела Груевска |

## *19.2. Естетско и функционално уредување на просторот во училиштето*

Естетскиот изглед на училиштето е значајна обврска за целокупниот работен колектив, затоа што училиштето со својата беспрекорна чистота, уредност и ликовно естетски изглед треба позитивно да влијае на учениците и вработените. Во училиштето се води грижа за естетско уредувањето и одржувањето на просторот, како и за опкружувањето на училиштето. Во сите училници за естетското обликување се грижат наставниците и учениците, тие во текот на целата учебна година го адаптираат просторот според предметот што го изучуваат. За уредување на холот и ходниците задолжен е Тимот за уредување со ученици кои земаат учество преку разни училишни тела. Во училиштето исто така се води грижа и за училишниот двор, се одржуваат зелените површини, се засадуваат садници и цвеќиња.

Во централното училиште и сите подрачни училишта ќе функционираат еко-патроли за реализација на еколошката програма. Еко-патролите ќе подготвуваат извештаи и листи за следење на реализацијата на точките на акција од воспоставените еко-стандарди.

Во матичното училиште одговорни наставници се: **Јасмина Станковска, Билјана Јовановска, Анета Трајковска, Аце Трајчевски**; во ПОУ с. Конопница-**Влатко Спасовски, Елена Китановска** и **Љупка Стојановска**; ПОУ с. Мождивњак-**Соња Стојановска, Даниела Груевска и Лида Тричковска**. Наставниците со учениците развиваат одговорен однос кон уредувањето и одржувањето на просторот и опкружувањето на училиштето (при тоа водејќи сметка за мултикултурализмот во училиштето).

### *19.3. Етички кодекси*

Во училиштето се почитува правилник – **Кодекс на однесување**. Овој правилник содржи принципи, правила и обврски на однесување на сите структури во училиштето - ученици, наставници, родители, други вработени.

Кодексот не е наметнат, изработен е од самите наставници и е поставен на видни места во училиштето, во наставничката канцеларија и во училниците. Во рамките на Кодексот на однесување, учениците ги знаат своите права, ги исполнуваат доволно своите обрвски.

Стручната служба заедно со претставниците на училишниот парламент, училишниот правобранител и претседателот на Совет на родители на почетокот на учебната година на заеднички состанок по потреба го надополнуваат текстот на етичкиот кодекс, а потоа на одделенските часови, состаноци на ученичките заедници, ученичкиот парламент, наставничките совети, родителски состаноци, совети на родители се истакнуваат промените кои се направени и се потсетуваат на правилата кои мора да ги почитуваат сите структури во училиштето за подобро одвивање на образовниот процес, но и надминување на критичните точки во комуникацијата.

Кодексот е истакнат на видно место во училиштето.

Училиштето има изготвено Еко-кодекс што ја дефинира целата мисија на училиштето и претставува заеднички став односно правилник на однесување на сите вклучени во еколошката програма. На јасен и декларативен начин се покажува посветеноста на училиштето за подобрување на условите во кои се учи и работи. Истакнат е на видно место на влезот на училиштето и вметнат во брошурите за родители.

### *19.4. Односи меѓу сите структури во училиштето*

Односите меѓу сите вработени во училиштето се на високо ниво. Најголем број од наставниците се подготвени за соработка и одговорно ги извршуваат дадените задолженија. Посебно соработката е очигледна кај наставниците кои предаваат исти предмети, одделенските раководители и наставниците во одделенска настава при изработка на годишни глобални и тематски распределенија, изработка на годишни планирања за одделенскиот час, како и при изработка на тестови на знаење. Исто така и самото учество во стручните активи укажува на соработка, а посебно соработка меѓу помладите и постарите колеги кои се одредени како ментори.

Односите меѓу вработените и помеѓу учениците се регулирани со посебни Правила на однесување на сите структури- вработени и учениците - **Куќен ред**, кој редовно се ревидира пред секоја учебна година. Училиштето има демократски формирана ученичка заедница како и одделенски заедници преку кои учениците навремено и целосно се информирани за сите работи што се од нивен непосреден интерес и учествуваат во решавањето на проблемите и донесувањето одлуки.

Училиштето презема добро испланирани активности за да ги поттикне родителите да се вклучат во подобрувањето на воспитно - образовната работа на училиштето на сите нивоа. Родителите се добредојдени активно да се вклучат во наставниот процес.

Училиштето користи ефективни методи за комуникација со родителите преку организирање индивидуални родителски средби и приемни денови, приспособувајќи се на времето што родителот го има на располагање.

Училиштето има пропишани демократски процедури за избор на претставниците на родителите во Училишниот одбор кој вклучува можност за кандидирање и истите доследно ги применува. Информациите што се однесуваат на сите аспекти од работата на училиштето, како што се целите, организацијата, идните активности и нивото на постигање на учениците се јасни, разбирливи и достапни на сите родители во пишана форма. Родителите се чувствуваат добредојдени во училиштето.

Доказ за вклученоста на родителите на учениците во животот и работата на училиштето е и изборот на родители во Совет на родители на ниво на паралелка, Совет на родители на ниво на училиште и членови од Советот на родители во училишниот одбор. За подигнување на квалитетот на комуникацијата и меѓусебната доверба и соработка во училиштето се организираат заеднички прослави, екскурзии, коктели, свечености сл. За подобрување на комуникацијата помеѓу критичните точки исто така се организираат состаноци, работилници и дебати.

# 20. Професионален и кариерен развој на воспитно-образовниот кадар

## ЦИКЛУС НА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОФЕСИОНАЛНИОТ РАЗВОЈ ВО УЧИЛИШТЕТО




### *20.1. Детектирање на потребите и приоритетите*

Во делот на детектирање на потребите и приоритетите од личен професионален развој на наставниците и стручните соработници за оваа учебна година во нашето училиште се преземени следниве активности:

- Ревидирање на тимот за професионален и кариерен развој на наставниците;
- Изработка на план за потреби од професионален и кариерен развој на ниво стручни активи;
- Активности кои ќе се реализираат за професионалниот развој на ниво на училиште и надвор од него;
- Изготвување програма на ниво на стручен актив за професионално и стручно усовршување;
- Финализирање на програмата за професионален развој на наставниците за 2025/2026 година.

Тимот во текот на целата година ќе има за задача да го следи професионалниот развој и да ја следи реализацијата на програмата за работа на истиот. Се следат

ефектите од професионалниот развој и се евидентира секој дел од реализираните работилници, обуки и слично.

Тимот има за задача да го изготви и годишниот извештај за работа. Стручните активи имаат за задача да ги идентификуваат компетенциите кои е потребно да се развијат во текот на 2025/2026 година и да се направи проценка на оние компетенции кои се најдобро развиени кај наставниците. Стручните активи исто така истакнуваат кои од компетенциите треба да се развијат и на кој начин, односно што треба да се преземе во текот на годината во врска со нивниот развој. Во овој дел треба да се обрати внимание и на планот за личен развој на наставниците. Претседателот на стручниот актив ја изготвува програмата за професионален развој на ниво на стручен актив и ја доставува до тимот. Тимот ја финализира програмата за професионален развој на наставниците за 2025/2026 година.

Врз основа на резултатите од самоевалуацијата, интегралните евалуации, предложените теми од Стручните активи и новините и насоките дадени од Министерството и основачот, утврдени се потребите и приоритетите за оваа учебна година кои се вметнати во програмата за професионален развој.

### 20.2. *Активности за професионален развој.*

Наставниците во текот на својата работа се должни континуирано професионално да се усовршуваат. Предлог годишната програма за обуки за стручно усовршување ја изработува и предлага Бирото во соработка со Центарот и Државниот просветен инспекторат, а ја донесува Министерот.

Професионалното усовршување на наставниците се остварува преку акредитирани програми за обука, преку проекти одобрени од Министерството, интерно стручно усовршување во училиштето, помеѓу училишни тимови за учење и преку индивидуални форми на учење.

Оваа учебна година се планирани следниве активности:

- интерни обуки, мини семинари, работилници
- дисеминации од посетени семинари, обуки и сл.
- отворени нагледни часови
- обуки и семинари од БРО, од проекти

За сите активности ќе се изготват акциони планови.

По спроведените обуки ќе се подготвуваат извештаи, ќе се прави евалуација и од неа ќе произлезат наредните проритети за професионален развој.

### *20.3. Личен професионален развој*

На почетокот на учебната година за сопствено лично усовршување наставникот и стручниот соработник прави личен план за професионален развој во однос на зајакнување на своите професионални компетенции, а врз основа на резултатите од интегралната евалуација, извештаите од посетите од страна на директорот на основното училиште, како и од страна на советниците од Бирото за развој на образованието.

### *20.4. Хоризонтално учење*

Посетата на наставниците на разни семинари за нивен професионален развој подразбира и споделување на искуствата и знаењата стекнати на тие семинари. Професионалното стекнато искуство се разменува и споделува со останатите наставици и стручната служба. Сето тоа училиштето го прави преку интерни обуки, работилници или отворени часови. Во тој поглед училиштето подготвува акциски планови во кои се објаснети активностите и нивните носители, времето на реализација, начинот на следење како и очекуваните резултати и исходи.

### *20.5. Кариерен развој на воспитно-образовниот кадар*

Законот за наставниците и стручните соработници во член 31 и член 32 предвидува наставниците во основните и средните училишта да може да напредуваат во звања и тоа звањата наставник-ментор и наставник-советник. За таа цел во училиштето се планира и следи напредувањето на наставниците, се мотивираат за постојано посетување на семинари и обуки за стекнување на сертификати. Се следат и вреднуваат резултатите на сите субјекти во училиштето преку интерното или екстерното оценување на учениците, како и преку нивното учество во конференции, регионални средби, пишани рубрики или статии во стручна литература и др.

Врз основа на увидот во збирката на докази за професионалната пракса и непосредното следење на планирањето, организацијата и реализацијата на наставата и другата воспитно-образовна работа на наставниците и стручните соработници, училиштето доставува мислење за исполнетоста на стандардите врз основа на податоците со кои располага тимот за професионален развој во училиштето, мислењето на наставниците, мислењето на родителите и мислењето на учениците.

## 21. Соработка на основното училиште со родителите/старателите

### *21.1. Вклученост на родителите/старателите во животот и работата на училиштето*

За организирано остварување на интересите на учениците во основното училиште од родителите, односно старателите на учениците се формира Совет на родители на училиштето. Во Советот на родители има по еден претставник од секоја паралелка којшто го избираат родителите односно старателите, на родителскиот состанок на паралелката.

Советот на родители работи по претходно изготвена и доставена програма за работа, организира распоред за средби со родители и отворен ден за прием. Ги детектира состојбите во училиштето од типот на постоечки дефекти и потребни поправки на инвентарот и подобрување на условите за работа и даваат нивни идејни планови за организација на активности во училиштето. Родителите учествуваат во донесување на решенија и одлуки во интерес на сите субјекти во училиште и реализација на истите.

### *21.2. Вклученост на родителите/старателите во процесот на учење и воннаставните активности*

Наставниците планираат отворени часови на коишто ќе бидат поканети родителите, стручната служба и претставник на БРО. За напредување на учениците–таленти се изготвуваат посебни програми и им се доделуваат благодарници на свечен начин. Им даваат поддршка на реализаторите за иновирање во наставата, помагаат при професионалната ориентација на учениците.

- ***Во активностите во училиштето***

Родителите активно се вклучени во Новогодишен и Велигденскиот панаѓур кој е со хуманитарен карактер како и активности од типот: приготвување на здрава храна . Наставниците организираат работилници на кои учествуваат родителите заедно со нивните деца-според нивна програма.

- ***Во донесување одлуки***

Преку Советот на родители и Училишниот одбор родителите се вклучени во давање на идеи, предлози и донесување на одлуки.

Програмите за работа на Советот на родители и на Училишниот одбор се дадени во прилог.

### *21.3. Едукација на родителите/старателите*

За едукација на семејствата ќе се организираат :

- едукативни работилници за родители,
- типизирани предавања и третирање на теми преку соопштенија, флаери, плакети, брошури, училишни весници.
- советодавно-консултативни работилници –индивидуални и групни,
- посета на семејства и др.

- ***Изработка на брошура за родители***

Училиштето формира тим за изработка на брошура за родители која ќе содржи информации за мисијата, визијата и приоритетите на училиштето за претстојната учебна година, за организацијата на наставата, за материјално-техничката опременост на училиштето, учеството во проекти, натпревари и манифестации, етичкиот кодекс на однесување и оценување на учениците, правата и обврските на учениците и родителите и други потребни информации.

### ***План на одржување на родителските состаноци со основните содржини***

Во текот на учебната 2025/2026 година ќе се одржат најмалку пет родителски средби од кои три во прво и две во второ полугодие.

Првата родителска средба ќе се одржи во септември, втората до средина на ноември, третата на почеток на јануари, четвртата најдоцна до крајот на април, петтата во јуни, на крајот на учебната година.

На општите родителски средби, родителите ќе се запознаат со успехот и поведението на учениците во изминатиот период, со проблемите со кои се соочува секој ученик посебно, ќе се дадат насоки и сугестии за понатамошно подобрување на успехот и ќе се подготват пригодни стручни предавања на соодветни теми.

| **Содржини:** | **време** |
|---|---|
| • Запознавање со содржините и активностите од Годишната програма;<br>• Запознавање со Куќниот ред и Кодексот на однесување;<br>• Избор претставник од родителите за Совет на родители;<br>• Запознавање на родителите со индивидуални средби,<br>• Задолжување со бесплатни учебници и за тековната учебна година;<br>• Дискусија за екскурзии, посети, набљудувања планирани за тековната учебна година. | IX |
| • Анализа на успехот и поведението на учениците на крајот од првото тримесечје;<br>• Редовноста на учениците во текот на првото тримесечје;<br>• Давање на увид на евидентните листови;<br>• Предлог мерки за подобрување на успехот. | XI |
| • Анализа на постигнатиот успехот и поведението на учениците на крајот од првото полугодие;<br>• Редовноста на учениците во текот на првото полугодие;<br>• Поделба на евидентните листови;<br>• Како корисно и занимливо да се искористи зимскиот распуст . | I |
| • Анализа на успехот и поведението на учениците на крајот од третото тримесечје;<br>• Редовноста на учениците во текот на третото тримесечје;<br>• Давање на увид на евидентните листови;<br>• Предлог мерки за подобрување на успехот. | IV |
| • Анализа на успехот и поведението на учениците на крајот на учебната година;<br>• Поделба на свидетелства;<br>• Како корисно и интересно да се искористи летниот распуст. | VI |

# 22. Комуникација со јавноста и промоција на основното училиште

| Комуникација | Институција | Комуникација/ соработка |
|---|---|---|
| ***Локална заедница*** | Општина Крива Паланка,<br>бизнис заедница<br>-Граничен премин-Деве Баир<br>-Соработка со ПС на ОН Крива Паланка<br>ЈУ Меѓуопштинскиот центар за социјална работа,<br>Агенција за вработување; | -усна, пишана и електронска комуникација,<br>- посети на институции и бизнис-компании во локалното опкружување,<br>- собири и здружувања по одредени случувања во училиштето,<br>- се промовираат постигнати резултати од различен вид,<br>-промовирање на проектни активности<br>-подобрување на безбедноста на учениците и вработените<br>-Соработка со општината за реализација на еколошката програма на локално ниво со потпишување на Меморандум за соработка |
| ***Институции од областа на културата*** | ЛУ Градски Музеј- Крива Паланка,<br>Националната установа Центар за култура — Крива Паланка,<br>театар, детски фестивал „Златно славејче“ ,, Распеано симитче“,<br>Зоолошка градина, Саем на книгата,<br>Природно-научен музеј,<br>Музеј на македонската борба<br>Планетариум,<br>Фолклорни здруженија | учество на објавени конкурси и натпревари и тоа: литературни и ликовни конкурси, изложби<br>-учество на претстави, детски фестивали и фолклорни фестивали<br>-посети |
| ***Институции од областа на образованието*** | МОН, БРО,<br>ООУ „Свети Јоаким Крчовски“,<br>ООУ„Х.Т. Карпош-“ Ранковце,<br>СОУ „ Ѓорче Петров“,<br>ОУ „Симче Настовски“-Вратница,<br>Ученички дом „Боро Менков“,<br>ЈОУДГ „Детелинка,“<br>ОУРС „Иднина“-Скопје,<br>Дневен центар за деца со посебни образовни потреби | Споделување на информации, соопштенија, извештаи, заеднички средби, планирањена одредени активности,<br>Учество на натпревари, заеднички средби за унапредување на воспитно образоната работа, заеднички прослави и екскурзии |

| | | |
|---|---|---|
| ***Невладини организации*** | МЦГО,МЦМС, USAID,ОХО, УНИЦЕФ, Национална агенција за образование и мобилност, OSCE, Europe House, Чекор по чекор, EduSkills, и др | учество во проекти |
| ***Спортски друштва*** | Планинарско друштво, Фудбалски клуб, Кошаркарски клуб, Карате клуб, Одбојкарски клуб. | |
| ***Здравствени организации*** | Здравствен дом – Крива Паланка;<br>Центар за социјални грижи;<br>Осигурителни компании; Центар за функционална проценка и поддршка на деца и млади | грижа за здравјето и безбедноста на учениците и вработените , вакцинации, систематски прегледи ,<br><br>осигурување на ученици и вработени, |
| | се предвидува и изработка на акциски план со едукативни теми за здравјето на учениците, со одговорни лица за реализација, време на реализација и очекувани исходи. | |
| ***Медиуми*** | Печатени медиуми<br><br>Електронски медиуми | Лице за контакт со медиуми е директорот на училиштето и ќе има за задача да формира тим кој ќе организира настани и активности од еколошката програма и нивна промоција пред медиумите и јавноста. |
| | - училишни флаери (за постигања, советување на родители, информативна брошура , упис на првачиња) | |

# 23.Следење на имплементацијата на годишната програма за работа на основното училиште

| Приоритетни подрачја за следење | Начин и време на следење | Одговорно/ни лице/а | Кој треба да биде информиран за следењето |
|---|---|---|---|
| **Подобрување и унапредување на квалитетот на организирање и реализирарање на наставата за подобри постигнувања на учениците** | - Годишен извештај<br>-Извештај од работата на Инклузивниот тим<br>-Анализи на успехот на учениците на крајот од учебната година<br>- Вклученост на учениците и училишниот парламент при креирање на вон-наставни и слободни активности | Директор<br>Стручна служба<br>Одговорен наставник на ученички парламент | Наставнички совет<br><br>Совет на родители,<br><br>Училишен одбор |
| **Унапредување на професионалниот развој на наставниците и стручните соработници** | -Извештаи, записници, презентации,изработени проекти, слики од реализирани активности, анкети, годишни извештаи на училиштето | Директор<br>Стручна служба<br>Одговорен наставник за ова подрачје од самоевалуацијата<br>Тим за професионален развој | Наставнички совет<br><br>Совет на родители<br><br>Училишен одбор |
| **Подобрување на инфраструктурата на училиштето** | Јавни набавки,<br>Извештаи, записници, изработени проекти, слики од реализирани активности, годишни извештаи на училиштето | Директор<br>Стручна служба<br>Одговорно лице за јавни набавки | Наставнички совет<br><br>Совет на родители<br><br>Училишен одбор |

## 24.Евалуација на годишната програма за работа на основното училиште

,

Евалуација на Годишната програма за работа на основното училиште ќе се изведува двапати во текот на учебната година, односно со завршување на првото полугодие од учебната 2025/2026 година, во месец јануари 2026 година и на крајот на учебната година најдоцна до август 2026 година.

Евалуацијата ќе се врши преку разни прашалници, анкети, записници, извештаи, следење на постигањата на учениците и сл. кои ќе бидат изработени од страна на раководната и стручната служба, одговорните наставници на стручните активи, координаторите на тимовите, училишниот одбор, советот на родители.

Сите овие активности ќе бидат документирани во Полугодишниот и Годишниот извештај за работата на училиштето.

## ***25.Заклучок***

Со изготвување на Годишната програма добиваме краткорочен развоен документ кој претставува оперативно планирање на севкупната работа на училиштето. Овој суштински документ ефикасно не води при реализација на планираните глобални активности, евалуациско следење на сите чинители на воспитно - образовниот процес и ги предвидува сите форми и начини на работа овозможени од условите во кои работи училиштето.

Документот, покрај основните податоци за училиштето, бројот на наставен и ненаставен кадар, бројот на ученици и паралелки и распределенија за работа по наставник и одделение, во детали ја планира и работата на директорот, стручните соработници (психолог, педагог, специјален едукатор и рехабилитатор и библиотекар) и трите стручни активи (природно математички, општествено јазичен и актив на одделенски наставници). Дополнително со овој документ и неговите прилози се дава јасен преглед на планираните натпревари по период/месец по сите предмети и се регулира оддржувањето на додатната и дополнителна настава, работата на секциите и клубовите во училиштето и сите планирани воннаставни и слободни ученички активности според однапред утврден распоред, а се со цел подобрување на квалитетот на настава и продлабочување на знаењата во области од интерес за учениците.

Посебно внимание се посветува на инклузивниот тим во училиштето, како и на тимот за професионална ориентација на учениците. Во училиштето работат тимовите за имплементација на МИО и Еко содржини, и истите предлагаат сопствен план за работа за претстојната учебна година, притоа обезбедувајќи соработка со локални училишта и институции релевантни за полето на нивното делување. Училиштето е во тесна соработка со институциите во општината и регионот, како и со родителите/старателите на учениците, кои се вклучени во организацијата на работата на училиштето во сите сегменти преку свои претставници во Советот на родители и Училишниот Одбор, за чија работа е изготвен детален план и распоред на активности.

Годишната програма ги следи препораките од заклучоците на тимот за самоевалуација, како и искуствата од претходната учебна година, и предлага планирања за подобрување во секое подрачје кое се појавило како приоритетно, во прилог на оставрување на основната цел на училиштето да понуди квалитетна и модерна настава. За оваа годишна програма е подготвен план за евалуација со индикатори за успешност кој ќе се спроведе по имплементацијата на оваа Годишна програма.

## 26. Комисија за изработка на годишната програма за работа на основното училиште

**Лорета Димитровска-директор**

**Маја Митровска-помошник директор**

**Анита Илиевска – стручен соработники-педагог**

**Добри Јовевски - одделенски наставник**

**Билјана Ј. Николовска - предметен наставник**

**Ина Димитровска - ученик**

## 27. Користена литература


1. Законот за основно образование („Сл.весник на РСМ“ бр. 161/19, 229/20 и 03/25 година);
2. Закон за наставници и стручни соработници
3. Правилници и нормативи дадени од МОН;
4. Годишен извештај за работа на ООУ „Илинден“ Крива Паланка за учебната 2024/25 година;
5. Развојна програма за работа на ООУ „Илинден“ Крива Паланка за период 2022-2026 година
6. Правилникот за формата и содржина на развојната и годишната програма за работа на основното училиште бр. бр.08-3714/3 од 29.5.2024 година.
7. Правилникот за начинот на изведување на екскурзиите, излетите и другите вонучилишни активности на учениците од основните училишта донесен од страна на Министерството за образование и наука бр.12-10853/1 од 4.8.2025 година.

# ГОДИШНА ПРОГРАМА

## за работа

## на ООУ„Илинден“-Крива Паланка

### за учебната 2025-2026 година

**Директор**
**Лорета Димитровска**

______________________

**Дата:**

**14.8.2025 година**
**Крива Паланка**

**Претседател на Училишен одбор**
**Благородна Стојнева**

____________________________

# ПРИЛОЗИ ЗА РАБОТА НА УЧИЛИШТЕТО ЗА УЧЕБНАТА 2025/2026

**Прилози:**

- Годишна програма за работа на: директор, помошник директор, педагог, психолог, специјалниот едукатор и рехабилитатор, библиотекар, училиштен одбор, наставнички совет, совет на родители, стручни активи, хор и оркестар
- Годишна програма за работа на Детска организација
- Годишна програма за работа на Училишниот парламент
- Годишна програма за работа на Подмладокот на Црвениот крст
- Програма за реализација на ученички екскурзии, излети и други вонучилишни активности на учениците
- Програма за реализација на ученички натпревари
- Програма за воннаставни активности
- Програма за додатна настава
- Програма за дополнителна настава
- Програма за работа на инклузивниот тим
- Програма за работа со деца со посебни образовни потреби
- Програма за работа со надарени деца во учебната
- Програма за професионална ориентација на учениците
- Програма за општествено хуманитарна работа
- Програма за антикорупциска едукација на учениците
- Акционо планови за реализација на проектите во училиштето
- Програма за унапредување на мултикултурализмот/интеркултурализмот и меѓуетничката интеграција
- Програма за превенција од насилно однесување во основното училиште
- Програма за грижа за здравјето на учениците
- Програма за јавна и културна дејност во училиштрто
- План за естетско и функционално уредување на просторот во училиштето
- Програма за соработка со локална средина и локална заедница
- Програма за кариерен развој на наставниците, стручните соработници и директорот
- Програма за работа на Тимот за професионален развој на наставниците
- Следење, вреднување и унапредување на воспитно- образовната работа во училиштето
- Програма за менталното здравје и добросостојбата кај учениците

# Годишна програма за работа на директорот за учебна 2025 /2026 година

Директорот на училиштето во согласност со законските прописи и Статутот на училиштето извршува раководна функција и е одговорен за успешна реализација на воспитно- образовната работа и материјално-финансиското работење на училиштето.

Предметот и содржината на својата програма за работа глобално ја структуира во две основни групи на работа и тоа:

- административно организаторска и
- педагошко -инструктивна.

Програмата за работа на Директорот опфаќа активности според компетенциите групирани во следните подрачја:

1. Водство;
2. Раководење со човечките ресурси;
3. Педагошко раководење на училиштето;
4. Финансиско раководење и
5. Законито и административно работење на училиштето

| **1.Подрачје - Водство**<br>**1.1. Стратешко водство**<br>**1.2. Училишна клима и култура**<br>**1.3. Соработка со родителите и заедницата** | | |
|---|---|---|
| **Активности** | **Носители и соработници** | **Време на реализација** |
| **1.1. Стратешко водство**<br>- Влијание на вработените во училиштето да ги претставуваат прифатените вредности во училиштето во опкружувањето и пошироко<br>- Избирање на стилови на водство и примена согласно ситуацијата<br>- Вложување во развојот на идентификуваните водачи, формирање тимови, давање ресурси и слобода за дејствување<br>- Остварување континуирана соработка со органите и телата во училиштето | Стручна служба, наставници | континуирано |
| **1.2. Училишна клима и култура**<br>- Воспоставување механизми за поддршка на наставниците и учениците со што придонесува за нивни високи постигања<br>- Превземање активности за одржување на постојано поттикнувачка атмосфера и градење позитивна клима на прифаќање и почитување на сите<br>- Воспоставување на систем што обезбедува сите ученици да се чувствуваат безбедни и | Надлежни институции, општина, наставници, вработени, директор | континуирано |

| | | |
|---|---|---|
| прифатени вклучувајќи ги и учениците со ПОП<br>- Воспоставување процедури што обезбедуваат култура на транспарентност и одговорност<br>- Поставување високи и достижни очекувања од учениците и вработените<br>- Воспоставување хоризонтална и вертикална соработка во сите стручни тела во училиштето<br>- Обезбедување принцип на „отворена врата'“за соработка со наставниците, родителите, локалната заедница и бизнис секторот<br>- Обезбедување услови за реализација за активности од областа на инклузија мултикултурализам, меѓуетничка интеграција, екологија идр. | | |
| **1.3. Соработка со родителите и заедницата**<br>- Информирање на локалната самоуправа за потребите на училиштето и обезбедување поддршка<br>- Соработка со локалната заедница при справување со кризни ситуации што ги засегаатучилиштето и локалната заедница ( непогоди, епидемии, насилство islично)<br>- Презентирање на работата на училиштето и промовирање преку постигањата на учениците и наставниците<br>- Заедничка реализација на превентивни, хуманитарни и културни активности со локалната заедница<br>- Соработка со граѓанскиот сектор и активно вклучување на вработените и учениците во проекти од интерес на заедницата и на училиштето<br>- Соработка со соодветни невладини здруженија за заштита и поддршка на младите<br>- Соработка со институции надлежни за образованието- МОН, БРО, ДПИ , ДИЦ идр.<br>- Обезбедување услови за соработка со други училишта<br>- Реализација на планирани активности со родителите во одделни сегменти во воспитно-образовниот процес | Директор , педагог, психолог, наставници, | континуирано |

<table>
<tr><td colspan="3">2. Подрачје - Раководење со човечки ресурси<br><br>2.1 Комуникација и односи со јавност<br>2.2 Унапредување на човечките односи<br>2.3 Професионален и кариерен развој<br>2.4 Обезбедување кадар, работно воведување и ангажирање</td></tr>
<tr><td>Активности</td><td>Носители и соработници</td><td>Време на реализација</td></tr>
<tr><td>2.1 Комуникација и односи сојавност<br><br>- Формирање тимови за односи со јавноста и изготвување акционен план и програма за презентацијана училиштето<br>- Воспоставување и одржување јасен систем на комуникација во училиштето и средината<br>- Комуницирање со вработените континуирано, непосредно во писмена и во електронска форма<br>- Користење на различни видови и приоди во формална и неформална комуникација<br>- Применување на позитивен модел на комуникациски вештини со вработените<br>- Приспособување на начинот на комуникација за надминување на недоразбирањата<br>- Планирање на состаноците и навремено информирање на учесниците<br>- Конструктивно насочување на дискусиите за време на состаноците<br>- Градење стратегија за одржување на угледот на училиштето<br>- Реализација на планот за привлекување на ученици како резултат на квалитетот на вработените и наставата во училиштето<br>- Следење на осипувањето и градење стратегија за негово намалување во училиштето</td><td>педагог,<br>психолог,<br><br>наставници</td><td>континуирано</td></tr>
<tr><td>2.2. Унапредување на човечкитеодноси<br>- Градење јасен приод за развој на меѓуетничките односи и надминување на конфликтите<br>- Учество во разрешување конфликти и градење доброи меѓучовечки односи<br>- Водење на грижа при распределба на работните ангажмани на вработените<br>- Развивање на клима и култура кои го поддржуваат вклучувањето на вработените во донесувањето одлуки, поставување цели и креирање промени</td><td>педагог,<br>психолог,<br><br>наставници</td><td>континуирано</td></tr>
</table>

| | | |
|---|---|---|
| **2.3. Професионален и кариерен развој**<br>- Анализирање на ефективноста на сопственото работење и изготвување личен план за професионален развој<br>- Воспоставување систем за интерно стручно усовршување на вработените(предавања, работилници)<br>- Менаџирање со активностите предвидени во годишниот план за професионален развој<br>- Користење на различни инструменти за евалуација на работата | педагог, психолог, наставници | континуирано |
| **2.4. Обезбедување кадар, работно воведување и ангажирање**<br>- Планирање на персонална соработка со институциите<br>- Спроведување интервју со потенцијални кандидати за вработување<br>- Обезбедување стручен и компетентенкадар<br>- Континуирано следење на работата на сите вработени и обезбедување соодветнаподдршка<br>- Препознавање и наградување на индивидуални постигнувања | педагог, психолог, наставници | континуирано |

| **3. Подрачје - Педагошко раководење на училиштето**<br>**3.1 Планирање**<br>**3.2 Подршка на наставата иучењето**<br>**3.3 Обезбедување квалитет (евалуација, самоевалуација иразвој)**<br>**3.4 Создавање здрава, безбедна и демократска средина за учење и развој наученикот** | | |
|---|---|---|
| **Активности** | **Носители и соработници** | **Време на реализација** |
| **3.1. Планирање**<br>- Градење систем за вклучување на предлозите на вработените во планирањето на работата на училиштето<br>- Изготвување годишни, оперативни и неделни планови за сопствената работа<br>- Ревидирање на програмите краткорочно, среднорочно и долгорочно<br>- Презентирање на годишните планирања пред | наставници,<br>координатори | континуирано |

| | | |
|---|---|---|
| органите и телата на училиштето и пред локалнатазаедница<br>- Иницирање и насочување активности за иновација вонаставата | на тимови ,<br>стручна служба | |
| **3.2. Подршка на наставата и учењето**<br>- Воспоставување процедури за планирање на наставата и на вонnаставните активности<br>- Подршка на наставниците при планирањето<br>- Изработка и користење инструменти за следење на наставата<br>- Следење наставни часови и давање повратни информации | наставници,<br>координатори на тимови ,<br>стручна служба | континуирано |
| **3.3. Обезбедување квалитет (евалуација, самоевалуација иразвој)**<br>- Следење на ефективноста од реализацијата на училишните планови и програми<br>- Поддршка на тимовите за изработка на самоевалуацијата<br>- Водење советодавно – инструктивни разговори со наставниците, учениците и родителите<br>- Обезбедување размена на добри практики на иновативна настава во рамките на училиштето и со други училишта вклучувајки и користење на современо образовна технологија<br>- | наставници,<br>координатори на тимови ,<br>стручна служба | континуирано |
| **3.4 Создавање здрава, безбедна и демократска средина за учење и развој наученикот**<br>- Обезбедување грижа од страна на сите во училиштето за физичката средина, изглед, хигиена ислично<br>- Обезбедување услови за безбедно опкружување и заштита на учениците од насилство и злоупотреба<br>- Формирање инклузивни тимови<br>- Обезбедување активности за запознавање со културите на заедниците што живеат воРСМ<br>- Создавање услови за вклучување на учениците во животот на училиштето и непречена работа на ученичките организации | директор,<br>стручна служба | континуирано |
| | | |

**4. Подрачје - Финансиско раководење**

**4.1 . Раководење со финансиските ресурси**
**4.2 . Раководење со материјалните ресурси**

| Активности | Носители и соработници | Време на реализација |
|---|---|---|
| **4.1. Раководење со финансиските ресурси**<br>- Пронаоѓање можни извори на дополнително финансирање и дополнителни средства за училиштето<br>- Следење на наменското трошење на средствата во согласност со одобрениот буџет<br>- Информирање на органите и телата во училиштето за трошење на финансиските средства<br>- Навремено исполнување на финансискитеобврски<br>- Следење на постапките за реализирање на јавните набавки согласно законот<br>- Обезбедување услови за транспарентно усвојување на завршната сметка | директор, стручна служба,административна служба,училишен одбор | континуирано |
| **4.2. Раководење со материјалнитересурси**<br>- Реализација на планот и распоредот за максимално коистење на расположивите капацитети за изведување на наставата и вонинаставните активности во согласно сопотребите<br>- Реализација во обезбедување на потребни материјални ресурси за одвивање на наставата<br>- Вклучување на вработените во планирањето на буџетот и информирање за негова прераспределба<br>- Обезбедување на материјални ресурси за непречено одвивање на наставата | директор, стручна служба,административна служба,училишен одбор | континуирано |

| 5. Подрачје - Законско и административно работење на училиштето<br>5.1. Примена на законски и подзаконски акти<br>5.2 Изработка и примена на интерни акти и документација<br>5.3. Раководење со административните процеси<br>5.4. Примена на информациските системи воучилиштето | | |
|---|---|---|
| **Активности** | **Носители и соработници** | **Време на реализација** |
| **5.1.Примена на законски и подзаконски акти**<br>- Обезбедување примена на законската регулатива во училиштето<br>- Воспоставување систем за информирање на вработените и претставниците од училишните органи и тела за релевантни законски прописи | педагог, претседатели на активи, родители, секретар, училишен одбор | континуирано |
| **5.2. Изработка и примена на интерни акти и документација**<br>- Организирање и учество во работата на тимовите за изработка на интерни акти<br>- Носење интерни акти во сопствена надлежност<br>- Обезбедување доследно спроведување на интерните акти<br>- Спроведување одлуки донесени од училишниот одбор | педагог,психолог,<br>секретар,<br>училишен одбор,<br>наставници | континуирано |
| **5.3. Раководење со административните процеси**<br>- Организирање и следење на работата на вработените и обезбедување соодветни услови<br>- Доделување задачи на вработените, обезбедување почитување на рокови и непосредно раководење со процесот<br>- Воспоставување добро организиран систем за административни работи во училиштето | директор,<br>стручна служба | континуирано |
| **5.4. Примена на информациските системи во училиштето**<br>- Обезбедување услови за развој и функционирање на информациските системи<br>- Обезбедување услови за сеопфатна електронска евиденција на сите активности на училиштето<br>- Користење информациски системи во секојдневната работа | директор,<br>стручна служба | континуирано |

## Годишна програма за работа на помошник директор во учебната 2025/2026 година

**Реализатор: Маја Митровска**

Според законската регулатива, помошник директорот врши раководни и педагошки работи во училиштето. Во соработка со Директорот на училиштето, помошник директорот своите работни обврски во потполност ги реализира. Тој остварува континуирана соработка со сите структури кои делуваат во училиштето.

Табеларен приказ за планираното работење на помошник директорот

| Ред. бр. | Содржина | Време на реализација | Соработници |
|---|---|---|---|
| 1. | Изготвување Годишна програма за работа на училиштето | август | Директор<br>Стручни соработници<br>наставници |
| 2. | Изготвување Годишнапрограма за работа на помошник директорот | август | Директор<br>Стручни соработници<br>наставници |
| 3. | Прифаќање и почитување на сите вработени во училиштето | Во континуитет | |
| 4. | Поттикнува атмосфера во училиштето со која градипозитивна клима | Во континуитет | Директор<br>Стручни соработници<br>наставници |
| 5. | Следење на водењето на педагошката евиденција и документација | јуни | Директор<br>Стручни соработници<br>наставници |
| 6. | Воспоставува механизми за подршка на наставниците и учениците со што придонесува за нивни високи постигања | Во континуитет | Директор<br>Стручни соработници<br>Наставници |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 7. | Воспостувавува систем што обезбадува сите ученици да се чуствуваат безбедни и прифатени во училиштето вклучувајќи ги и учениците со посебни образовни потреби | Во континуитет | Директор<br>Стручни соработници<br>наставници |
| 8. | Воспоствува добра хоризонталана и вертикалана соработка (во активите, помеѓу активите, ако и меѓу други тела) | Во континуитет | Директор<br>Стручни соработници<br>наставници |
| 9. | Подржува реализација на програми, ученички организации, секции, програми што се работат во училиштето | Во континуитет | Директор<br>Стручни соработници<br>наставници<br>Ученици |
| 10. | Се вклучува во организација и релаизација на различни активности (превентивни, хуманитарни, културни) во соработка со локалната заедница | Во континуитет | Директор<br>Стручни соработници<br>Наставници |
| 11. | Соработува со сите вработени | Во континуитет | Директор<br>Стручни соработници<br>наставници<br>Помошно-технички перснал<br>Административни службеници |
| 12. | Создава и одржува позитивни односи со родителите, вработените и учениците | Во континуитет | Директор<br>Стручни соработници<br>наставници |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 13. | Активно ги слуша и почитува ставовите, интересите и мислењата на другите | Во континуитет | |
| 14. | Користи приспособен начин на комуникација за да ги надмине недоразбирањата | Во континуитет | |
| 15. | Има стратегија за градење и одржување на угледот на училиштето | Во континуитет | |
| 16. | Ги поттикнува вработените да се вклучат во различни активности за промоција на училиштето | Во континуитет | Директор Стручни соработници наставници |
| 17. | Секогаш е отворен за разговори,совети и конструктивни предлози со вработените | Во континуитет | |
| 18. | Работи транспарентно и се залага за правична распределба на ресурси и можности за прифесионален развој | Во континуитет | |
| 19. | Вклучува предлози на вработените во планирањето на работата на училиштето | Во континуитет | Директор Стручни соработници наставници |
| 20. | Поттикнати дискусии со наставници во функција на процена и самопроцена на квалитетот на наставата и воннаставните активности со поддршка и поттикнување на искуствено учење | Во континуитет | Директор Стручни соработници наставници |
| 21. | Фомира работни тимови, учествува и ја следи изработката на развојниот план и годишната програма на училиштето | Во континуитет | Директор Стручни соработници наставници |
| 22. | Следи наставни часови и дава повратни информации | Во континуитет | Директор Стручни соработници наставници |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 23. | Поттикнати дискусии со наставници кои реализираат активности поврзани со проекти | Во континуитет | Директор<br>Стручни соработници<br>наставници |
| 24. | Работа со ученици кои постигнуваат високи резултати во наставата и воннаставните активности | Во континуитет | Директор<br>Стручни соработници<br>наставници<br>ученици |
| 25. | Работа со ученици кои покажуваат несоодветно однесување | Во континуитет | Директор<br>Стручни соработници<br>наставници<br>ученици |
| 26. | Разговор со ученици кои постигнуваатслаби резултати / истражување на причините | Во континуитет | Директор<br>Стручни соработници<br>наставници<br>ученици |

Забелешка: Годишната програма за работа на Помошник директор, во текот на учебната 2025/26 година, може да претрпи одредени модални промени во зависност од наметнати промени  и потреби од релеванти фактори и институции (МОН на РСМ,БРО на РСМ, ДИЦ на РСМ, ПИ на РСМ, Локална самоуправа, Директорот на училиштето и др.).

# Годишна програма за работа на педагогот во учебната 2025/2026 година

## Програмски подрачја

- Планирање, програмирање  и  организирање на воспитно-образовната дејност;
- Работа со ученици;
- Работа со родители;
- Советодавно-консултативна работа со наставниците;
- Аналитичко-истражувачка работа;
- Педагошка евиденција и документација;
- Соработка со локалната заедница;
- Професионален развој.

***Вовед***

Годишната програма за работа на училишниот педагог за оваа учебна година  е изготвена врз основа на неколку поважни потреби и суштински сознанија за училиштето и тоа:

- Законот за основно образование и неговите измени и дополнувања;
- Закон за наставници и стручни соработници;
- Статутот на училиштето;
- Суштинските барања и реформи во воспитно-образовниот процес врз основа на новата Концепција за основно образование, како и најновите укажувања од МОН;
- Годишниот извештај за работа на училиштето за учебната 2024/2025година;
- Годишната програма за работа на училиштето за учебната 2025/2026 година;
- Условите, состојбата и потребите на училиштето.

**Приоритетни работни задачи по програмски подрачја:**

## Прво подрачје:

***Планирање, програмирање и организирање на воспитно-образовната дејност***

| Ред. бр. | Активности | Време на реализација | Соработници |
|---|---|---|---|
| 1. | Учество во изработка на Годишната програма за работа на училиштето | август | директор<br>психолог<br>наставници |
| 2. | Учество во изготвување на Самоевалуација на училиштето | август | директор<br>Тим за самоевалуација |
| 3. | Изготвување на годишна програма и месечни планирања за сопствената работа | август | директор<br>психолог |
| 4. | Учество во изработка на брошура за родителите со податоци за работата на училиштето | август | директор<br>психолог<br>наставници |
| 5. | Учество и координација во изработка на наставните планови и програми во предметната и одделенската настава | континуирано | директор<br>психолог<br>наставници |
| 6. | Учество во планирање, организирање и реализирањена активности надвор од редовната настава, а за потребите на учениците и наставниците | континуирано | директор<br>психолог<br>наставници |
| 7. | Учество и кординација и во изборот и концепирањето на воннаставните активности | август, септември | директор<br>наставници<br>стручни соработници |
| 8. | Учество во изработката на наставните планови за додатна, дополнителна настава, одделенска заедница, секции, екскурзиии, настава во природа | август, септември | директор<br>наставници<br>стручни соработници |
| 9. | Изработка на програма за професионален развој на наставниците и стручните соработници | август, септември | Тим за професионален развој<br>директор |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 10. | Учество во изработка на програма за професионална ориентација на учениците | септември | директор<br>психолог<br>наставници |
| 11. | Учество во изработката на програми за работа со надарени ученици, ученици со емоционални потешкотии и деца со посебни образовни потреби | континуирано | Директор<br>психолог<br>специјален едукатор и рехабилитатор |
| 12. | Учество во Комисија за запишување на ученици во прво одделение(изготвување на список на училишни обврзници, соопштение за родителите, формирање на паралелки и запознавање на наставниците со катактеристиките на идните првачиња | мај<br>август | членови на комисијата<br>наставници<br>стручни соработници<br>родители |

## Второ подрачје:

***Работа со ученици***

| Ред. бр. | Активности | Време на реализација | Соработници |
|---|---|---|---|
| ***1.*** | Следење на интерперсоналните односи (училишна клима) во училиштето меѓу ученик-ученик, ученик-наставник и наставник-наставник, на индивидуално и групно ниво | континуирано | наставници<br>ученици |
| ***2.*** | Следење на адаптацијата и напредокот на учениците од прво и шесто одделение | септември<br>декември | наставници<br>психолог |
| ***3.*** | Следење на успехот и редовноста на учениците | континуирано | наставници<br>психолог |
| ***4.*** | Работа на превенција на појавите на насилно однесување во училиштето | континуирано | Директор<br>психолог<br>наставници |
| ***5.*** | Учество во проектот Безбедни училишта | континуирано | директор<br>психолог<br>наставници<br>Тим за проектот |
| ***6.*** | Идентификување на причините кои го попречуваат напредокот кај поедини ученици | континуирано | наставници<br>психолог<br>родители<br>ученици |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **7.** | Советодавно-инструктивна работа со ученици кои покажуваат неуспех во учењето,емоционални потешкотии, социјална неприлагоденост; | континуирано | Наставници<br>психолог<br>родители<br>ученици<br>специјален едукатор и рехабилитатор |
| **8.** | Учество во работата со ученици со посебни образовни потреби | континуирано | Наставници<br>психолог<br>родители<br>ученици<br>специјален едукатор и рехабилитатор |
| **9.** | Идентификација на учениците со поголеми можности за напредување и развој | континуирано | Наставници<br>психолог |
| **10.** | Советодавна работа со талентирани ученици и помош и подршка за вклучување на учениците во различни проекти и вонnаставни активности | континуирано | Наставници<br>психолог |
| **11.** | Следење на индивидуалните постигнувања на надарените ученици | ноември, јануари, април и јуни | Наставници<br>психолог |
| **12.** | Учество во активностите на ЕКО тимот за тековната година | Континуирано | члениви на ЕКО тимот |
| **13.** | Работа на професионална ориентација,информирање и насочување на учениците при избор на училиште за понатамошно образование | мај | наставници<br>психолог |
| **14.** | Учество во реализација на детската недела | октомври | Наставници<br>психолог |

# Трето подрачје:

***Соработка со родители***

| Ред. бр. | Активности | Време на реализација | Соработници |
|---|---|---|---|
| 1. | Советодавна работа со родители чии деца имаат проблеми со учењето, редовноста и дисциплината | континуирано | директор наставници психолог родители |
| 2. | Советодавна работа со родители со понизок социјален статус и ублажување на проблемите воучењето н аучениците, | континуирано | директор наставнии психолог родители |
| 3. | Промовирање  и вклучување на родителите  во поедини облици на работа во  училиштето | континуирано | директор наставници психолог родители |
| 4. | Спроведување на анкети, прашалници и разговори со родители | по потреба | директор наставници психолог родители |
| 5. | Давање подршка и помош во работата на Советот на родители и Училишниот одбор | по потреба | наставници<br><br>стручни соработници |

# Четврто подрачје:

***Советодавно-консултативна работа со наставниците***

| Ред. бр. | Активности | Време на реализација | Соработници |
|---|---|---|---|
| 1. | Помош и подршка на наставниците во изготвување на годишните, тематските и дневните  подготовки | континуирано | директор<br><br>наставници |
| 2. | Консултации со наставниците по завршена евалуација од посета на часови и увид во дневни подготовки | континуирано | психолог<br><br>наставници |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 3. | Координирање на работата во одделенската и предметната настава како резултат на отсутен наставник | континуирано | директор<br>наставници |
| 4. | Посета и следење на часови во одделенската и предметната настава , изготвување на извештаи за истите , анализа и консултација со наставници по посетен час | континуирано | директор<br>психолог<br>наставници |
| 5. | Советодавна работа со наставници и ученици при избор на слободни активности, конкурси за натпревари и сл. | континуирано | директор<br>психолог<br>наставници<br>ученици |
| 6. | Помош и поддршка при планирање, одржување и евалуација на ефектите од дополнителната и додатната настава | Континуирано | директор<br>наставници |
| 7. | Помош и подршка на одделенските раководители во изготвување и реализирање на активности на одделенските часови од програмата,,Образование за животни вештини | континуирано | директор<br>наставници |
| 8. | Водење на професионално досие на наставници | континуирано | директор<br>наставници |
| 9. | Консултации со наставниците за нејаснотии околу водење на педагошката евиденција и документација | континуирано | директор<br>наставници |
| 10. | Консултации со наставниците во разрешување на проблемите на релација учник-ученик и ученик-наставник-семејство | континуирано | директор<br>наставници<br>стручни соработници<br>родители |
| 11. | Учество во работата на стручните тимови и активи, и превземање мерки за унапредување на нивната работа | континуирано | психолог<br>наставници |

# Петто подрачје:

## *Аналитичко- истражувачка работа*

| Ред. бр. | Активности | Време на реализација | Соработници |
|---|---|---|---|
| 1. | Анализа на општите услови за реализација на воспитно-образовната работа во училиштето | август-септември | директор стручни соработници наставници |
| 2. | Анализа за успехот, редовноста и поведението на учениците по класификациони периоди | ноември јануари април јуни | директор психолог наставници |
| 3. | Анализи за успехот на учениците по предмети, паралелки, пол, етничка припадност, социјален статус | ноември јануари април јуни | директор психолог наставници |
| 4. | Изготвување споредбени анализи за успехо на учениците по предмети и одделенија на крајот на првото полугодие и на крајот на учебната година (за три учебни години.) | јануари јуни | директор стручни соработници наставници |
| 5. | Анализа на успехот и оптеретеноста на учениците при преминот од одделенска во предметна настава | ноември јуни | стручни соработници |
| 6. | Анализа на успехот и на учениците при преминот од основно во средно образование | јануари | стручни соработници |
| 7. | Анализа по посетените часови | ноември-март | наставници |
| 8. | Изготвување на извештаи по спроведени анкети за избор на втор странски јазик и изботен предмет | мај-јуни | директор стручни соработници наставници |
| 9. | Анализа и извештај по спроведена анкета за професионална информираност и ориентација на учениците од 9 одделение | мај | психолог |
| 10 | Анализа на потребите за стручно усовршување на наставниот кадар | континуирано | директор стручни соработници наставници |
| 11 | Извештај за сопствената работа | Јануари јуни | |
| 12. | Анализа на извештаи од реализација на додатна, дополнителна настава и вонаставните активности | јуни | директор стручни соработници наставници |

# Шесто подрачје

***Педагошка евиденција и документација***

| Ред. бр. | Активности | Време на реализација | Соработници |
|---|---|---|---|
| 1. | Документација за аналитичко-истражувачка работа | Континуирано | Директор<br>психолог<br>наставници |
| 2. | Годишна програма и месечен оперативен план за сопствената работа | Континуирано | |
| 3. | Хронолошки дневник за работа | Континуирано | |
| 4. | Учество во изготвување на полугодишен и годишен извештај за работа на училиштето | јануари<br>јуни | Директор<br>наставници |
| 5. | Евиденција на бројната состојба на учениците по возраст,пол, националност, успех и поведение | Континуирано | Нсихолог<br>одделенски и предметни наставници |
| 6. | Извештаи  и анализи од посетени часови  во редовна настава | Континуирано | Наставници |
| 7. | Евиденција на изречени педагошки мерки | по потреба | Наставници |
| 8. | Водење записници од одржани Наставнички и Одделенски совети | ноември<br>јануари<br>април<br>јуни | Директор<br>одделенски и предметни наставници |
| 9. | Водење на професионално досие на наставниците | Континуирано | Наставници |
| 10. | Изготвување на прегледи и извештаи за потребите на МОН, | Континуирано | Директор |
| | БРО, општината и др. Институции | | психолог<br>наставници<br>одговорни лица од други институции |

# Седмо подрачје:

## *Соработка со локалната заедница*

| Ред. бр. | Активности | Време на реализација | Соработници |
|---|---|---|---|
| 1. | Соработка со центарот за социјална работа, здравствени институции,организации и асоцијации кои допринесуваат за остварување на целите и задачите на воспитно-образовната работа | Континуирано | -советници<br>-општински и државни просветни инспектори<br>-социјални работници |
| 2. | Соработка со невладини организации | континуирано | -претставници од организациите<br>психолог<br>наставници |
| 3. | Учество во воспоставување соработка со локалната заедница и реализација на заеднички активности; | Континуирано | претставници од локалната заедница |
| 4. | Соработка со предучилишни установи, другите училишта (основни и средни) во општината и училиштата во другите општини, посебно во делот на професионалната ориентација на учениците. | Континуирано | претставници од училиштата<br>наставници<br>ученици |

## Осмо подрачје:

***Професионален развој***

| Ред. бр. | Активности | Време на реализација | Соработници |
|---|---|---|---|
| ***1.*** | Учество во размена на искуства со други педагози и психолози од  училишта од нашата и од други општини | континуирано | педагози<br>психолози |
| ***2.*** | Индивидуална работа на сопствено стручно усовршување преку стручна литература, посета на семинари и обуки организирани од БРО и МОН како и од други акредитираниздруженија | континуирано | претставници од МОН, БРО и други институции |
| ***3.*** | Изготвување на план за личен професионален развој | септември | Тим за професионален развој |

По потреба Годишната програма за работа на педагогот може да претрпи промени во согласност со актуелните тековни проблематики и информации од воспитно-образовната дејност.

**Реализатор:**

**Анита Илиевска-педагог**

# Годишна програма за работа на психологот во учебната 2025/26 година

- Годишната програма за работа на **п с и х о л о г о т** е изготвена врз основа на :
- Законот за основно образование и неговите измени и дополнувања;
- Закон за наставници и стручни соработници
- Правилник за основните професионални компетенции по подрачја на стручниот соработник во основните и средните училишта
- Индикатори за квалитетот на работата на училиштата
- Упатство за вреднување на исполнетоста на работните должности на наставниците и стручните соработници во основното и средното образование
- Статутот научилиштето
- Самоевалуацијата на училиштето
- Развојниот план на училиштето
- Годишниот извештај за работата на училиштето во учебната 2024/25 год.
- Годишната програма за работа на училиштето во учебната 2025/26 год.
- Условите, потребите и состојбите во кои работи училиштето

Програмата опфаќа активности од следните подрачја:

1. **Работа со ученици**
2. **Работа со наставници**
3. **Работа со родители**
4. **Соработка со заедницата**
5. **Професионален развој и професионална соработка**
6. **Аналитичко истражувачка работа**
7. **Учество во подобрување на училишната структура, организација на работата и училишната клима**

## 1. Работа со ученици

| 1.1. | **Поддршка на учениците во учењето** |
|---|---|
| 1 | Примена на психолошки мерни инструменти - примена на КТЗ тестот кај ученици од II одделение кои потешко напредуваат |
| 2 | Учество во испитување на математичките и јазичките способности кај учениците од III одделение. |
| 3 | Учество во идентификување на **ученици со потешкотии во учењето** (деца со ниска самодоверба, деца кои насилно се однесуваат или се жртви на насилно однесување, деца со емоционални потешкотии и слаба мотивација и ученици со несоодветно однесување)<br>• Следење на нивното напредување по завршување на секој класификационен период<br>• Проценка на когнитивните потенцијали на учениците<br>• Индивидуална советодавна работа со овие ученици и нивните родители<br>• Помош и поддршка на наставниците при планирање и реализација на активности на часовите во паралелките во кои се вклучени овие ученици |
| 4 | Организирање и реализирање на групна советодавна работа со учениците кои имаат три и повеќе слаби оценки, нередовно ја посетуваат наставата и несоодветно се однесуваат |
| 5 | Работилница со ученици од VI одд. на тема “Техники за успешно учење“<br>Работилница со ученици од IV и V одд. на тема “Мотивација за учење“<br>Работилница со ученици од I одд. на тема ,,Како да знам дека ми треба помош од училишниот психолог ? ,,<br>Работилница со ученици од II и III одд. на тема ,,Декларација за самопочитување,,<br>Работилница со ученици од VII одд. на темам,, Како да го намалам стравот од испрашување,,<br>Работилница со ученици од VIII одд. на тема ,, Како успешно, поуспешно и најуспешно да учам?,,-Стилови на учење |

| | |
|---|---|
| 6 | Работа со **ученици со посебни образовни потреби**<br>• Учество во идентификување на посебни образовни потреби<br>• Запознавање на наставниците со учениците со посебни образовни потреби и со видот на нивната попреченост<br>• Помош и поддршка на наставниците за примена на индивидуализиран и диференциран пристап во работата со овие ученици<br>• Следење на постигањата на учениците на крајот на класификационите периоди<br>• Советодавна работа со овие ученици и нивните родители<br>• Учество во работата на Иклузивниот тим во училиштето и во изготвувањето на индивидуален образовен план (ИОП).<br>• Учество во Тимот за асистивна технологија<br>• Соработка со Центарот за ментално здравје со цел подобрување на постигањата на учениците и нивниот социјален статус во паралелките |
| 7 | Работа **со надарени ученици**<br>• Откривање на учениците со поголеми можности за напредување<br>• Помош и поддршка на наставниците за индивидуален пристап во работата со надарените ученици на часовите и нивно вклучување во додатна настава и вонnаставни активности<br>• Проценка на когнитивните потенцијали на надарени ученици<br>• Советодавна работа со овие ученици и следење на нивните индивидуални постигања<br>• Консултативно советодавна работа со родителите на овие ученици<br>• Остварување на контакти со релевантни институции вон училиштето за прифаќање и вклучување на надарените ученици |
| 8 | **Следење на успехот и напредокот на учениците во наставните и вонnаставните активности**<br>• Следење на успехот, поведението и редовноста на учениците по паралелки, предмети, по пол и етничка припадност и изготвување на извештаи и анализи<br>• Помош и поддршка на наставниците во изготвување на планирањата и реализацијата на дополнителната и додатната настава<br>• Водење на евиденција за изречените педагошки мерки за учениците<br>• Помош и поддршка на наставниците во изготвување на програми за вонnаставните ученички активности<br>• Подршка на наставниците за унапредување на квалитетот на додатната настава ( редовност на учениците, постигања, евиденција на освоените места и награди од учество на општински, регионални и републички натпревари |
| 9 | Поддршка, следење и унапредување на работата на Ученичката заедница |

| | |
|---|---|
| **1.2.** | **Следење и поддршка на развојот на учениците** |
| 1 | Идентификување на причините за ниска самодоверба, самопочитување и организирање работилници за зголемување на самодовербата и самопочитувањето |
| 2 | Индивидуална и групна работа со ранливите групи ученици (ученици со проблеми во однесувањето, со ниска самодоверба, со емоционални проблеми и ученици кои насилно се однесуваат или се жртви на насилство) |
| 3 | Укажување стручна помош на учениците да се справат со кризни ситуации (пример: болест, смрт на близок, развод на родители, семејно насилство и насилство во училиште и сл.). |
| 4 | Организирање и реализирање работилници со ученици „Како да се справам во стресни ситуации“, “Комуникациски вештини“, “Разрешување конфликти“, „Ненасилна комуникација“ |
| 5 | Испитување на присатноста на стресните реакции кај учениците |
| 6 | Интервенирање при несоодветно однесување на учениците |
| 7 | Учество во работата на Тимот за меѓуетничка интеграција |
| **1.3.** | **Професионална и кариерна ориентација на учениците** |
| 1 | Задавање на анкета за професионалната информираност и интересите на учениците за изборот на занимање, односно средно училиште |
| 2 | Испитување на способностите на учениците со тестови за општи (Тифин) и специфични способности од батеријата ДАТ |
| 3 | Испитување на професионалните интереси на учениците со тест |
| 4 | Индивидуални и групни разговори со учениците за нивните намери и интереси за продолжување на образованието |
| 5 | Информирање учениците за можностите и перспективите на професиите |
| 6 | Информирање на учениците за мрежата на средни училишта, занимањата кои се изучуваат во рамките на истите и условите за запишување |
| 7 | Помош и организирање на презентации на струки и занимања од државните и приватни средни училишта од градот |
| 8 | Индивидуално и групно советување со ученици и родители за правилен избор на понатамошното образование |
| 9 | Евиденција од спроведени информирања, презентации и остварена соработка со надворешни институции и субјекти |

## 2. Работа со наставници

| | |
|---|---|
| **2.1** | **Поддршка на наставниците за планирање и реализирање на воспитно-образовниот процес и самоевалуацијата** |
| 1 | Консултации со наставниците за подобрување на квалитетот на планирањата на наставата- целите на наставниот час ,методи на работа и учење, оценување, организирање на работна дисциплина, , индивидуализација на работа со ученици (социјален ризик, девијантни однесувања, посебни образовни потреби) после обавениот увид во квалитетот на планирањата |
| 2 | Консултативни средби во врска со употреба на одредени интерактивни методи на работа и современи стратегии на учење |
| 3 | Консултативна работа за спроведување на интеграција, еко стандардите и меѓетничка интеграција |
| 4 | Поддршка при планирање и реализација на проекти, истражувања, нагледни часови, отворени часови, работилници, презентации, акциони истражувања |
| 5 | Информативни средби со наставниците за актуелни настани и иновации во наставата |
| 6 | Информирање на наставниците за целта, начинот и индикаторите за следење на нивната работа при реализирање на наставата |
| 7 | Поддршка на одделенските/класните раководители за планирање активности (избор на содржини и форми) и упатување за работа со ученичката заедница на паралелката |
| 8 | Консултации со наставниците по завршена евалуација од посета на часови и увид во дневни подготовки |
| 9 | Давање насоки за избор, изработка и подобрување на инструментите за оценување |
| **2.2.** | **Поддршка на наставниците за работа со учениците** |
| 1 | Информирање на наставниците за очекуваниот напредок кај ученици кои потешко напредуваат во наставата по задавање на КТЗ тестот |
| 2 | Дава насоки за неопходните модификации и адаптации во наставата за учениците со попреченост, со цел ученикот максимално да учествува и постигнува |
| 3 | Советодавна работа со наставниците за идентификација и поддршка на надарените ученици |
| 4 | Педагошко инструктивна работа со наставниците за подобрување на личниот, социјалниот и емоционалниот развој на учениците |

| **2.3.** | **Поддршка на наставниците за работа со родителите** |
|---|---|
| 1 | Реализира советодавна и консултативна работа со наставниците за усвојување соодветен пристап кон родителите заради превенција на тешкотии во социјализација кои се јавуваат во семејства со социјален ризик |
| 2 | Предлагање теми за родителски средби соодветни на возраста на учениците |
| 3 | Учество на родителски средби |

## 3. Работа со родители

| **3.1** | **Индивидуални и групни советувања и консултации со родителите** |
|---|---|
| 1 | Групно советување на родителите чии деца имаат три и повеќе слаби оценки, нередовно ја посетуваат наставата или несоодветно се однесуваат |
| 2 | Советодавна работа со родители чии деца манифестираат насилно однесување или се жртви на насилно однесување, имаат три и повеќе слаби оценки, нередовно ја посетуваат наставата или projавуваат некој облик на несоодветно однесување |
| 3 | Индивидуални консултации со родителите за поддршка на децата со ПОП, надарени деца и деца со емотивни проблеми |
| 4 | Групни консултации со родителите за поддршка на родителите – Мотивирање за учење |
| **3.2.** | **Едукација на родители** |
| 1 | Изготвување предавања за родителски средби за актуелни проблеми од социјалниот и емоционалниот развој на учениците<br><br>Теми за родителски средби:<br>,, Успешен родител успешно дете,,<br>,,Улогата на родителот при изборот на занимање<br>,,Училишен неуспех и како со него да се носиме? |
| 2 | Соработка со Советот на родители (излагања со стручни предавања, анализи или извештаи, организирање на работилници...)<br><br>Презентација пред Совет на родители на тема “Стилови на родителство-препораки за поуспешна комуникација меѓу родителите и децата“ |
| 3 | Организирање и реализирање работилница со родители |
| **3.3.** | **Вклучување на родителите во животот и работата на училиштето** |
| 1 | Анкетирање на родителите за избор на изборен предмет кои ќе ги изучуваат нивните деца |
| 2 | Вклучување на родители при професионалната ориентација на нивните деца |
| 3 | Отворен ден за родители со психологот |
| 4 | Учество во одржување отворени денови за родителите |

## 4. Соработка со заедницата

| 4.1. | **Соработка со локалната заедница** |
| --- | --- |
| 1 | Учество во планирање, реализирање и следење на активностите меѓу училиштето и заедницата (посети, реализација на воннаставни активности) |
| 2 | Презентирање и промовирање на работата на училиштето во заедницата |
| 3 | Соработка со локална заедница при справување на кризни ситуации (непогоди, епидемии, насилство, криминални појави и сл.) |
| **4.2.** | **Соработка со стручните институции и организации** |
| 1 | Соработка со МОН, ДПИ, БРО, Секторот за образование при Општина Крива Паланка |
| 2 | Соработка со основните и средните училишта од општината и градот а посебно со ООУ,, Свети Јоаким Крчовски,, СОУ „Ѓорче Петров“ Крива Паланка ООУ„Х.Т.Карпош“ Ранковце, ООУ „Симче Настовски“ Вратница |
| 3 | Соработка со институции од интерес на воспитно-образованата дејност - Библиотека,,Кочо Рацин,,Кр. Паланка, Градски музеј-Крива Паланка, |
| | Здравствен Дом-Крива Паланка , Завод за врботување , Црвен Крст-Крива Паланка и други. |
| 4 | Континуирана соработка со соодветни институции (Центар за социјални работи, МВР, Завод за ментално здравје, Здравствен дом Кр. Паланка и сл.) при превенција, решавање и надминување на проблеми со одредена група ученици , наставници, родители и ги зема предвид нивните препораки. |
| 5 | Соработка со здруженија на граѓани кои реализираат програми и проекти во училиштето (МЦГО, УСАИД ,, Чекор по чекор,, ОБСЕ и други НВО) |

## 5. Професионален развој и професионална соработка

| 5.1. | **Личен професионален развој** |
| --- | --- |
| 1 | Изготвување личен план за професионален развој |
| 2 | Следење на стручна литература и информации од значење за образованието и воспитувањето |

| | |
|---|---|
| 3 | Перманентно стручно усовршување преку посети на семинари, обуки советувања, трибини и конференции организирани од МОН, БРО и други институции и здруженија |
| 4 | Учество на интерни обуки и работилници во училиштето |
| **5.2.** | **Поддршка на професионалниот развој и соработката во училиштето** |
| 1 | Учествува во работата на тимот за професионален развој во училиштето |
| 2 | Дисеминација на стекнати знаења и вештини од посетувани обуки |
| 3 | Помош на стручните активи во подготовка и реализација на нагледни и отворени часови |
| 4 | Ги идентификува потребите за професионален развој на наставниците |
| 5 | Помош на наставниците да ги идентификуваат своите потреби и да изготват личен план за професионален развој |
| 6 | Одржување мини семинари на Стручни активи на тема :<br>• Заштита на менталното здравје;<br>• Видови насилство, препознавање и справување со насилство;<br>• Надминување на стресот кај учениците;<br>• „Работа со деца со ПОП“; |
| 7 | Водење документација за професионалниот развој на наставниците |

## 6. Аналитичко – истражувачка работа

| | |
|---|---|
| **6.1** | **Анализа и проценка на воспитно-образовната работа** |
| 1 | Изготвување на анализи и извештаи за успехот, поведението и редовноста на учениците по завршување на класификационите периоди- споредбени анализи за 3 години |
| 2 | Учество во изготвување на полугодишен и годишен извештај за работа на училиштето |
| 3 | Изготвување на извештај за сопствената работа |
| 4 | Учество во изготвување на извештаи по спроведени анкети за избор на изборни предмети и СУА |
| 5 | Анализа на резултатите од испитување на способностите и професионалните интереси на учениците од IXодд |

| | |
|---|---|
| 6 | Изготвување на анализа и извештај по спроведена анкета за професионалната информираност и ориентацијана учениците |
| 7 | Анализа од посети на часови за ученици со ПОП |
| 8 | Анализа на резултатите од<br>• Одржување отворени денови за родителите<br>• Следење на постигањата на учениците при премин од еден во друг циклус<br>• Споредба на успехот на учениците од деветто одд. и прва год. Во СОУ„Ѓорче Петров“ од првото полугодие<br>• Одржување на отворени часови и нагледни часови |
| 9 | Изготвување извештај за советување на родители и ученици |
| 10 | Презентирање на добиените информации на вработените, родителите, заедницата, стручните органи и тела, надлежните институции и давање предлози и сугестии за подобрување на праксата |
| **6.2** | **Истражување на воспитно-образовната работа** |
| 1 | Спроведување на акционо истражување ,,Појава на стресни реакции и нивна поврзаност со училишниот успех“ |
| 2 | Презентирање на извештајот од истражувањето пред стручните органи и телаи давање предлози и сугестии за подобрување на праксата |

## 7. Училишна структура, организација и клима

| **7.1** | **Училишна структура и организација (планирање, следење на воспитно-образовната работа, педагошка евиденција и документација, евалуација)** |
|---|---|
| 1 | Учество во изготвување на Годишна програма за работа на училиштето и брошура за родителите и учениците |
| 2 | Учество во изготвување на Самоевалуација на училиштето |
| 3 | Учество во изготвување на Програма за професионален развој на воспитно-образованиот кадар |
| 4 | Изготвување на Програма за професионална информација и ориентација на учениците |
| 5 | Изготвување на Програма за работа со надарените ученици |
| 6 | Учество во изготвувањето на Програмата и планот за поддршка на учениците со емоционални потешкотии и ученици со ПОП |

| | |
|---|---|
| 7 | Учество во изготвување на програмата и планот за превенција од насилното однесување во училиштето |
| 8 | Учество во рабоатата на стручни органи и тела во училиштето |
| 9 | Следење на наставни часови, анализа на сознанијата и давање предлог мерки релевантни за целото училиште |
| 10 | Учество во изготвување на евиденција на училишните обврзници во тековната година и известување на родителите за уписот и потребната документација |
| 11 | Упис на деца во прво одделение како член на комисија (опсервација на децата и разговор со родителите на децата за нивниот развој) Давање на мислење за деца кои се родени во јануари наредната година. |
| 12 | Учество во формирање на паралелки |
| 13 | Запишување на нови ученици и нивно распределување во паралелки |
| 14 | Водење евиденција за работата со учениците, наставниците и родителите |
| **7.2.** | **Училишна клима, безбедна средина и демократско учество** |
| 1 | Иницирање и реализирање активности за промоција на постигањата на вработените и учениците |
| 2 | Учество во тимот за превенција од насилно однесување |
| 3 | Интервенирање во разрешување на конфликтни ситуации |
| 4 | Учество во организирање хуманитарни акции за помош на ученици од социјално ранливи категории |
| 5 | Идентификува случаи на дискриминација и нерамноправност во училиштето и презема соодветна акција |
| 6 | Организирање и реализирање работилници со наставниците и учениците за родова еднаквост |
| 7 | Планирање и организирање активности за демократско учество на учениците во животот на училиштето. |
| 8 | Учество во организација и реализација на социјални активности во училиштето |
| 9 | Работа со ученичката заедница на ниво на училиштето |
| 10 | Советодавна помош на ученици во ситуации на закани или загрозување на нивното здравјето или безбедноста |

**Следење на педагошката евиденција и документација**

- Водење на сопствена лична евиденција и документација
- Водење на професионално досие на наставниците
- Водење евиденција за педагошки мерки на учениците
- Поддршка на наставниците при водење на педагошката евиденција и документација
- Следење на водењдето на педагошката евиденција и документација на наставниците

Освен планираните содржини и активности во Годишната програма за работа, психологот ќе се вклучи и во други активности ( разни проекти, истражувања, советувања)кои ќе произлезат во текот на учебната година и се од интерес за учениците и за училиштето.

**Психолог:**

**Снежана Јакимовска**

## ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА СПЕЦИЈАЛНИОТ ЕДУКАТОР И РЕХАБИЛИТАТОР ВО ООУ „ИЛИНДЕН“ КРИВА ПАЛАНКА

## ЗА УЧЕБНАТА 2025-2026 ГОДИНА

**Програмски подрачја за работа**

**1. Работа со ученици**

- Поддршка на учениците во учењето
- Следење и поддршка на развојот на учениците
- Професионална и кариерна ориентација на учениците
- Учествува и во реализација на дел од модифицираната програма за учениците со комплексни потреби за кои е во најдобар интерес да посетуваат дел од наставата во центарот за подршка, а согласно со препораките на стручното тело за проценка базирана на МКФ.

**2. Работа со наставници**

- Поддршка на наставниците за планирање и реализирање на воспитно-образовниот процес и самоевалуацијата
- Поддршка на наставниците за работа со учениците

**3. Работа со родители**

- Индивидуални и групни советувања со родителите
- Соработка со локалната заедница

**4. Соработка со заедницата**

- Соработка со локалната заедница

**5. Професионален развој и професионална соработка**

- Поддршка на професионалниот развој и соработката во училиштето

## 6. Аналитичко-истражувачка работа

- Истражување во воспитно-образовната работа
- Училишна структура, организација и клима
- Училишна структура и организација
- Училишна клима, безбедна средина и демократско учество

| Подрачје на активност | Содржини за работа | Реализатори и соработници | Време на реализација |
|---|---|---|---|
| **Изработка на план и програми** | Изработка на сопствена Годишна програма за работа | Специјален едукатор и рехабилитатор | август |
| | Учество во изработка на Годишната програма на училиштето | Стручна служба<br>Директор | август |
| | Изработка на сопствена Месечна програма за работа | Специјален едукатор и рехабилитатор | август |
| **Работа со ученици** | Прием на првачиња, формирање на паралелки, прифаќање и распоредување на учениците со ПОП по паралелки | Стручна служба<br>Директор<br>наставници<br>родители | август-септември<br>мај-јуни |
| | Дефектолошка дијагностика на учениците со ПОПсо цел да се направи проценка на индивидуалните можности и способности | Стручна служба<br>наставници<br>родители | септември-октомври |
| | Опсервација на часови во паралелките со цел детектирање на ученици со ПОП | наставници | септември-октомври |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Давање на соодветна поддршка и следење на напредокот на учениците со ПОП** | Помош на ученикот кој започнува да се вклучува во<br><br>редовното одделение за да се адаптира во средината | наставници,<br><br>Стручна служба | септември-октомври |
| | Подготовка на одделението за прифаќање на ученикот<br><br>кој треба да се вклучи | наставници,<br><br>Стручна служба | Септември-Октомври |
| | Поддршка во училницата на вклучениот ученик | наставници,<br><br>Стручна служба | Континуирано |
| | Водење досие за секој ученик | наставници,<br><br>Стручна служба | Континуирано |
| | Изработка на индивидуални образовни програми за<br><br>учениците со посебни образовни потреби (ПОП) | наставници,<br><br>Стручна служба | Август-Септември |
| | Користење на диференцијација и индивидуализација со цел да се обезбеди пристап до наставните содржини | наставници,<br><br>Стручна служба | Континуирано |
| | Користење на асистивна технологија со учениците со ПОП | наставници, стручна служба | континуирано |
| | Учествува и врши ревизии на ИОП | наставници,<br><br>Стручна служба | ноември-декември, мај-јуни |
| | Утврдува потреба од дополнителни сервиси за поддршка | Специјален едукатор и рехабилитатор стручна служба | Континуирано |
| | Учество во реализација на дел од модифицираната програма за ученици со | Специјален едукатор и рехабилитатор | По потреба |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | комплексни потреби по препорака на стручно тело за проценка, базирана на МКФ | | |
| **Професионална и кариерна ориентација на учениците** | Специјалниот едукатор и рехабилитатор врши индивидуално и групно советување со учениците со ПОП за права на избор за понатамошно образование | Специјален едукатор и рехабилитатор<br><br>Стручна служба | мај |
| | Следење, анализирање и евалуација нанапредувањето на учениците со ПОП | Специјален едукатор и рехабилитатор<br><br>Стручна служба | континуирано |
| | Соработка со соодветните високошколски институцииза професионална помош и консултација | Специјален едукатор и рехабилитатор<br><br>Стручна служба | континуирано |
| | Соработка со стручните служби во училиштето,<br><br>надлежните институции (МОН и БРО), меѓународни асоцијации и организации, невладиниот сектор, општината | Специјален едукатор и рехабилитатор<br><br>Стручна служба | континуирано |
| | Соработка со здравствени установи и институции во полето на раното откривање, дијагностиката и третманот на учениците со ПОП | Специјален едукатор и рехабилитатор<br><br>Стручна служба | континуирано |
| **Непосредна работа со учениците** | Реедукација на психомоторика | Специјален едукатор и рехабилитатор | По потреба |
| | Развој на социјални вештини и комуникација | Специјален едукатор и | По потреба |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | рехабилитатор | |
| | Вежби за надминување на дискалкулија, дислексија, дисграфија | Специјален едукатор и рехабилитатор | По потреба |
| **Советодавно-консултативна работа со наставници** | Инструктивно-советодавна работа со наставниците на учениците со ПОП | наставници | континуирано |
| | Давање насоки за неопходните модификации и адаптации во наставата | Специјален едукатор и рехабилитатор<br><br>наставници | континуирано |
| | Давање насоки за неопходните модификации и адаптации во наставата | Специјален едукатор и рехабилитатор<br><br>наставници | континуирано |
| | Давање насоки (групни или индивидуални консултации) за документирање на постигнувањата на учениците со ПОП | Специјален едукатор и рехабилитатор<br><br>наставници | континуирано |
| | Стручна помош на наставниците преку обуки за идентификување на учениците со ПОП и развивање стратегии за работа со нив | Специјален едукатор и рехабилитатор<br><br>наставници | По потреба |
| | Специфична методичка помош по одделни образовни дисциплини | наставници | континуирано |
| | Планирање стратегии за оценување на знаењето на учениците со ПОП | наставници,<br><br>Стручна служба | континуирано |
| **Работа со** | Соработка со родителите на учениците со посебни образовни потреби и им помага да ја разберат | родители<br><br>ученици | континуирано |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **родители** | состојбата на нивните деца и да им ја дадат потребната помош и поддршка | | |
| | Поттикнување и организирање присуството на родителите на учениците | родители<br>наставници<br>ученици | континуирано |
| | Редовно информирање на родителите за напредувањето на нивните деца | родители<br>наставници<br>ученици | континуирано |
| | Редовно информирање на родителите за напредувањето на нивните деца | родители<br>наставници<br>ученици | континуирано |
| | Ги информира родителите на децата со ПОП за нивните права, обврски и бенифиции кои можат да ги добијат и ги упатува до релевантни институции за помош | Специјален едукатор и рехабилитатор | континуирано |
| **Соработка со заедницата** | Ги поврзува карактеристиките на учениците со формите на практична настава | Специјален едукатор и рехабилитатор | По потреба |
| **Соработка со други институции** | Соработка со здравствени установи и институции во полето на раното откривање, дијагностиката и третманот на учениците со ПОП | Специјален едукатор и рехабилитатор | континуирано |
| | Соработка со стручните служби во училиштето, надлежните институции (МОН и БРО), меѓународни асоцијации и | Специјален едукатор и рехабилитатор | континуирано |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | организации, невладиниот сектор,општината | | |
| | Соработка со Сојуз на специјални едукатори и рехабилитатори | Специјален едукатор и рехабилитатор | континуирано |
| **Професионално усовршување на специјален едукатор и рехабилитатор** | Посета на обуки,конференции кои ќе бидат предвидени во текот на учебната 2025/2026 година | Специјален едукатор и рехабилитатор | По потреба |
| | Вршење на дисеминации на стручни активи на предметна и одделенска настава на различни теми кои се поврзани со учениците со посебни образовни потреби | Специјален едукатор и рехабилитатор | континуирано |
| **Аналитичко истражувачка работа** | Спроведува акциски истражувања за подобрување на наставата | Стручна служба | По потреба |
| **Училишна структура и организација** | Периодично ја следи изработката на евиденцијата и документацијата на учениците со ПОП | Специјален едукатор и рехабилитатор | континуирано |
| | Се грижи за соодветна вклученост на учениците со ПОП во активностите на ученичките заедници (Им помага на ученичките заедници да ги прифатат учениците со ПОП) | Специјален едукатор и рехабилитатор | континуирано |

*Програмата може да претрпи измени согласно потребите, можностите и условите за работа*

**Специјален едукатор и рехабилитатор**

**Ангела Крстевски**

# Годишна програма на стручен соработник-библиотекар во ООУ „Илинден" –Крива Паланка за учебната 2025/2026 година

Училишната библиотека во едно современо основно училиште има многу важна улога во воспитно-образовниот процес. Според своите општи задачи таа има нераскинлива врска со сите наставни предмети, таа е во служба на наставата и преставува неделива целина во процесот на образованието и воспитанието.

Библиотечниот фонд, освен учениците, го користат и вработените за свое професионално усовршување.

Таа го подобрува учењето и кај учениците, помагајќи им со дополнителна литература, но и кај наставниците консултирајќи ги со нови современи педагошки прирачници, кои ќе им помогнат во реализација на нивните часови, но и кај едните и кај другите таа има за задача да ги насочи и кон електронските извори на лектирни изданија, како и да прикаже аудио-визуелни екранизации на лектирните изданија.

Во составот на ООУ „Илинден", постои и успешно функционира училишната библиотека, чијашто воспитно-образовна и информативна улога е да им помага на учениците да се стекнат со дополнителни знаења по предметите кои ги изучуваат. Преку неа се остварува контакт меѓу наставата, наставниците и учениците. Огромна е улогата на воспитната компонента на библиотеката во подигнување на свеста на учениците за дружба со книжевните извори, мотивирање на учениците за изразување на своите чувства, размислувања и ставови преку ораторство и преку пишуваниот збор.

Работното време на учиилишната библиотека е од 07:30 до 15:30 часот. Работата на библиотеката се состои од издавање и примање на книги, список на членови, евиденција на прочитаното, евиденција на вратеното итн. Во библиотеката се зачленети **420** ученика кои добиваат членска картичка, а позајмувањето и враќањето на книгите ги забележувам во картончиња. Училиштето располага и со фонд на учебници, кои учениците бесплатно ги добиваат и ги враќаат по завршување на учебната година.

Библиотеката секоја година изработува годишен план за нејзино работење со кој настојува да се приближи до учениците, односно да стане подостапна до читателската публика.

Најголем дел од книгите се за потребите на наставата по македонски јазик и литература, но има и книги од областа на разни други наставни предмети: историја, географија, биологија, физика, спорт и спортски активности итн.

Училишната библиотека располага и со изданија на други јазици и тоа: српски, англиски, бугарски, романски и германски. Во текот на оваа учебна година библиотеката го збогати својот фонд на книги.

И денес, како и пред години стремежот за развој на училишната библиотека е ист: да се пробуди кај учениците интерес за читање, да се развива културата на читањето, да се гради естетски однос кон книгата.

| Програмска содржина | Време на реализација | Реализатори |
|---|---|---|
| Уредување на библиотеката за првиот училишен ден;<br>Распределба на учебниците од фондот за бесплатни учебници по ученик;<br>Собирање и сместување на старите учебници и водење грижа за нив;<br>Анкетирање на учениците за читаноста за време на летниот распуст;<br>Доставување на Програма за работа на училишната библиотека за учебната **2025/2026** година;<br>Организирање претплата на детскиот печат и списанија; | **септември** | библиотекар<br>комисија |
| Презентирање на библиотечниот фонд пред првачињата;<br>Зачленување нови членови во библиотека, со земање на број и средба со членовите за презентација на активностите на секцијата во текот на учебната година;<br>Соработка со наставниците и стручните соработници во планирањето за набавка и обнова на книжниот фонд;<br>Одбележување „Месец на книгата“ – спроведување на акцијата „Подари книга на училишната библиотека“<br>.Снимање литературни видео записи; | **октомври** | |

| | | |
|---|---|---|
| Изработка на нови картончиња за класификација на книжевниот фонд(лектирни изданија и друга литература). Нова книга за членови за учебната **2025/2026** година.<br><br>Обработка на новите книги - маркирање, сигнирање, инвентирање и каталогизирање<br><br>Соработка со НУ „Градска библиотека“ заедно со наставниците по македонски јазик<br><br>Подготвување и воведување на младите библиотекари во библиотечната работа<br><br>Секојдневно примање и издавање на книги на учениците од училишната библиотека;<br><br>Организирање на планско и системско обезбедување на книжниот фонд<br><br>Запознавање и прием на нови членови во библиотеката | **ноември** | **библиотекар** |

| | | |
|---|---|---|
| **по избор на учениците** | повторување на сите композиции кои се обработени во текот на годината во присуство на публика (завршен концерт) | да подготвува настап за завршен концерт по музичко образование | Јуни |

**Одговорен наставник: Мартин Бошковски**

# Годишна програма за работа на Детска организација 2025/2026 год.

| Реализирана програмска активност | Време на реализација | Реализатор | Методи и постапки за реализација | Исходи и ефекти |
|---|---|---|---|---|
| Прием на првачиња | септември | Одговорни наставници и ученици | Свечен прием на првачињата | Запознавање и прием на првачиња |
| Избор на раководства на детската организација и ученичкиот парламент | октомври | Одговорни наставници и ученици | Дискусија, тајно гласање | Правилен избор на членови на предлог на учениците |
| Детска недела | октомври | Сојузот за грижи и воспитување на децата и училиштето Одговорни наставници и ученици | Прием на првачињата во детската организација | Читање пораки за правата и должностите на децата |
| Одбележување на Светскиот ден на детето-запознавање со елементарните детски права | октомври | Одговорни наставници и ученици | Картички со испишани детски права | Доживување на детето како член на општествената заедница |
| Твориме како познатите | декември 2025 | Одговорни наставници и ученици | Ликовна изложба | Поттикнување креативност и запознавање со светски познати ликовни уметници и промовирање добри практики |
| Најдобар читач | декември | Одговорни наставници и ученици | | Поттик на љубов и желба за читање |
| Активности по повод Нова Година - лотарија | декември | Одговорни наставници ученици | Изработка на новогодишни украси | Размена на подароци со другарчињата |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Новогодишна честитка за сите деца | деке мв ри | Одговорни наставниц и ученици | Видео запис | Развивање емпатија и поттик за ширење позитивни пораки |
| Учество на литературен конкурс по повод Меѓународниот ден на мајчиниот јазик | февру ари | Одделенски наставници и ученици | Творење литературни творби | Развивање на креативност кај учениците |
| Одбележување на Светскиот ден за заштеда на електрична енергија | март | Еко тимот и учениците од IV(четврто)од д еление | Изработка на вибер- стикери со совети за заштеда на електрична енергија | Зголемување на свесноста за заштеда на електрична енергија и зачувување на планетата Земја |
| Учество на Априлијада | 1.4.2026 | Наставници и ученици | Изработка на креативни маски и видеа | Развивање на креативноста ка учениците |
| Велигденска работилница | април | Одделенски наставници и ученици | Изработка на велигденски украси | Развивање на креативноста и умешноста за работа со разни материјали и изработка на украсни предмети по повод празникот Велигден |
| Активности по повод Денот на пролетта и Денот на екологијата | април | Одделенски наставници и ученици | Декорирање на училиштето и училишниот двор; цртежи и изработка на кукли од рециклирачки материјал | Подигање на еко- свест кај учениците за значечњето на екологијата и природата за животот, за сите нас |
| Креативни работилници- проект ,,Откривање на креативноста кај децата | април | Одделенски наставници и ученици од I(прво) одделение | Ликовни творби, создавање на приказни | Развивање на креативноста кај учениците |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Активности по повод Ден на планетата Земја - 22 Април | април | Одделенски наставници и ученици | Изработка на цртежи и пораки | Развивање на креативноста кај учениците и поттик за ширење позитивни пораки за важноста на животната средина и планетата Земја |
| Активности по повод Патрон празникот на училиштето | мај | Одделенски наставници и ученици | изработка на ликовни творби и пишување поетски творби | Чествување на празникот и промовирање добри практики-Видео запис Развивање на креативноста |
| Активности по повод Денот на Европа 9 Мај | мај | Одделенски наставници и ученици | Изработка на цртежи,игри-меморија и сложувалка на ЕУ | Развивање на креативноста кај учениците и учење преку игра |
| Согледување на активностите. | јуни | Ученици од I(прво)до IX(деветто) одделение. | Дискусија на учениците | Тимската работа придонесува за подобрување на условите и правата на учениците во училиштето,Учениците беа задоволни од постигнатото. |

**Координатор: Наташа Цветковска Стојановска**

# ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА УЧЕНИЧКИ ПАРЛАМЕНТ НА ООУ„ИЛИНДЕН“ КРИВА ПАЛАНКА ЗА УЧЕБНАТА 2025/2026 година



Ученичкиот парламент го сочинуваат претседателите на заедниците на паралелките. Неговите задачи се:

-учество во застапување и промовирање на правата и интересите на учениците;

-промовира ученички активизам -дава подршка на ученици со ПОП ;

-учествува во подготовка на Годишната програма за работа;

-дава предлози за воннаставни активности;

-дава предлози за подобрување на ученичкиот стандард;

-учествува во евалуацијата на работата на училиштето;

-преку свои претстваници учествува во работата на Наставничкиот совет, Советот на родители;

-учествува во организирањето на хуманитарни активности, еколошки активности и општествено-корисна работа.

Ученичкиот парламент избира свој претеседател, негов заменик и секретар и работат според однапред изготвена програма.

Ученичкиот правобранител се грижи за заштита и унапредување на правата на учениците. Тој се избира од учениците од седмо до деветто одделение. Ученичкиот правобранител препознава прекршување на детските права и прибира поплаки од учениците и доставува приговори до директорот и училишниот одбор според пропишана процедура. Тој се избира со мандат по можност од 2 години. Правобранителот во училиштето работи според однапред изготвена програма.

ПРАВА НА УЧЕНИЦИТЕ ВО ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ

- Право на задолжително бесплатно образование
- Право на недискриминација (по пол,раса, боја на кожа, национално и етничко потекло, попреченост ,род, сексуална ориентација, родов идентитет, државјанство, социјално потекло, образование, верско уверување, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здавствена состојба, општествен статус)

- Право на ученичко организирање
- Право на еднаквост и правичност
- Право на инклузивно образование на учениците со ПОП
- Право на образование на деца со странско државјанство
- Право на образование на деца со надмината возрасна граница
- Право на образование во домашни услови за ученици на подолго домашно лекување
- Право на подршка во учењето за учениците со ПОП Право на дополнителна подршка на ученикот кој покажува послаби резултати
- Право на избор на додатна настава
- Право на учество во воннаставните активности Право на здравствена и социјална заштита
- Право на достапност и пристапност до училишната библиотека
- Право на запишување на ученикот во училиштето од реонот на кој припаѓа
- Право на почитување на достоинството на ученикот
- Ученикот има право и обврска да ја посетува наставата и да учествува во неа
- Право на ослободување од учество во одделни активности во наставата базирано на потврда од соодветна установа
- Право на оправдано изостанување од настава од 5 дена во текот на годината, или не подолго од 30 дена со дозвола од директорот
- Право на организиран или бесплатен превоз ако местото на живеење е оддалечено најмалку 2 километри од најблиското основно училиште
- Право на бесплате превоз за учениците со ПОП и за нивната придружба
- Право на жалба до Училишниот одбор
- Право на побрзо напредување во основното образование
- Право на приговор до Наставничкиот совет за утврдени годишни оценки
- Право на оценување на ученикот според член 138 и 139 од Законот за основно образование
- Право на полагање одделенски испит доколку ученикот од оправдани причини не е оценет
- Право на слободно изразување на мислењето без да се повредуваат правата на другите
- Право на заштита од насилство, злоупотреба или занемарување на ученикот.
-

Во ООУ „Илинден“ Крива Паланка, Ученичкиот парламент активно работи и неговите активности се од големо значење за воспитно-образовниот процес кај учениците. Ученичкиот парламент на училиштето ги опфаќа учениците од II-IX одделение. Активностите на УП се реализираат според годишниот план и програма која ја изготвуваат учениците во соработка со директорот, психологот и одговорните наставници. Некои од активностите на УП се реализираат во рамките на проектот за Меѓуетничка интеграција во образованието. Посебно внимание се посветува на потребата од и начинот на формирање на ученичките тела на ниво на паралелки, како и на формирањето и функционирањето на УП (користење на нацрт прирачникот за демократско учество на учениците во училиштето-МИО).

Состаноците на УП се одржуваат еднаш во месецот (по потреба и неколкупати) и на тие состаноци се разгледуваат прашања во врска со успехот и поведението научениците, прашања поврзани со културно-забавниот живот, есетскиот изглед и хигиенските навики во училиштето итн.

Помеѓу учениците, наставниците, директорката и стручните соработници постои голема соработка и комуникација, кои истовремено даваат и голема помош и поддршка на работата на Ученичкиот парламент.

Ученичкиот парламент на училиштето овозможува учениците да бидат активно вклучени во креирање на образовните политики на училиштето, да го искажат своето мислење и самостојно да ги решаваат проблемите поврзани со нивниот живот и работа во училиштето.

| **Содржини** | **Цели** | **Месец на реализација** | **Носители на активноста** |
|---|---|---|---|
| -Презентирање на Годишната програма на учениците<br>-Како се гради Училишниот парламент? (формирање и функционирање на УП | Дефинирање на улогата и одговорностите на УП | септември | Психолог<br>Педагог<br>Директор<br><br>Одговорни наставници на УП |
| -Зошто е потребно да се формираат ученички тела?<br><br>-Одделенска заедница: тела комуникација, избор | Поттикнување на учениците да се здружуваат во посебни ученички тела | септември | Одделенски раководител |
| Избор на раководство на УП(избор на членови во Претседателството на УП )<br><br>Демократска партиципација на учениците преку Ученичките тела (МИО) | Развивање на објективност и колективност<br>Подршка на демократското формирање и функционирање на Ученичките тела на ниво на паралелка и на ниво на училиште | септември | Одговорни наставници на УП<br>Психолог |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Одбележување на 8 и 11 Октомври | Создавање на чувство за организација и учество | октомври | Наставници и ученици |
| Рециклирање на пластика (еколошка едукација во образовниот систем) | Развивање на одговорност и изнаоѓање начини за Финансиско помагање на училиштето | ноември | Координатор на Проектот на еколошка едукација Ивица Петровски |
| Техники за успешно учење | Оспособување на учениците за самостојно учење | ноември | Психолог |
| Новогодишна магија во училиштето (украсување на училиштето) | Развивање на соработка и комуникација помеѓу учениците Развивање на креативноста кај учениците | декември | наставници, ученици |
| Новогодишен хепенинг | Поттикнување на Соработката помеѓу родителите и училиштето Финансиско помагање на училиштето | декември | наставници, ученици |
| Анализа на постигнатиот полугодишен успех<br><br>Запознавање со педагошките мерки | Откривање на причините за неуспех | јануари | Психолог |
| Кокичето- првото пролетно цвеќе | Развивање љубов кон пишаниот збор, Литературно изразување и креативност | февруари | наставници и ученици |
| Одбележување на Меѓународниот ден на мајката(изработка на честитки) | Истакнување на важноста и улогата на мајката во општеството<br><br>Искажување на љубовта и благодарноста кон мајката | март | наставници и ученици |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Денот на шегата<br>1 Април | Создавање на чувство за организација и учество | март | -наставници и ученици |
| Го посетив моето другарче и му подарив велигденско јајце<br>(МИО активност) | Почитување на верските разлики | април | наставници и ученици |
| 22 Април – Денот на планетата Земја<br><br>23 Април –Светски ден на книгата | Создавање свесност, одговорност и работни навики Развивање љубов кон книгата | април | -наставници и ученици |
| Подготовка за Патрониот празник на училиштето | Создавање на чувство за организација и учество | мај | - наставници и ученици |
| Спортски натпревари во рамките на училиштето<br><br>Меѓу училишни спортски натпревари (МИО – краткотрајна активност) | Развивање на љубов кон спортот, развивање на Натпреварувачкиот дух | мај | -Билјана Јовановска<br>-Оливер Златковски<br>-ученици |
| Извештај од работата на УП | Согледување на резултатите од работењето на УП | јуни | наставници и координатор на УП |

**Одговорен наставник: Билјана Јовановска**

# Годишна програма за работата Подмладокот на црвениот крст во учебната 2025/2026 година

| Содржини | Цели | Месец | Носители на активност |
|---|---|---|---|
| Избирање на Одделенски одбор од четири члена | Да се запознаат со правата и обврските на четирите члена | септември | Одговорен наставник на ПЦК |
| Снабдување на Одредени ученици со училишен прибор | Развивање на чувство за хуманост, солидарност | септември | Членови на ПЦК |
| Обележување на Неделата на ТБЦ | Учениците да стекнат хигенски и естетски вредности | септември | Членови на Црвениот крст |
| Акција за чистење и грижа за зеленилото во училишниот двор | Развивање на љубов кон природата | октомври | Раководител на ПЦК |
| Разговор со медицинско лице | Здобивање на знаења за одредена болест | октомври | медицинско лице |
| Месецот на борба против пушењето, алкохолот и наркоманијата | Зголемување на Здраствената култура | ноември | Членовите на општинскиот ЦК |
| Грижа за стари, осамени и изнемоштени лица | Сочувство кон старите и изнемоштени лица | ноември | Членови на ПЦК |
| Запознавање со СИДА-та | Зголемување на здравствената култура | декември | Членови на ЦК |
| Исхраната во зимскиот период (предавање со практични совети) | Водење постојана грижа за здравјето преку здрава исхрана | јануари | Членови на општинска организација на ЦК |
| Хигиената во ходниците, ВЦ (позитивни и негатативни забелешки) | Развивање на хигенски навики кај учениците | февруари | Одделенски Одбор |
| Недела на борба против ракот | Негување и подигнување на нивото на здраствената култура | март | Лекари, соработници со училиштето |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Ден на Крводарителството во Република Северна Македонија | Развивање на чувство за хуманост и солидарност | март | Членовина ПЦК |
| Учество ЕКО активности | Развивање на чувства за здрава и чиста средина | март | Одд. одбор Членови на ПЦК |
| Меѓународен ден на здравјето | Запознавање со позначајни активностина ЦК | април | Одд. одбор Членовина ПЦК |
| Анализа на работата на одделенските одбори | Анализа на постигањата | април | Членови на ПЦК |
| Одбележување на Светскиот ден на Црвениот крст - 8-Мај | Запознавање со позначајните манифестации на Црвениот крст | мај | Одд. Одбор Членови на Црвениот крст на Р.С.М. |
| Собирна акција | Развивање на толеранција и солидарност | мај | Одд. Одбор Членови на Црвениот крст. |
| Извештај за работата во претходната година и програма за работа во тековната година | Учениците да се запознаат со работата на подмладокот во минатата година и да се запознаат со програмата за работа во оваа година | јуни | Одговорен наставник на ПЦК |

**Одговорен наставник: Славица Ристовска**

**Специјален едукатор и рехабилитатор: Ангела Крстевски**

# Програма за реализација на екскурзии, излети и други вонучилишни активности на учениците во ООУ„Илинден“-Крива Паланка за учебната 2025/2026 година

Врз основа на член 42 од Законот за основно образование) како и врз основа Правилникот за начинот на изведување на екскурзиите, излетите и другите вонучилишни активности на учениците од основните училишта донесен од страна на Министерството за образование и наука бр.12-10853/1 од 4.8.2025 година и врз основа на Годишната програма за работа на ООУ „Илинден“ Крива Паланка за учебната 2025/26 година , стручниот тим за подготовка на Програмата за екскурзии на ООУ „Илинден“ Крива Паланка изготви **Програма за реализација на екскурзии, излети и други вонучилишни активности на учениците.**

Екскурзиите, излетите и другите вонучилишни активности на учениците се вонnаставни активности што се изведуваат надвор од училиштето со цел проширување и продлабочување на знаењата на учениците од одделни воспитно-образовни подрачја и наставни предмети, како и постигнување на други воспитни, образовни и рекреативни цели.

Целта на ученичките екскурзии, излетите и другите вонучилишни активности се остваруваат преку:

- истражување на објекти и појави во природата како и односите во општествениот живот;
- посети на локалитети и објекти од културно, историско и друго значење;
- развивање интерес за природата и градење на еколошки навики;
- запознавање со културата и начинот на живеење на луѓето во одделни краеви;
- градење чувство за припадност кон државата, еднаквост, толеранција и соживот;
- запознавање на учениците со културата на различните етнички заедници што живеат во нашата држава(преку изборот на културно-историски објекти шти ќе се посетуваат) за примена на меѓуетничка интеграција во образованието;
- развивање на позитивен однос кон националните, културните и естетските вредности на сопствениот народ и на граѓаните кои припаѓаат на другите народи кои живеат во државата;
- дружење, социјализација, колективна заштита и стекнување на искуство за осамостојување и грижа за себе и
- развивање интерес за спортски активности, рекреација и создавање навики за здраво општествено живеење.

Во текот на учебната година за учениците од I до IX ќе бидат организирани два еднодневни излети (есенски и пролетен) и наставно-научни и рекреативни екскурзии, еднодневна наставно-научна екскурзија за учениците од III одделение, настава во природа за учениците од V одделение, дводневна наставно-научна екскурзија за учениците од VI одделение и тродневна наставно-научна екскурзија со учениците од IX одделение.

## Табеларен приказ на планирани екскурзиии, излети и настава во природа

| Програмска содржина | Време | Место | Очекувани резултати |
|---|---|---|---|
| Еднодневен есенски излет | септември октомври I-IX одд | Св. Јоаким Осоговски | Да овозможи одмор и рекреација на децата |
| Еднодневна екскурзија | октомври мај III одд. | Битола | Развивање на другарство и социјализација на учениците; Учениците непосредно да се запознаат со видовите населби; Учениците непосредно да се запознаат со природните одлики на РС Македонија; |
| Дводневна екскурзија | октомври/ мај VI одд. | Источен дел на Република Северна Македонија | Продлабочување и проширување на знаењата, како и запознавање со природните убавини, стопански објекти и културно-историски споменици. Да овозможи одмор и рекреација, поттикнување на другарство, колективност |
| Тридневна екскурзија | септември/ октомври мај IX одд. | Западен дел на Република Северна Македонија | Продлабочување и проширување на знаењата, како и запознавање со природните убавини, стопански објекти и културно-историски споменици. Да овозможи одмор и рекреација, правилен развиток на ученикот, другарство, колективност |
| Еднодневен пролетен излет | мај I-IXодд. | По избор | Одмор и рекреација, правилен развиток и напредок на ученикот, еколошка свест |
| Настава во природа 3 дена | мај V одд. | Западен дел на Република Северна Македонија | Продлабочување и проширување на знаењата, одмор и рекреација, правилен развиток на ученикот, другаство и еколошка свест |

Во зависност од интересите на учениците, како и од временските услови, а во договор со родителите, учениците и наставниците можни се и промени во планот за изведување на екскурзиите.

# ПРОГРАМА ЗА ЕДНОДНЕВЕН ЕСЕНСКИ И ПРОЛЕТЕН ИЗЛЕТ

## за учениците од прво до деветто одделение

## за учебната 2025/2026 година

**ВРЕМЕ НА РЕАЛИЗАЦИЈА:** септември/октомври и мај

**МЕСТО НА ОДРЖУВАЊЕ:** Манастир „Св.Јоаким Осоговски“ - Крива Паланка, а учениците од подрачните училишта излетот го реализираат во блиската околина на училиштето

**НАСТАВНИ ТЕМИ:** Фудбал, одење по нерамен терен, нашето минато

**ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНИ ЦЕЛИ НА НАСТАВАТА**

- Развивање на правилно држење на телото;
- Рекреација и развивање на спортски дух;
- Развивање на другарство и социјализација на учениците;
- Запознавање со градби од нашето минато;
- Развивање интерес за спортски активности, рекреација и создавање навики за здраво живеење.

**Задачи:**

- Развивање интерес за природата, градење еколошки навики;
- Поттикнување и манифестирање позитивни емоции;
- Позитивен однос кон верските и културните вредности;
- Социјализација и колективна заштита;
- Развивање интерес за спортски активности, рекреација и создавање;
- Да се поттикнува и развива другарството, меѓусебно почитување, позитивен дух и подобри меѓусебни односи;
- Навики за здраво живеење;

**АКТИВНОСТИ:**

Тргнување од дворот на училиштето во 9 часот, пристигање, организирање на мини турнир во фудбал, разгледување на градби и други активности.

Враќање во училиште 13 часот

**НАЧИН НА РЕАЛИЗАЦИЈА:**

Местата кои треба да бидат посетени и активностите се избрани според интересот на учениците кои до избраната локација пристигнуваат со пешачење.

**ФИНАНСИРАЊЕ:**

Трошоците за излетот ги сносат родителите.

**ТЕХНИЧКА ОРГАНИЗАЦИЈА:** Активноста е планирана во вид на групна прошетка со пешачење до избраната локација.

**НАЧИН НА ВРЕДНУВАЊЕ И КОРИСТЕЊЕ НА РЕЗУЛТАТИТЕ:**

На локацијата која што ќе биде посетена, преку набљудување на активностите и однесувањето на учениците, преку разговор со истите и други форми (пишување есеи, писмени состави, извештаи, описи, изработка на плакати и сл.) ќе се добијат повратни информации.

**НОСИТЕЛИ НА АКТИВНОСТИТЕ:**

**Одделенските раководители и педагог: Анита Илиевска**




**ООУ „Илинден“** **Директор:**

**Крива Паланка** **Лорета Димитровска**

# Програма за реализација на еднодневна екскурзија за учениците од трето одделение од ООУ „Илинден“ Крива Паланка за учебната 2025/2026 година

Во согласност со Годишната програма за работа на ООУ ,,Илинден“ Крива Паланка за учебната 2025/2026 година предвидена е еднодневна ескурзија за учениците од III (трето) одделение до Битола.

1. **Воспитно-образовни цели:**

Екскурзијата има за цел преку посета и истражување на културно-историски и природни знаменитости во Република Северна Македонија да се прошират и стекнат нови знаења, вештини, ставови и компетенции преку непосредна комуникација и информирање за истите. На тој начин ќе придонесеме за градење на позитивни ставови за однесите во општественото живеење, градење на позитивни еколошки навики и чувство за припадност кон државата, толеранција, позитивен однос кон културните и естетските вредности на сопствениот народ, искуства за грижа за себе и создавање здрави животни навики.

Поврзаноста на националните стандарди се во корелација со наставните програми по предметите општество, природни науки, математика, мајчин јазик.

**Цели на еднодневната екскурзија**

Во согласност со воспитно-образовната работа на ООУ„Илинден“ Крива Паланка

- совладување и проширување на знаењата на учениците
- примена на вештини и ставови преку непосредно запознавање на појавите како и односите во природаната и општествена средина
- запознавање со културно-историските знаменитости
- развивање патриотски чувства и чувства на припадност кон својата земја
- потикнување развој на самостојност кај учениците, социјализација и колективна заштита
- почитување на традицијата и културното наследство на својата заедница и другите заедници во родниот крај
- стекнатите знаења во училница да се применат во конкретни ситуации на терен преку интерактивни активности
- реазвивање на еколошки навики
- поттикнување на позитивни чувства( успешност, самосвест, позитивен однос кон стекнување на знаења,трајност на стекнати знаења)
- едукација, другарувања, рекреација, спортски активности

**Воспитни цели:**

- почитување на културните традиции и културното наследство
- почитување на знаења и искуства на возрасните
- воспоставување, развивање и негување на пријателство
- почитување и љубов кон природата и нејзиното наследство

**Задачи:**

**Еднодневната екскурзија треба да обезбеди:**

- изучување и истражување на објекти и појави во природата како и односите во оптшествниот живот
- развивање интерес за природата и градање на еколошки навики
- запознавање со културата и начинот на живеење на луѓето во одделени караеви
- почитување и вреднување на националното културно наследство
- градење чувство на патриотизам, толеранција и соживот
- развивање позитивен однос кон: националните, културните и естетските вредности
- поттикнување и манифестирање на позитивните емоции
- социјализација, колективната заштита и стекнување на искуство за осамостојување и грижа за себе развивање интерес за спортски активности, рекреација и создавање навики за здраво живеење.

2. **Содржина и опис на активностите:**

Предвидените содржини се состојат од неколку посети на места и локалитети во градот Битола понудени во Правилникот за начинот и изведување на екскурзиите, излетите и другите вонучилишни активности на учениците од основните училишта со бр.12-10853/1 од 4.8.2025 година.

**Образовни:**

- ✓ утврдување на основните знаења за историските настани, појави, процеси и личности од родниот крај.
- ✓ запознавање, почитување, вреднување и заштита на културното наследство на својот народ .

1. **Посета на Хераклеа**
2. **Посета на Природно-научниот музеј во Битола и Национален парк „Пелистер“,**
3. **Историски музеј Битола и Спомен соба на Кемал Ататурк**

**Воспитни:**

- развивање љубов кон татковината и нејзините вредности;
- развивање љубов кон изучување на историјата;
- поттикнување и исполнување на позитивни и емоционални доживувања;
- социјализација и стекнување искуство за осамостојување и грижа за себе;
- градење чувство за патриотизам, толеранција и соживот;
- изучување и истражување на објекти и појави во природата како и односите во општественит живот;
- развивање интерес за природата и градење еколошки навики;
- запознавање со културата и начинот на живеење на луѓето од различни краеви од нашата држава;
- развивање позитивен однос кон националните, културните и естетските вредности ;
- поттикнување и манифестирање на позитивни емоции;
- социјализација, колективна заштита и стекнување на искуства за осамостојување и грижа за себе;

- Развивање на интерес за спортски активности, рекреација и создавање навики за здраво живеење;

3. **Раководител, наставници и ученици**

Раководител на екскурзијата ќе биде **Емилија Рангелова,** одделенски раководител, а одговорни наставници се: **Славица Ангеловска, Наташа Ц. Стојановска,** одделенски раководители на учениците од трето одделение при ООУ „Илинден“ Крива Паланка и подрачните училишта од с. Конопница **Јована Герасимовски** и с. Мождивњак **Лида Тричковска** (Учениците со ПОП кои имаат свој образоване асистент при учество во екскурзии ќе имат придружба од родител и образовен асистент)

4. **Времетраење**

Екскурзијата е еднодневна и ќе се реализира во втората половина од месец октомври 2025 година.

5. **Локации за посета и правец на патување**

- Планиран правец на патување е Крива Паланка – Битола.
  Тргнување од Крива Паланка – Куманово се вклучуваме на автопатот „Пријателство“ кон Велес – Градско – Росоман- Прилеп – Битола.
  Попатно ќе застанеме на кратка пауза со доручек кај мотелот во Росоман, по паузата продолжуваме кон Битола да ги посетиме предвидените локации според програмата.
- Посета на Хераклеа
- Посета на Природно-научниот музеј во Битола и Национален парк „Пелистер“
- Историски музеј Битола и Спомен соба на Кемал Ататурк

По завршување на посетите се враќаме назад кон Крива Паланка со попатно застанување со мала пауза.

6. **Техничка организиација**

Високо квалитетни, климатизирани, безбедни патнички автобуси, туристички водич и лекар

7. **Начин на финансирање**

Трошоците за учество во екскурзијата ги сносат родителите

8. **Програмата е изработена од стручниот тим**

**Лорета Димитровска** - директор
**Емилија Рангелова -** одделенски наставник и раководител на екскурзијата
**Славица Ангеловска -** одделенски наставник
**Наташа С. Стојановска--** одделенски наставник
**Јована Герасимовски** - одделенски наставник
**Лида Тричковска**-одделенски раководител

**ООУ „Илинден“** **Директор:**
**Крива Паланка** **Лорета Димитровска**

# Програма за реализација на дводневна екскурзија со учениците од VI (шесто) одделение во ООУ „Илинден“- Крива Паланка во учебната 2025/2026 година Источниот дел на Република Северна Македонија



Сите организациони, технички и стручни подготовки од Програмата и Планот за изведување на дводневна екскурзија со учениците од VI (шесто) одделение се усогласени според Правилникот за начинот на изведување на екскурзиите, излетите и другите вонучилишни активности на учениците од основните училишта. (бр. 12-10853/1 од 4.8.2025 година).

## ЦЕЛИ И ЗАДАЧИ НА ЕКСКУРЗИЈАТА

**Воспитно – образовни цели:**

- Да ги прошири знаењата кај учениците, со поврзување на ученото со виденото со што ќе ги дооформат своите знаења;
- Да ја поттикне и развие свеста за чување на историско-етнолошките споменици;
- Да ја развие љубовта кон природата;
- Да ја поттикне и развие свеста за зачувување на природата и природните богатства со кои изобилува нашата татковина;
- Преку непосредно набљудување да се запоанаат со индустриските и земјоделските капацитети;

***Посакувани цели:*** Учениците подетално да се запознааат со дијалектите на источниот регион;

**Задачи:**

- Развивање интерес за природата и градење еколошки навики;
- Поттикнување и манифестирање позитивни емоции;
- Социјализација и стекнување на искуство за осамостојувањеи грижа за себе;
- Развивање интерес за рекреација и создавање навики за здраво живеење;
- Развивање другарства, меѓусебно почитување, позитивен дух и подобри меѓусебни односи.

## СОДРЖИНИ И АКТИВНОСТИ

Посета на историски споменици (музеи, археолошки локалитети, природни езера, индустриски и земјоделски објекти).

## ВРЕМЕТРАЕЊЕ И ВРЕМЕ НА ИЗВЕДУВАЊЕ НА ЕКСКУРЗИЈАТА

Екскурзијата е дводневна (со едно ноќевање) и ќе се реализира во првата половина на месец октомври или мај од учебната **2025/2026** година.

## ЛОКАЦИИ ЗА ПОСЕТА И ПРАВЦИ НА ПАТУВАЊЕТО:

**Прв ден**

Тргнуваме од пред училиштето во раните утрински часови (07:00). Учениците ги запознаваме со активностите кои се планирани за време на екскурзијата.
Патуваме од Крива Паланка до Дојран со попатна посета на Пробиштип
Активност: Пробиштип – посета на манастир ,,Св.Гаврил Лесновски” с.Лесново
Ментор: **Ивица Петровски**
Активност: Посета на Музејот на восочни фигури - Штип
Ментор: **Оливер Златковски**
Активност: Струмица – разгледување на Смоларски водопади, манастир „Успение на Пресвета Богородица“-Елеуса, манастир „Св Леонтиј“-Водоча,
Ментор: **Билјана Ј. Николовска**

И на крајот од денот пристигнуваме во Струмица во доцните попладневни часови со цел таму сите заедно да се одмориме, релаксираме по што следи вечерата. По вечерата следува разгледување на градот.

**Втор ден**
По ројадокот заминуваме за Дојран.
**Активност**-Разгледување на езерото и неговите одлики.
Ментор: **Бранка Митовска**
**Активност** -Посета на Вардарски рид.
Ментор: **Тања Јовановска**
**Активност** -Неготино – панорамско разгледување на ТЕЦ Неготино
Ментор: **Ивица Петровски**
**Активност** -Кавадарци – посета на Соби, Фени и ХЕЦ Тиквеш
Ментор: **Оливер Златковски**
По посета на овие места одиме на ручек и по кратка пауза се упатуваме кон Крива Паланка.

Пристигнување во Крива Паланка околу 19 часот, полни со впечатоци и доживувања од реализираната екскурзија.

**НОСИТЕЛИ НА АКТИВНОСТИТЕ**

**Ивица Петровски -** одделенски раководител на VI-1 одд. (раководител на екскурзијата)
**Оливер Златковски -** одделенски раководител на VI-2 одд.
**Билјана Ј Николовска -** одделенски раководител на VI-3 одд.
**Бранка Митовска -** одделенски раководител на VI одд. од ПОУ с. Конопница
**Тања Јовановска -** одделенски раководител на VI одд. од ПОУ с. Мождивњак

**ФИНАНСИРАЊЕ**

Трошоците за изведување на екскурзијата ги сносат родителите на учениците.

**ТЕХНИЧКА ОРГАНИЗАЦИЈА**

Високо — квалитетни климатизирани, патнички автобуси, добри услови за сместување, туристички водич и лекар.

**НАЧИН НА ВРЕДНУВАЊЕ И КОРИСТЕЊЕ НА РЕЗУЛТАТИТЕ:**

На сите локации кои што ќе бидат посетени, преку набљудување на активностите и однесувањето на учениците, преку разговор со истите и други форми (пишување есеи, писмени состави, извештаи, описи, изработка на плакати и сл.) ќе се добијат повратни информации.

**Програмата е изработена од стручен тим:**

**Директор: Лорета Димитровска**

**Раководител на екскурзијата: Ивица Петровски**
**Наставник: Оливер Златковски**
**Наставник: Билјана Ј Николовска**
**Наставник: Бранка Митовска**
**Наставник: Тања Јовановска**

**ООУ „Илинден“** **Директор:**

**Крива Паланка** **Лорета Димитровска**

# Програма за реализација на тридневна екскурзија со учениците од IX (деветто) одделение во ООУ „Илинден“- Крива Паланка во учебната 2025/2026 година

## *Западен дел на Република Северна Македонија*

Сите организациони технички и стручни подготовки од Програмата и Планот за изведување на тридневна екскурзија со учениците од IX (деветто) одделение се усогласени според Правилникот за начинот на изведување на екскурзиите, излетите и другите вонучилишни активности на учениците од основните училишта. (бр. 12-10853/1 од 4.8.2025 година).

ЦЕЛИ И ЗАДАЧИ НА ЕКСКУРЗИЈАТА

**Воспитно-образовни цели**

- Да ги прошири знаењата кај учениците;
- Да го поврзат ученото со виденото со што ќе ги дооформат своите знаења;
- Да ја поттикне и развие свеста за чување на историско-етнолошките споменици;
- Да ја развие љубовта кон природата;
- Да ја поттикне и развие свеста за зачувување на природата и природните богатства со кои изобилува нашата татковина;

Преку непосредно набљудување да се запознаат со индустриските и земјоделските капацитети;

**Задачи:**

- Развивање интерес за природата и градење еколошки навики;
- Поттикнување и манифестирање позитивни емоции;
- Социјализација и стекнување на искуство за осамостојување и грижа за себе;
- Развивање интерес за рекреација и создавање навики за здраво живеење;
- Развивање другарства, меѓусебно почитување, позитивен дух и подобри меѓусебни односи.

**СОДРЖИНИ И АКТИВНОСТИ**

Посета на историски споменици, музеи, археолошки локалитети, природни езера, индустриски и земјоделски објекти.

**ВРЕМЕТРАЕЊЕ И ВРЕМЕ НА ИЗВЕДУВАЊЕ НА ЕКСКУРЗИЈАТА**

Екскурзијата е тридневна (две ноќевања) и ќе биде реализирана во првата половина на месец октомври или мај од учебната 2025/2026 година.

**ЛОКАЦИИ ЗА ПОСЕТА И ПРАВЦИ НА ПАТУВАЊЕТО:**

**Прв ден**

Тргнуваме од пред училиштето во раните утрински часови (07:00). Учениците ги запознаваме со активностите кои се планирани за време на екскурзијата.

Патуваме Крива Паланка до Охрид со попатна посета на Скопје
**Активности:** Посета на Скопје
**Содржина:** Музејски комплекс „Македонска Борба“ и „Меморијален центар на Холохаустот“
Ментор: **Снежана Златковска**

По краток одмор и сумирање на впечатоците продолжуваме кон манастирот Св. Јован Бигорски да го согледаме неговото значење.
Запознавање со духовното и културното наследство на македонскиот народ
Ментор: **Марија Смиљков**

Бидејќи се поминува низ многу убави и живописни предели учениците имаат можност да ги видат и другите убавини и богатства на Република Северна Македонија(шуми и реки).
Се упатуваме кон Вевчани во посета на Вевчанските извори, а потоа кон Струга во Природнонаучниот музеј.
**Активности**: Посета на Вевчанските извори и Природнонаучниот музеј .
Содржини: Водите од природното богатство на Република Северна Македонија.
Ментор: **Адријана Додевска**

И на крајот од денот пристигнуваме во Охрид, во доцните попладневни часови со цел таму сите заедно да се одмориме, релаксираме по што следи вечерата. По вечерата остануваме уште малку да се дружиме, забавуваме да си ги размениме впечатоците од првиот ден на нашата екскурзија.

**Втор ден:**

По појадокот заминуваме во посета на Лихнидос, Стари Град, Антички театар, Плаошник, а потоа црквата Св. Јован Богослов-Канео.
**Активности**: Лихнидос ,Стари Град, Антички театар, Плаошник, а потоа црквата Св. Јован Богослов-Канео
Содржина: Запознавање со археолошкиот комплекс и влијанието на христијанството во зачувување на македонскиот јазик и култура.
Ментор: **Тања Ѓоргиевска**
Враќање во хотелот на ручек
По ручекот се упатуваме кон Охрид –разгледување на градот
**Активности**: Разгледување на Охрид-град заштитен од УНЕСКО
Содржина: Посета на црква Св. Софија, Самоиловата тврдина, манастир Св. Наум Охридски
Ментор: **Даниел Спасовски**

Враќање во хотелот на вечера и по вечерата остануваме уште малку да се дружиме, забавуваме , да си ги размениме впечатоците од вториот ден на нашата екскурзија и преноќуваме.

**Трет ден**

Појадок во хотелот и тргнување кон Битола.
**Активности:** Посета на Битола и Хераклеја.
**Содржина:** Запознавање со историското минато на македонскиот народ
**Ментор: Снежана Златковска**
По Битола одиме во Крушево.

**Активности:** Посета на градот Крушево, посета на споменикот Македониум, посета на Спомен куќата на Тоше Проевски.

**Содржина:** Запознавање на учениците со архитектурата во Крушево, споменикот Македониум посветен на Крушевската република, запознавање со животот и делото на Тодор Проевски.

**Ментор: Тања Ѓоргиевска**

По посета на овие места одиме на ручек и по кратка пауза се упатуваме кон Крива Паланка.

Пристигнување во Крива Паланка околу 19 часот, полни со впечатоци и доживувања од реализираната екскурзија.

**НОСИТЕЛИ НА АКТИВНОСТИТЕ**

**Снежана Златковска** -одделенски раководител на IX-1 одделение и раководител на екскурзијата

**Марија Смиљков -** одделенски раководител на IX-2 одделение

**Адријана Додевска -** одделенски раководител на IX-3 одделение

**Тања Ѓоргиевска -** одделенски раководител на IX- одделение од ПОУ с. Конопница

**Даниел Спасовски -** одделенски раководител на IX-одделение од ПОУ с. Мождивњак

**ФИНАНСИРАЊЕ**

Целокупните трошоци за изведување на екскурзијата ги сносат родителите на учениците.

**ТЕХНИЧКА ОРГАНИЗАЦИЈА**

Високо – квалитетни климатизирани, обезбедени патнички автобуси, добри услови за сместување, туристички водич и лекар.

**НАЧИН НА ВРЕДНУВАЊЕ И КОРИСТЕЊЕ НА РЕЗУЛТАТИТЕ:**

На сите локации кои што ќе бидат посетени, преку набљудување на активностите и однесувањето на учениците, преку разговор со истите и други форми (пишување есеи, писмени состави, извештаи, описи, изработка на плакати и сл.) ќе се добијат повратни информации.

**Програмата е изработена од стручен тим:**

**Директор: Лорета Димитровска**
**Раководител на екскурзијата: Снежана Златковска**
**Наставник: Марија Смиљков**
**Наставник: Адријана Додевска**
**Наставник: Тања Ѓоргиевска**
**Наставник: Даниел Спасовски**

**ООУ „Илинден“** **Директор:**

**Крива Паланка** **Лорета Димитровска**

# Програма за реализација на настава во природа за учениците од V (петто) одделение учебна 2025/26 година ООУ „Илинден„ Крива Паланка

 

**ООУ" Илинден" – Крива Паланка**
**Место на престој:** Охрид
**Време на реализација:** април-мај 2026 година
**Учесници**: учениците од V(петто) одделение од ООУ ,,Илинден,,
**Релација:** Скопје - с.Вруток - Струга - Охрид
**Времетраењена екскурзијата**: три дена (две ноќевања)
**Место на тргнување:** училишниот двор
**Превоз и патување**: превозот на учениците ќе се врши со автобус

**ЦЕЛИ од предвидената екскурзија:**

- Да се запознаат учениците со природните убавини на западниот дел на Република Северна Македонија;
- Проширување и продлабочување на знаењата на учениците за културното наследство за словенскиот народ;
- Да се развие свеста за негување и чување на културното богатство;
- Поттикнување кон истражувачки активности;
- Примена на знаењата и искуствата во секојдневниот живот;
- Развивање на другарството меѓу учениците.

За оваа планирана екскурзија која е предвидена да се реализира во западниот дел на Република Северна Македонија, се предвидени следниве места кои попатно ќе се посетат и се наведени во следнава програма:

# План за изведување на настава во природа со учениците од V (петто) одделение во учебната 2025-2026 година

| ПРВ ДЕН | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Место на реализација** | **Активности** | **Време на реализација** |
| -Учениците да се запознаат со изворот на најголемата река во РСМ -реката Вардар;<br><br>- Воочување на силата на водата која извира од еден извор;<br><br>- Разгледување и уживање во овој предел од својата татковина кој е богат со многу шуми и природни убавини. | с.Вруток во гостиварската област од западниот дел на Република Северна Македонија | - Целосно разгледување на пределот околу изворот и објаснувања од страна на вработените кои го надгледуваатсекојдневно изворот;<br><br>- Самостојно творење поезија на тема ,,Силата и убавината на реката Вардар,,. | Утрото, во претпладне вните часови |
| - Организација при сместување и организирање на активностите<br><br>- Разгледување на старата чаршија во Охрид;<br><br>-Запознавање со старите занаети кои се дел од чаршијата;<br><br>- Воочување на архитектурата на куќите во овој дел од градот. | Охрид<br><br>Посета на чаршијата во Охрид | Пристигнување на дадена локација, организирирање на активностите и сместување на учениците.<br><br>- Водење конструктивен разговор со учениците;<br><br>- Илустрација на Охридската чаршија;<br><br>- Пишување кратки состави од ова разгледување и интересно поминат ден заедно со своите другарчиња.<br><br>Време за одмор и дружење. | Попладне<br><br>Вечер |

| ВТОР ДЕН | | | |
|---|---|---|---|
| Цели | Место на реализација | Активности | Време на реализација |
| - Запознавање на учениците со областа која неодамна е пронајдена и отворена како археолошко наоѓалиште и сведок на нашата богата историја и постоење;<br><br>- Откривање и проширување на новите знаења за оваа област;<br><br>- Разгледување на фреските и иконите во црквата Св.Наум. | Посета на ,,Заливот на коските,, и Св. Наум | - Читање на интересни текстови, преданија и легенди кои народот ги напишал како народни мудрости;<br><br>- Прошетка и разгледување на околината. | Претпладне |
| - Разгледување на стариот дел на градот Охрид каде припаѓаат многу манастири, амфитеатри и големата Самоилова тврдина;<br><br>-Воочување на гробниците на учителите на словенскиот народ;<br><br>- Вредноста од постоењето на сите локалитети во стариот град кои се сведоци многу илјадници години за нашето постоење<br><br>- Равивање на другарство | Посета на Канео, Плаошник,Самоиловата тврдина и Амфитеатарот | - Фотографирање на стариот дел од градот Охрид;<br><br>- Купување по некој сувенир;<br><br>- Посета на малата плажичка во областа Канео и мала разонода покрај брегот на Охридското Езеро.<br><br>- Забавни игри | Попладне<br><br>Вечер |

| ТРЕТ ДЕН | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Место на реализација** | **Активности** | **Време на реализација** |
| - Разгледување на изворот на реката Црни Дрим;<br><br>- Воочување како реката се влева во Охридското Езеро. | Посета на изворот на реката Црн Дрим во градот Струга | - Разговор со жителите на Струга;<br><br>- Прошетка по кејот на реката. | Претпладне |

| | | | |
|---|---|---|---|
| - Именување на старите занаети кои се уште постојат во Струшката чаршија;<br><br>- Анализа на сувенирите и рачните изработки на различни предмети.<br><br>-Завршни активности и враќање дома. | Разгледување на Струшката чаршија | - Прошетка;<br><br>- Разговор со занаетчиите;<br><br>- Купување на некој сувенир како спомен. | Пладне<br><br>Попладне |

ЗАБЕЛЕШКА: Доколку предвидената екскурзија нема да може да се изведе во месец септември — октомври, тогаш истата може да се реализира во месеците април-мај

**ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ:**

Учениците да се запознаат со убавините и историјата на својата татковина и истите да ги негуваат и почитуваат. Стекнатите знаења да ги продлабочат, утврдат, прошират и збогатат, како и да се здобијат со нови знаења и искуства. Да стекнат конкретна претстава за некои изучени поими. Кај учениците да се развива другарството, меѓусебното помагање и соработка.

**Техничка организација:**

Училиштето спроведува постапка со барање за прибирање на понуди за организирање на настава во природа, со објавување на јавен оглас во најмалку два весника. Постапката ја спроведува Комисија составена од пет члена и тоа три члена од редовите на членовите на Советот на родители и два члена од редот на наставниците.

Во организација и реализација ќе посредува избраната туристичка агенција со висококвалитетни, климатизирани, безбедни патнички автобуси, добри услови на сместување, туристички водач, лекар.

**Начин на финансирање :**

Екскурзијата ја финансираат родителите на учениците со плаќање на уплатница на жиро сметка на агенцијата.

**Програмата е изработена од стручен тим:**

**Директор: Лорета Димитровска-директор**
**Раководител на екскурзијата: Добри Јовевски**
**Наставник: Сузе Спасовска**
**Наставник: Маре Ангеловска**
**Наставник: Марјана Саклов**
**Наставник: Лида Тричковска**

**ООУ „Илинден“** **Директор:**

**Крива Паланка** **Лорета Димитровска**

# Програма за реализација на ученички натпревари

За учениците што покажуваат особен успех по одделни наставни предмети се организираат натпревари на општинско, регионално и државно ниво. Натпреварите ги организираат акредитирани здруженија на наставници**.**

Ученичките натпревари во себе содржат воспитна компонента. Натпреварите имаат цел да се развива натпреварувачкиот дух,да ги прошират и збогатат знаењата, да го развиваат и негуваат другарството,остварување контакти со учениците од други средини. Тие играат значајна улога во развојот на личноста на ученикот.

Нашето училиште учествува на:

- училишни натпревари;
- општински натпревари;
- регионални натпревари;
- државни натпревари;
- меѓународни ученички натпревари.

Училиштето во текот на учебната година определува кои училишни натпревари ќе ги организира, во кој период од учебната година и кои ученици може да учествуваат на натпреварот. Во оваа учебна година ќе се организираат училишни натпревари на знаења. Ќе се организираат и спортски натпревари. Најуспешните ученици од овие натпревари ќе земат учество на регионалните натпревари, а во зависност од постигнатите резултати ќе учествуваат и на државните натпревари. Учениците од училиштето преку ликовната, литературната, рецитаторската секција, хорот и оркестар ќе учествуваат на општински и државни културно уметнички натпревари организирани по разни поводи во општината и регионот.

| **Програма за реализација на ученички натпревари** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Цели | Содржини /активности | Реализатор | Време на реализација | Очекувани ефекти |
| Изготвување план и распоред | Планирање на училишни натпревари | Одговорни наставници | септември | Успешна реализација на училишните натпревари |
Училиштето преку тимот за намалување на насилното однесување на учениците, прави детектирање на видовите насилно однесување во училиштето, местата каде се случуваат и презема соодветни мерки за нивно сузбивање и намалување. Стручните соработници и наставниците остваруваат советодавна работа со учениците-жртви на насилно однесување и учениците кои манифестираат насилно однесување како и со нивните родители, со цел надминување на ваквите појави. Директорот на училиштето е должен да го пријави секој облик на насилство, злоупотреба или занемарување сторено врз ученик од страна на друг ученик, родител односно старател, наставник, стручен соработник или кое било друго лице кое е вработено во училиштето, до надлежните институции утврдени со закон. Училиштето остварува соработка со релевантни институции како што се: МВР, Центарот за социјална работа, Здравствени установи за безбедност преку одржување едукативни работилници за учениците. Воедно тимови од МВР за учениците од нижите одделенија вршат обука за однесување на учениците во сообраќајот, а за вишите одделенија вршат предавања за едуцирање на учениците за ненасилно решавање на конфликтите, заштита од алкохол и наркотици, како и заштита од пиротехнички материјали.

## Програма за превенција од насилно однесување во училиштето

Безбедноста и чувството на сигурност на децата во училиште се основа за нивниот развој и максимални образовни постигнувања. Наспроти тоа, насилството врз децата е еден од најсериозните проблеми кои ги загрозуваат основните права, нивниот развој, здравјето и добросостојбата кое може да го доведе во прашање детскиот живот. Затоа, намалувањето на насилството во училиштата е врвен приоритет и на нашето училиште ООУ „Илинден“, како дел од стандардите за повисоки постигнувања преку креирање на подобри услови за безбедно растење и развој на децата. Главната цел е да се подобри безбедноста на учениците во училиштата, да се намали степенот на насилно и асоцијално однесување на младите, преку подигање на свеста за намалување на насилството и вклучување во градење на безбедноста на сите ученици, нивните родители и наставниот кадар.

Проектот **„Безбедно училиште**“ започна да се реализира во учебната 2011/2012 година. Истиот ќе продолжи со реализација и во учебната 2025/2026 година, а за поуспешно реализирање на програмата, за намалување на насилството во училиштето, се формирани училишни тимови на две нивоа, и тоа:

Училиштен тим за безбедност (УТБ**)** кој се состои од: претставник од раководството на училиштето, претставници од наставници и стручни соработници, претставници од ученици и претставници од родители и тимови за безбедност во паралелка кој го сочинуваат 2 ученици, раководител на паралелката и еден родител. Но, секако, проектот ќе се реализира и во соработка со Локалниот совет за превенција на Општина Крива Паланка, претставници од МВР, Советот на родители, Заедници на ученици, наставниот кадар и стручната служба, а по потреба ќе се вклучат и други надворешни соработници.

**ЦЕЛИ:**

- Обезбедување на сигурност и доверба меѓу учениците;
- Да се зголеми другарството кое е основа за ненасилно однесување;
- Да се зголеми степенот на меѓусебно разбирање и толеранција меѓу учениците;
- Да се поттикнат учениците примерно да се однесуваат;
- Да се намали насилството преку социјалните мрежи;
- Да се запознаат, а воедно и заштитат учениците од злоупотреба на лични податоци;
- Да се намали вербалното насилство меѓу учениците;
- Да се оспособат за решавање на конфликтни ситуации;
- Да се применува фер плеј однесување на учениците во спортот;
- Создавање на клима на доверба помеѓу учениците, наставниот кадар и родителите;
- Информираност за препознавање на формите и причините за насилно и асоцијално однесување и отстранување на истите и подигање на свеста на наставниот кадар за поголемо внимание кон личноста на детето и евентуалните промени –симптоми;
- Зголемување на довербата на младите во локалната самоуправа, полицијата и другите државни институции и запознавање на нивнатаработа;
- Јакнење на свеста на учениците, родителите, наставниците за потребата од учество во создавањето на услови за ненасилна средина и активно вклучување на сите во градење на истата.

## Табеларен приказ на предвидените мерки (внатрешни и надворешни) на училиштето во рамките на својата работа за заштита од насилство

| 1.Подрачје на работа | Мерки во рамките на работата на училиштето (внатрешни мерки) | | | |
|---|---|---|---|---|
| **1.Внатрешни превентивни мерки** | **Цели на активноста** | **Активности** | **Одговорни лица и соработници** | **Време на реализација** |
| **1.1 Едукација на учениците** | -препознавање на насилството и формите во кои се појавува насилното однесување<br><br>-подигање на свеста кај учениците за важноста и последиците од меѓусебната комуникација<br><br>-развивање на осетливоста да се препознае насилно однесување<br><br>-развивање на одговорност и иницијатаива за превземање наактивности за спречување на насилство<br><br>-зајакнување на капацитетите за справување со насилно однесување<br><br>-градење на позитивна училишна клима на довеба и почитување | -вклучување на содржини за препознавање и реакција во ситуации на насилство на одделенските часови<br><br>-поврзување на постоечките содржини од предметите со тема насилство и превенција на насилство<br><br>-едукативни работилници со ученици за препознавање на насилство<br><br>-вклучување во проекти и на тема наслство на ученици и на наставници<br>-организирање на дебати, јавни настани за промовирање на превенција на насилно однесување | Одделенски раководител<br><br>Предметни наставници<br><br>Стручна служба<br><br>Ученици | Во текот на целата наставна година |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **1.2. Едукација на наставниците и стручната служба** | -развивање на сензитивноста на наставниците за препознавање на насилството<br>-детектирање на учениците кои имаат промени во однесувањетокако последица од насилство<br><br>-развивање на вештините на наставникот за комуникација и пристап кон учениците кои се потеницијални жртви на насилство<br><br>- поттикнување на иницијативност и вклученост на наставниците во обезбедување на позитивна училишна клима | -едукативни работилници за наставниците<br><br>-изработка и доработка на протоколот за справување со насилство и негова промоција кајучениците<br><br>појаснување на улогата на дежурниот наставник<br><br>-учество во проекти и иницијативи на тема превенција на насилство<br><br>-учество во обуки, семинари, конференции на тема насилсво и зајакнување на компетенциите на наставници | Директор<br><br>Стручна служба<br><br>Помошник директор<br><br>Наставници | Во текот на целата наставна година |
| **1.3.Идентификација на ученици вклучени во насилно однесување** | -идентификување на ученици со насилно однесување<br><br>-дефинирање на причините за појава на насилно однесување<br><br>-план на активности со кои би се поправило однесувањето на учениците<br><br>-истражување на искуствата и ставовите на сите субјекти во училиштето за проблематично и насилно однесување на учениците | -набљудување на однесувањето на учениците за време на часовите и одморот<br><br>-индивидуални разговори со наставниците<br><br>-индивидуални разговори со ученици<br><br>-индивидуални разговори со родителите<br>-спроведување на анкета за ученицит | Стручни соработници<br><br>Наставници<br><br>Ученици<br><br>Родители | во текот на учебната година |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | -следење на однесувањето на жртвата на насилство и помош во нејзината социјализација<br><br>-следење и помош на поединецот со насилно однесување и развојниот процес на корекција на однесувањето | -анализа на анкетата<br><br>-презентација на добиените податоци пред наставниците, учениците, родителите<br><br>-идентификација на ученици кои почесто го прекршуваат етичкиот кодекс и почесто предизвикуваат конфликтни ситуации<br><br>-изрекување на педагошки мерки | | |
| **1.4. Реализирање на тековни активности** | -развивање на флексибилност и култура на живеење на поединецот во училишната средина<br><br>-обединување на училишните вредности и правила | -дискусии за превенцијата и реагирањето против насилство на состаноците на стручните тела на училиштето (Одделенските совети, Наставнички совети)<br><br>-следење и перманентна работа со учениците со насилно однесување<br><br>-изработка/обновување на Кодекс на однесување на ученици, наставници, родители | Директор<br>Помошник директор<br>Стручни соработници<br>Наставници<br>Ученици | Континуирано во текот на учебната година |

| **2.Подрачје на работа** | **Мерки во рамките на соработка на училиштето со други институции (надворешни мерки)** | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Надворешна соработка** | **Цели на активноста** | **Активности** | **Одговорни лица и Соработници** | **Време на реализација** |
| **2.1.Соработка помеѓу училиштата** | -интензивирање на соработката меѓу училиштата на општинско ниво | -организирање работилници,трибин и, дебати и дискусии на тема насилство со учениците од сите училишта во градот<br><br>-почести средби и консултации и разменувања искуство меѓу стручните служби одосновните училишта<br><br>-средби, консултации и разменувања искуство меѓу директорите на основните училишта | Директори на училишта од општината<br><br>Стручни соработници Ученици Наставници | Континуирано во текот на учебната година |
| **2.2. Соработка со родители** | -подобрување на соработката на родителите со наставниците и стручните соработници<br><br>-зајакнување на учеството на родителите во активностите на училиштето<br><br>-согледување на сопстената улога во зајакнување на младите за реагирање на насилство | -едукација на родителите за спречување и реагирање на насилство<br><br>-вклучување на родителите во превентивните активности<br><br>-континуирани родителски средби<br>-состаноци на Советот на родители<br>- работа со родители на ученици чие однесување отстапува од примерното | Стручни соработници Наставници Родители | Континуирано во текот на учебната година |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **2.3. Соработка со полицијата** | -подобрување на соработката на училиштата со полицијата<br><br>-зголемување на безбедноста на училиштето иучениците<br><br>-градење на свест кај учениците за доверба и соработка сополицијата | -предавања, трибини од страна на полицијата во училиштата<br><br>-организација на средби на реонските полицајци и Советот на родители во училиштето | Раководен тим на училиштето Стручна служба Претставниц и на полицијата | Континуирано во текот на учебната година |
| **2.4. Соработка со локалната заедница** | -поврзување на училиштето со најблиската околина<br><br>-усогласување на потребите на училиштето и средината<br><br>-надминување на потеницијалните ризици по безбедноста на учениците | -состаноци во локалната заедница<br><br>-контакт и работни средби со блиските училишта и организации по потреба | Директор Помошник директор и Стручни соработници | Континуирано во текот на учебната година |

**Табеларен приказ на активности за оваа проблематика, време на реализација и кој ќе учествува во нивна имплементација**

| Цели | Планирани активности | Учесници и реализатори | Временска рамка | Очекувани ефекти |
|---|---|---|---|---|
| 1.Запознавање и вклучување на наставниците, учениците и родителите со програмата за ненасилство во училиштата и нејзините цели | Информирање на наставниците учениците и родителите за вклученоста на училиштето во проектот<br><br>Поделба на задолженијата | Одделенски и предметни наставници, директор, стручни соработници, ученици, родители<br>Училишен тим за безбедност и насилство | септември | Заинтересиран ост и доброволно вклучување во проектот |
| **2.** Формирање на одделенски тимови за безбедност во паралелка | -Избор на четири ученика од паралелка по пат на демократски спроведен избор и лично изјаснување на секој ученик | Раководители на паралелки и ученици<br>Училишен тим за безбедност и ненасилство | септември | Опфатеност ученици со лидерски способности |
| **3.**Создавање стратегија за надминување на состојбата со насилството во училиштето | -Детекција на насилство преку набљудување и добивање информации;<br><br>-Прекинување, намалување и запирање на насилство | Ученици, наставници, родители<br>Училишен тим за безбедност и насилство директор, стручна служба, претставници од МВР | септември - јуни | Секојдневно дежурство од страна на наставниците<br><br>Водење евиденција за насилни инциденти, материјални штети и истакнување на истите на информативн и табли |
| **4.** Да се запознаат учениците со ставот на училиштето во однос на насилството во | -Консултативни работилници, дебати, предавања, мултикултурни проекти од типот:<br><br>-Гледање филм | Ученици, наставници, родители<br>Училишен тим за безбедност и насилство директор, стручна служба, | септември -јуни | Добивање на реална слика за насилството во училиштето<br><br>Учениците да се вклучат во надминување |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| училиште преку превентивни активности | -Бура на идеи за спречување на насилството<br><br>-Ликовно творење и презентација<br><br>-Спортски натпревари<br><br>-Пишување пораки и пароли<br><br>-Водење на кампања против насилството: - изготвување на флаери,пораки, постери, пишување на стихови, играње на улоги, сценарија<br><br>- Подигнување на свеста за намалување на насилството преку: - правила за однесување на учениците и правила за однесување на наставниците | претставници од МВР | | на состојбата со насилството во училиштето |
| 5.Да се развива потребата за грижа кон учениците кои пројавуваат некаков вид насилно однесување | -Откривање на ученици кои пројавуваат насилно однесување<br><br>-Работилници со групи ученици на теми од типот: булинг, разрешување конфликт, безбедно на интернет и сл.<br><br>-Советодавно-консултативна комуникација со ученици и родители<br><br>-Соработка со други специјализирани институции | Ученици, одделенски раководители , наставници, родители<br><br>Стручна служба УТБ<br><br>МВР,Центар за социјални работи, Центар за ментално здравје | септември<br><br>јуни | Учениците со насилно однесување го прифаќаат начинот на соработка и помош<br><br>Намалување на бројот на случаи со насилно однесување<br><br>Посета и запознавање со работата на одредени специјализира ни институции |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 6.Согледувањ е на степенот на реализација на програмата | -Месечна анализа на состојбата во одделението<br><br>-Извештај од планирани и реализирани активности во програмата | УТБ | септември<br><br>јуни | Се́ што е предвидено во програмата во најголем дел да биде реализирано. |

**Напомена** :

Оваа програма може да претрпи промени во смисла на дополнување и проширување во текот на учебната година, зависно од идеите и потребите на учениците и наставниците.

**Изготвил,**
**Училишен тим за ненасилство**

# Програма за грижа за здравјето на учениците на ООУ„ИЛИНДЕН“ - Крива Паланка за учебната 2025/2026 год.

| Цели | Содржини и активности | Носител на активноста | Време на реализација | Очекувани ефекти |
|---|---|---|---|---|
| Креирање на политика за грижа за здравјето на учениците Формирање на училишен тим | -Формирање на училишен тим<br>-Изготвување на годишна програма за работа | Училиштен тим<br>Директор<br>психолог<br>педагог | септември<br>октомври | Успешна реализација на планираните активности |
| Грижа за безбедноста на учениците | Осигурување на учениците | Директор<br>секретар<br>наставници | октомври | Обезбедување финансиски надомест во случај на повреда |
| Одржување на хигиената во училиштето | Редовно одржување на хигиената на учлниците, ходници и училишен двор | Директор<br>технички персонал<br>хаусмајстор | Во текот на учебната година | Обезбедена здравствено хигиенска заштита за учениците |
| Градење правилни навики за здравствена заштита и здравствено образование | Учество во Училиштен клуб за здравјето во рамките на проектот на МОН „Училишта кои го унапредуваат здравјето“ | -Одд. наставници и раководители<br>-Предметни наставници<br>Претставници на<br>Институт за јавно здравје | Во текот на учебната година | Развиена свест кај учениците за потребата за заштита од заразни болести<br>Грижа за сопственото здравје<br>Формирани позитивни здравствено-хигиенски навики |
| Грижа за здравјето на учениците преку редовни лекарски прегледи | Систематски прегледи и редовна имунизација на учениците | Училиштето<br>Здравствениот дом | Согласно планот од Министерс твото за здравство | Континуирана грижа за здравјето и превенција од заразни болест |
| Градење на правилни навики за здравствена заштита и здравствено образование | Предавање на теми<br>Заразни болести и превенција од нив<br>Болести на зависност<br>Лична хигиена | надворешни стручни лица,<br>наставници,<br>стручни соработници | Во текот на учебната година | Самостојна грижа за своето здравје и превентивна заштита од заразни болести |

# ПРОГРАМА ЗА ЈАВНА И КУЛТУРНА ДЕЈНОСТ НА УЧИЛИШТЕТО

| Задача | Активност | Носител на активноста | Временска рамка | Цел на активноста |
|---|---|---|---|---|
| Организирање на свечена приредба за првачињата - новата генерација на ученици | Подготовка на сценарио и увежбување на музичко — ритмички точки; свечено уредување на холот | директор, наставници од одделенска настава | септември | Развој на позитивна училишна клима и срдечно добредојде за првачињата |
| Одбележување на 8 Септември- Ден на самостојноста на Р.Северна Македонија | Литературно и ликовно творење | директор, наставници, ученици и родители | септември | Развивање на патриотска свест и љубов кон татковината. |
| Одбележување на Денот на Учителот (5 октомври) | Творење литературни творби | наставници, ученици | октомври | Поттикнување почит и љубов кон професијата учител |
| Приредба по повод прием на првачиња во Детската организација | Свечена приредба во училишниот хол | ученици, наставници директор | октомври | Развивање на љубов, другарство и припадност во детската организација |
| Одбележување на 8 Октомври — ден на ослободување на Крива Паланка | Запознавање со историјата на градот и неговите позначајни знаменитости. Творење на песни и ликовни творби на тема „Мојот град” | ученици, одговорни наставници, одговорни лица од општината | октомври | Развој на чувство за почит кон личности од минатото и историјата на градот |
| Новогодишен базар | Работилница за рачни изработки | ученици, наставници и родители | декември | Развој на позитивно расположение по повод Нова година и собирање финансиски средства за потребите на училиштето |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Одбележување на Денот на пролетта и Денот на екологијата | Пишување текстови со еколошки содржини, уредување на училишниот двор, садење садници | Ученици и наставници | март | Развивање на свеста за еколошко и правилно однесување кон природата |
| Априлијада- Ден на смеата и шегата и изложба на маски | Маскенбал Организирање дефиле на маски во училиштето | Ученици, наставници родители | април | Развивање на шеговит дух, забава, кретивност и дружење |
| Велигденски хепенинг | Велигденски базар | Ученици и наставници | април | Развој на позитивно расположение по повод Велигден |
| Одбележување на Денот на сесловенските просветители - 24 Мај | Одбележување животот и делото на браќата Кирил и Методиј | Ученици | мај | Проширување на знаењата за словенските просветители и негување на патриотски чувства |
| Проектни активности од проектот “Меѓуетничка интеграција во образованието” | Различни активности на нашето и збратименото училиште | Ученици и наставници | мај | Меѓуетничко интегрирање, соработка и зацврстување на односите меѓу учениците и наставниците од различна етничка припадност |
| Заедничка свечена приредба по повод завршување на учебната година | Различни активности | Ученици, наставници и родители од одделенска и предметна настава | јуни | Развивање на радосно расположение и социјализација меѓу учениците |

## ПЛАН ЗА ЕСТЕТСКО И ФУНКЦИОНАЛНО УРЕДУВАЊЕ НА ПРОСТОРОТ ВО УЧИЛИШТЕТО

| Цел | Активност | Време на реализација | Носители/ одговорни | инструменти/ ресурси |
|---|---|---|---|---|
| Училниците да се постојано уредни, чисти и соодветно декорирани. | Уредување и одржувањена училниците | Во текот на целата учебнагодина | Одделенски раководители и ученици | Изработки од учениците, готови плакати, други наставни средства и помагала |
| Училишниот хол и ходниците да бидат соодветно уредени. | Уредување на училишниот хол и ходниците | Континуирано во текот на цела учебна година | Наставници и ученици | Изработки од учениците, дипломи, пофалници |
| Чист, уреден и функционален училиштендвор. | Уредување и одржувањена училишниот двор | Според планираните активности | Техничка служба, наставници, ученици, родители и вработени | Според планираните активности |
| Развивање на еколошкасвест кај вработените и учениците | Еко уредување на училишниот простор | Континуирано | Наставници и ученици | Еколошки материјали и човечки ресурси |

## План за реализација на активности

| Време на реализација | Активност | Реализатор |
| --- | --- | --- |
| Септември | • Уредување на училишниот хол по повод 1 Септември, првиот училишен ден<br>• Уредување на пано по повод 8 Септември, Ден на независноста на Р. С. Македонија | Тим на наставници за естетско и функционално уредување |
| Октомври | • Уредување на училишниот хол-есен<br>• Уредување на пано по повод Детска недела<br>• Изложба на ликовни и литературни творби по повод 11 Октомври, Ден на Востанието на Р. С. Македонија | |
| Ноември | • Уредување на училишен хол-зима | |
| Декември | • Уредување на пано по повод 8 Декември, Ден на Св.Климент Охридски<br>• Уредување на пано по повод Новогодишните и Божиќните празници | |
| Март | • Уредување на пано по повод 8 Март, Денот на жената<br>• Уредување на пано по повод Ден на пролетта и екологијата | Одделенски и предметни наставници пред својата училница/ кабинет |
| Април | • Уредување на училишниот хол по повод Велигденските празници<br>• Уредување на пано по повод 22 Април, Ден на планетата Земја Наставници | |
| Мај | • Уредување на пано по повод Денот на училиштштето и 24 Мај, Ден на словенските просветители „Св. Кирил и Методиј“ | |
| Јуни | • Уредување на училишниот хол со дипломи, пофалници и благодарници по повод постигнатите успесина учениците и наставниците во текот на учебната година | |

# ПРОГРАМА ЗА СОРАБОТКА СО ЛОКАЛНА СРЕДИНА И ЛОКАЛНА ЗАЕДНИЦА

| Задача | Активност | Носител на активноста | Временска рамка | Цел на активноста |
|---|---|---|---|---|
| Да се подобрат условите во училиштето | Постојана соработка со Градоначалник на општина Крива Паланка , соработка со установи претпријатија | Директор, Училишен одбор,стручна служба и наставници | Во текот на целата учебна година | Подобрување на условите во училиштето |
| Афирмација и промовирање на училиштето | Одбележување на Денот на училиштето | Директор, наставници, ученици и родители | мај | Афирмирано училиште и јакнење на соработката со локалната средина и бизнис секторот |
| Размена на знаења, искустваи вештини, да сеунапредува воспитно —– образовната дејност | Соработка со други основни училишта ворамки на Проектот за меѓуетничка интеграцијаво образованието | Директор, наставници, ученици | Во текот на целата учебна година | Разменети знаења, искуства и вештини, унапредена воспитно — образовна дејност |
| Продлабочувањена знаењата за локалната самоуправа, стекнување сознанија за начинот на решавање на јавните прашања и проблеми во општината | Едукација на учениците за функционирање на општината и нејзините структури (поврзани со Граѓанско образование и Општество) | Ученици, Наставници и вработени во општината | Се определува според потребите | Продлабочени знаења за локалната самоуправа, стекнати сознанија за начинот на решавање на јавните прашања и проблеми во општината |
| Да се развие еколошка свест, работни навики, чувство на солидарност и соработка кај учениците | Учество во акции од јавен интерес организирани од општината (еколошки, работни, хуманитарни) | ученици, одговорни наставници, одговорни лица од општината | Се определува според потребите | Развиена еколошка свест,работни навики,чувство на солидарност, соработка |
| Да се води грижа за безбедноста на учениците во сообраќајот и за времена престојот во училиштето | Соработка со полицијата на општина Крива Паланка | Претставник од полициската станица Крива Паланка | По договор во текот на учебната година | Грижа за безбедност на учениците во сообраќајот и за време на престојот во училиштето |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Состанок разгледување и презентира ње за постигањата на училиштето | Презентирање на постигнатите резултати на училиштето остварени во текот на наставната година | Директор, стручна служба, претставници од општината | август | Афирмирано училиште |
| Да се развие чувство за солидарност и хуманост кај учениците | Собирна акција или презентации, предавања на одредена тема | директор, наставници, ученици, претставници на Црвен Крст-Крива Паланка | Континуира но во текот на учебната година | Подобрувањ е на климата во училиштето, јакнење на соработката со Црвен Крст |
| Да се подобрува културното ниво и да се поттикнува креативноста кај учениците | Одбележувањена Денот на шегата-Први април | ученици од I (прво)до IX (деветто) одделение и одговорни наставници | април | Подобрувањ е на културно ниво и поттикнување на креативноста |
| Развивање на спортскиот дух кај учениците, соработка и дружењемеѓу нив | Учество на спортски манифестации | членови на спортските секции, одговорни наставници | Се определува според потребите | Развиен спортскиот духкај учениците, соработка и дружење |
| Одбележување на месец на книгата | Посета на градска библиотека; литературно читање | Одговорни наставници | октомври | Унапредена воспитно-образовна дејност,развива ње љубов кон читањето |
| Да се информираат учениците за работатана средните училиштазаради полесно професионално ориентирање | Посета на СОУ „Ѓорче Петров“-Крива Паланка | ученици, наставници, директор | мај | Информирање на учениците за работата на средните училишта заради полесно професионално ориентирање |
| Едуцирање на учениците за заштита и превенција од болести на забите и телото, како и за заштита од пороци | Соработка со Здравствен дом-Крива Паланка | стручни лица од амбуланта | Се определува според потребите | Едуцирани ученици за заштита и превенција од болести на забите и телото, како иза заштита од пороци |

# Програма за професионален и кариерен развој на воспитно-образованот кадар

## УНАПРЕДУВАЊЕ НА ПРОФЕСИОНАЛНИОТ РАЗВОЈ НА НАСТАВНИЦИТЕ

| Цели | Содржина | Реализатор | Време на Реализација | Ресурси | Очекувани резултати |
|---|---|---|---|---|---|
| Планирање на личниот и професионален развој | Изработка на личен план за професионален развој | наставници психолог Директор | август | -Основни професионални компетенции на наставници, стручни соработници и директорот<br>-Материјали од интерна обука | Изработени лични планови за професионален развој според индивидуалните потреби |
| Следење на сопствениот професионален развој и подготовка за кариерен развој | Изработка на професионално портфолио | наставници психолог директор | октомври ноември | -Материјали од интерна обука<br>-Стручна литература<br>Професионално досие<br>-Педагошки картон<br>Сертификати | Изработени професионални портфолија |
| Подготовки за кариерниот развој | Организирање и реализирање на интерни обуки и десиминации | психолог педагог директор<br>наставници | август — мај | -Водич за професионалени кариерен развој<br>-Стандарди<br>-Систем за кариерен развој во РСМ | Примена на стекнатите знаења во наставата<br>Поквалитетна настава |
| Подготовки за кариерниот развој<br>Работа на стручните активи | Надгледни часови<br>Презентации<br>Размена на добри пракси, материјали и литература | психолог директор тим за професионален развој | континуирано | - Стручна литература<br>- Сознанија од обуки<br>- Презентација<br>- Програми од стручни активи | Мотивирани наставници за подготовки за личен кариерен развој |
| Воочување и истакнување на ефектите од реализација на програмата за кариерен развој | Анализа на реализација на програмата за кариерен развој | психолог<br>Директор педагог | јуни | Извештај од реализација на програмата | Изготвување на програма за наредната учебна година |

## Програма за работа на Тимот за професионален развој на наставниците за учебната 2025/2026година

| Конкретна цел | Активности кои ќе следат | Временска рамка | Носител на активноста | Докази | Резултати/ исходи |
|---|---|---|---|---|---|
| Организирање на екстерни обуки за воспитно-образовниот кадар | Изготвување на листи на наставници за обуки<br>избор на обучувачи;<br>навремено известување на наставниците;<br>присутност на обуките;<br>избор на наставници кои ќе вршат интерни обуки и дисеминација; | Според изготвените акциони планови во текот на две учебни години | Тим за професионален развој | Списоци на обучувани наставници<br>Евалуациони листи за оцена на обуката од страна на наставниците<br>Извештај од спроведена обука<br>Сертификати/ потврди | напредување на потребните компетенции<br>примена на стекнатите знаења во процесот на настава<br>поквалитет на настава |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Организирање на интерни обуки и дисеминации за воспитно-образовниот кадар | формирање на тимовите за интерни обуки<br>одредување на временска рамка за изведување на обуката<br>подготвување на материјали за обука<br>реализирање на обуката<br>евалуација на обуката | Според планот на Тимот за професионален развој или по изведена екстерна обука | Тим за проф есионален развој | -Списоци на обучувани наставници<br>Евалуациони листи за оцена на обуката од страна на наставниците<br>-Извештај од спроведена обука<br>- Потврди за посетена обука | -Поголем опфат на обучени наставници<br>-зголемена соработка меѓу наставниците<br>примена на стекнатите знаења во процесот на настава<br>пофалитетна настава |
| Работа на стручните активи | Изготвување програма за работа на стручните активи<br>Реализација на активностите | Во текот на целата учебна година | Претседатели на стручни активи | Записници на стручните активи Прилози од реализирани активности | професионална соработка и пренесување на знаења и искуства |

## ПОТРЕБИ ОД ПРОФЕСИОНАЛЕН РАЗВОЈ НА КАДАРОТ И ПРИОРИТЕТИ

## 2025-2026 година

| **Приоритети за личен развој во училиштето** | **1**<br>**Реализација на настава** | **2**<br>**Социјална и образовна инклузија** | **3**<br>**Професионален развој и професионална соработка** | **4**<br>**Соработка со родители** | **5**<br>**Училишна клима** |
|---|---|---|---|---|---|
| **Потреби за личен развој на наставниците (од самоевалуација/ планови за личен професионален развој) поврзани со приоритетите на училиштето** | 1. Примена на различни алатки, ИКТ, апликации и интернет платформи како средства за изучување на наставните содржини<br><br>2. Следење и оценување на учениците | 1. Методи, техники,стратегии и активности за работа со ученици со посебни образовни потреби | 1. Користење електронска комуникација за професионална соработка | 1.Ефективна соработка со семејствата — примена на современи методи и едукација на родители | 1. Познавање и користење на соодветни стратегии за справување со кризни ситуации во училиштето<br><br>2. Демократско учество на учениците во училиштето |
| **Активности** | Дефинирање на претходни обуки<br>Изготвување на список на наставници кои би ја посетувале обуката<br>Упатување на обуки понудени од акредитирани провајдери<br>Предавања, работилници и различни форми на работа и вежби на ниво на стручни активи<br>Интерни обуки и дисеминации<br>Самоевалуација | | | | |
| **Ресурси** | **Човечки ресурси**<br>-Лица кои ќе реализираат обука<br>-Наставници<br>**Физички ресурси**<br>-Просторија<br>-ЛЦД проектор<br>-Плакатна хартија и табла<br>-фломастери<br>-работни материјали од обуките | | | | |

**Тим за професионален развој: Лорета Димитровска, Снежана Јакимовска, Емилија Рангелова, Оливер Ѓоргиевски, Дијана Илиевска**

# СЛЕДЕЊЕ, ВРЕДНУВАЊЕ И УНАПРЕДУВАЊЕ НА ВОСПИТНО - ОБРАЗОВНАТА РАБОТА ВО ООУ„ИЛИНДЕН“ КРИВА ПАЛАНКА

| Содржина | Цел | Реализатор | Време на реализација | Методи, постапки, ресурси | Очекувани резултати |
|---|---|---|---|---|---|
| Планирање, програмирање и подготовка на сите нивоа | Подобрување на квалитетот во работата и унапредување на воспитно образовна работа | Директор психолог педагог | континуирано | Следење на дневни, неделни и годишни планирања и реализација на планирањата | Успешно и навремено планирање за успешно изведување на работата во училиштето |
| Следење, проверување и оценување на успехот на учениците | Подобрување на успехот кај учениците | Одделенски и предметни Наставници и БРО преку Одговорен советник | континуирано | Усно испитување, писмени работи ,тестови, практична работа, тековни следења | Подобрен успех и повисоки резултати |
| Следење, проверување и оценување на успехот на наставниците | Зголемено користење на современи методи и техники во наставата | Директор психолог педагог | континуирано | Посета на наставни часови, примена на модел за следење на наставата | Успешно изведување на наставна дејност и користење на современи методи и техники |
| Перманентно стручно усо-вршу вање на раководниот и наставниот кадар | Подобрување на квалитетот на работата, користење на нови трендови | Стручни активи, Предавачи од акредитиран и институции, БРО и друго | континуирано | Состаноци на стручни активи, отворени и нагледни часови; посета на семинари и обуки | Постојано развивање на компетенциите на кадарот во училиштето |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Водење на педагошка евиденција и документација | Уредно водење на педагошка евиденција и документација | Директор психолог , педагог, одговорен советник од БРО и Просветен инспекторат | континуирано | Увид во педагошката евиденција и документација | Точно, навремено, прецизно внесување |
| Користење на информатичко комуникациска технлологија во настава | Зголемување на искористеноста на компјутерите во наставната и вонанаставната дејност | Директор психолог педагог | континуирано | Посета на наставни часови | Зголемена употреба на ИКТ на поголем број на часови |
| Реализација на Годишна програма | Подобрување на квалитет во работата и унапредување на воспитно образовната работа во училиштето | Училишен одбор, Совет на родители, Наставничк и совет, Локална самоуправа и одговорен советник при БРО | континуирано | Состаноци , анализа на извештаи, Програма за следење | Реализирана програма |
| Изработка на извештаи, анализи и информации | Подобрување на начинот на известување и обработување на постигањата на училиштето | Директор психолог педагог задолжени наставници | тримесечно, полугодишно и годишно | Евидентни листови, Неделни оперативни планирања, Анкетни листови | Подобар квалитет во работата и унапредувањ е на воспитно образовната работа |

# ПРОГРАМА ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА МЕНТАЛНОТО ЗДРАВЈЕ И ДОБРОСОСТОЈБАТА КАЈ УЧЕНИЦИТЕ

## за учебната 2025/2026 година

Во текот на оваа учебна 2025/26 година нашето училиште во делот унапредување на менталното здравје на учениците планира да реализира одредени активности кои ќе бидат насочени кон:

- Развивање на социо – емоционални вештини кај ученицте;
- Практикување холистички пристап за развој на здраво и позитивно опкружување во целокупната училишна средина, вклучувајќи соработка со родителите и заедницата;
- Преземање соодветни активности за учениците под зголемен ризик, зајакнување на нивните социо – емоционални вештини и намалување на ризикот од развој на ментални пореметувања или суициди.

Во планираните активности ќе бидат вклучени сите чинители на воспитно- образовниот процес и тоа преку активности за:

- подигање на свеста кај наставниците за важноста на грижата за сопственото менталното здравје, пр. (едукативни предавања, работилници за личен раст и развој, информативни флаери, постери, акции, настани и сл.);
- информирање на наставниците во однос на постоечките програми за превенција на менталното здравје и социо-емоционален развој на учениците од страна на стручната служба, пр. (Прирачници за Образование за животни вештини за учениците од прво до деветто одделение во основното образование и за учениците од прва до четврта година средно образование, програма ДИСО, програма за Личен развој - PEACOCK - Мир преку соработка, компетенции и знаења;
- развој на компетенции кај наставниците, директорите и другите вработени во училиштето за одржување на добро ментално здравје во училиштето;
- подигање на свеста на наставниците за важноста и улогата на менталното здравје кај учениците за подобрување на нивните академски постигања;
- промоција на менталното здравје со учениците - континуирано преку наставните програми со фокус на темите кои се од значење за развој на здрави животни навики преку користење на соодветни техники и иновативни пристапи на работа;
- ученици под зголемен ризик најмалку еднаш неделно реализирани од страна на наставници и стручни соработници;
- адаптација на учениците при премин од еден во друг образовен подсистем/период;
- подигање на свеста кај родителите за значењето на менталното здравје врз целокупната добросостојба на детето;
- вмрежување на наставниците и стручната служба на локално, национално и меѓународно ниво за размена на искуства, добри практики и зајакнување на стручните компентенции;
- воведување на дневни рутини кои обезбедуваат позитивна социо – емоционална клима во училиштето (правила на однесување во секоја училница, работилници за креирање на кодекс на однесување за вработени, ученици и родители, поставување позитивни пораки во училиштето);
- афирмација на училиштето преку споделување на примери од добри практики за унапредување на менталното здравје;
- соработка со родители - вклучување на родителите во животот и работата на училиштето, пр. организирање на заеднички акции и настани со родители,наставници и ученици и сл.
- Во реализација на планираните активности училиштето може да соработува со надворешни лица и институции експерти од областа.

Планираните активности за унапредување на менталното здравје во текот на годината може да претрпат измени врз основа на направената рефлексија и сознанијата добиени од евалуација на активностите.

Реализираните активности ќе бидат внесени во изработениот Акциски план.

## Програма за работа на Новинарскиот клуб при ООУ „Илинден“, Крива Паланка

Развој на медиумска писменост кај учениците, поттикнување креативност и критичко размислување преку новинарски активности, снимање подкасти, и промоција на училишните активности.

**Активности:**

**1. Вовед во новинарството и медиумите**

- Запознавање со основите на новинарството: видови текстови, новинарски етика и правила во новинарството.
- Обука за пишување и истражување на вести и интервјуа.
- Учење за медиумска писменост и препознавање на веродостојни информации.

**2. Креирање на содржини**

- Пишување на новинарски текстови: вести, репортажи, интервјуа и колумни.
- Планирање и снимање на подкасти: избор на теми, сценарио, техничка подготовка.
- Фотографирање и снимање кратки видеа за училишни активности.

**3. Техничка обука**

- Работа со аудио и видео опрема за снимање подкасти и кратки филмови.
- Основи на монтажа на аудио и видео материјали.
- Користење на дигитални алатки за уредување и објавување.

**4. Промоција и дистрибуција**

- Креирање на план за промоција на активности преку училишниот веб сајт, социјални медиуми и училишен билтен.
- Организирање на презентации и јавни настани за информирање на учениците и наставниците.
- Одржување и ажурирање на онлајн платформи (блог, фејсбук страница, YouTube канал).

**5. Следење и известување**

- Следење на актуелни училишни и локални настани за изработка на новинарски содржини.

- Подготовка на извештаи и рефлексии по одржани настани и проекти.
- Комуникација со други училишни клубови и медиуми за соработка.

**Организација на работата на клубот:**

- Клубот ќе се состанува еднаш неделно по 1-2 часа.
- **Распоред:**
    - Прва недела: Обука и планирање на активности
    - Втора и трета недела: Пишување и снимање
    - Четврта недела: Монтажа, промоција и дистрибуција
- **Распределба на задачи:** Учениците се распределуваат во тимови според интерес и способности ( тим за пишување, тим за техничка поддршка, тим за промоција).

**Конкретни проекти на новинарскиот клуб:**

- Снимање месечен подкаст со интервјуа од наставници и ученици.
- Изработка на училишен билтен или блог со новинарски текстови.
- Креирање видеорепортажи од училишни манифестации и спортски натпревари.
- Промоција на активности од клубот преку училишната веб страница и социјални медиуми.

**Активностите на клубот се под менторство на Македонскиот институт за медиуми со логистичка поддршка.**

**Изработиле:**

Добри Јовевски

Анета Трајковска

## Програма: Работилници за професионален развој на наставниците преку учење на англиски јазик со волонтерката од Мировен корпус

**Цели на програмата:**

- Подобрување на англискиот јазик кај наставниците за полесна комуникација и пристап до меѓународни образовни ресурси.
- Поттикнување на употреба на англиски јазик во наставата и секојдневната професионална комуникација.
- Унапредување на наставните вештини преку практични и интерактивни методи на учење.
- Поддршка за користење на дигитални алатки и ресурси на англиски јазик.

**Структура на работилниците:**

**1. Воведна сесија**

- Презентација на целите и програмата.
- Запознавање со волонтерката и методологијата на работа.
- Проценка на нивото на англиски кај учесниците.

**2. Основни јазични вештини и комуникација**

- Разговорна англиска комуникација за секојдневни професионални ситуации.
- Активности за подобрување на слушање, говорење, читање и пишување.
- Јазични игри и интерактивни вежби.

**3. Наставни техники и стратегии на англиски**

- Употреба на англиски јазик за планирање и водење на часови.
- Примена на интерактивни наставни методи (групна работа, дебати, проекти).
- Развој на наставни материјали на англиски.

**4. Дигитални алатки и ресурси**

- Обука за користење на онлајн платформи и ресурси за наставници.

- Креирање и споделување на дигитални материјали.
- Примена на технологија за поддршка на учењето на англиски.

**5. Културна размена и меѓународна соработка**

- Запознавање со културните особености на англиски говорните земји.
- Размена на искуства и добри практики.
- Поттикнување меѓународна соработка преку англискиот јазик.

**6. Практична примена и рефлексија**

- Организирање мини-часови или презентации од страна на наставниците.
- Добивање повратни информации и насоки од волонтерката.
- Зајакнување на самодовербата за користење англиски во наставата.

**Организација:**

- **Број на сесии:** 8–10 работилници месечно, по 1.5-2 часа.
- **Методологија:** Интерактивни вежби, групна работа, дискусии, практични задачи.
- **Материјали:** Прирачници, дигитални ресурси, видео материјали.
- **Поддршка:** Волонтерката од Мировен корпус и стручни лица од училиштето.

**Изработил:**
**Драгана Трojановска**